Д-р Ристо Ивановски

ВИСТИНСКА ТРОЈА НЕМАЛО

Битола, Р.Македонија
2017 година

Д-р Ристо Ивановски, ВИСТИНСКА ТРОЈА НЕМАЛО

ИВАНОВСКИ, Ристо
Вистинска Троја немало / Ристо Ивановски.
- Битола : Ивановски Р., 2017. - 96 стр; 29 см.

а) Истражување за таканаречена Троја

ВОВЕД

Собирајќи историски извори се убедив дека постоел Македонски Полуостров, кој со Џојне во 1808 година започнало да се потиска македонското, а тој го внел балкански до Балкански Полуостров. Во разговорот со Александар Донски во битолски неделник „Его“ беше прашан, дали може да се нарече Македонски Полуостров. Тој без двоумење истакна, со нас ќе се смееле. Јас се вклучив во расправата и од него бев навреден, сум бил сточар за тоа да се бавам. Токму само со тоа сточарство го објаснувам потеклото на белата раса, преселбите на расите...и дека никогаш немало посебни словенски народи. Македонците биле наследници од овие простори, нивниот јазик бил пелазгиски, кој бил јазик на Хомер и Платон, а тн.старогрчки (коине) бил само Александрински Птоломејов јазик, само од 300-та година пред н.е. Иако ваква е состојбата, Александар понатаму пиши, Македонците не биле Грци, Грците говореле јазик неразбирлив за Македонците (коине), снима филм...

Јас прв во светот напишав книга во која се наведува, за „Илијада“ биле користени делови од три простори: со магаре и шафран од Египет со Месопотамија, говедо и коњ од Бригија меѓу Црна Река и Шемница- на Исток море (езеро) Пелагонско и запад висока планина Баба со Пелистер- и Островите во Јадранот. Книгата ја добија М.Китан Ивановска и Љубен Стојаноски. Тие мојот означен простор само го поместија, без да наведат било какви докази туку само јазични. Следи Љубен Стојаноски во литература да ја наведи само Ангелина Маркус со Алкомена и Маргарита Китан Ивановска Букварот, без да биде наведена мојата книга „Хомерова Троја на домородци-тн.Словени“ (2005). Повод бил само текстот од Алкомена, која немала било каква врска со било каква Троја- само фалсификат на Редакцискиот одбор на Пизистрат, кој зел дури делови од Гилгамешовиот еп- место бокал зел коњ...

Со Љубен Стојаноски водевме ФБ- расправа, а тој како претходникот ме навреди како сточар, без тој да се потсети дека тој завршил Средно техничко училиште во Битола, каде не се изучува ништо за Илијада- на македонски јазик само ја спомнале. Се она што тој наведе за „Илијада“ било дело на неговата желба тој да научи нешто за делото. Од каде тој тоа го научил се гледа од изворите, за кои тој не наведува во предговорот: „Почетната идеја за да почнам со пишување на оваа книга беше само да ги споделам сознанијата што ме заинтригрираа и заинтересираа кога на часот по македонски јазик професорката во техничкото училиште ЕМУЦ ‘Ѓуро Салај’ ни постави за задача да ја обработиме ‘Илијада’ на Хомер. По обработката бев изненаден за идентичноста на местоположбата на Троја со теренот по кој газев како дете, а притоа воопшто да не сум свесен врз чии коски и крв газам“.

Исто како Александар Донски и за Љубен Стојаноски коине бил јазикот на кого говорел Александар Македонски-на ФБ страници изнесува зборови на коине...

Како што на Александар Донски една негова книга ја пренесов тој што пиши, зашто ми се лути, еве и овде изнесувам делови од книгата на Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија (2014), што се заснова на „Каменот од Алкомена, која сакав само да ја вметнам како доказ дека тука е Алкомена, градот што го изградил Филип Втори. Меѓутоа, кога го барав зборот Алкомена, се изненадив кога открив исклучително значаен доказ дека тоа е Троја...“.

Авторот на стр. 204 пиши: „Бидејќи не е испишана годината кога е напишан текстот на Каменот од Алкомена, тврдам...кралот Филип II“. Па без никаков доказ.

ПРЕДГОВОР

„Почетната идеја за да почнам со пишување на оваа книга беше само да ги споделам сознанијата што ме заинтригрираа и заинтересираа кога на часот по македонски јазик професорката во техничкото училиште ЕМУЦ ‘Ѓуро Салај’ ни постави за задача да ја обработиме ‘Илијада’ на Хомер. По обработката бев изненаден за идентичноста на местоположбата на Троја со теренот по кој газев како дете, а притоа воопшто да не сум свесен врз чии коски и крв газам. Сите овие години ги убедував моите пријатели дека токму тука била Троја и Тројанската војна, им кажував дека Данајците во клисурата Кебрен го влечеле лаѓите, каде што стоеле Тројанците, дека Андромаха е родена под Плакенска Планина, дека оној поток е Симоент, оваа река е Скамандер..., ова е Троја. Но, дополнителен мотив и водилка за да се зафатам со оваа работа се тврдењата на повеќе учени луѓе дека е извршена редакција врз ‘Илијада’ од политички причини. И, еве, конечно се одлучив сите мои сознанија да ги ставам на хартија, почнав да пишувам. Но за да има повеќе докази, уште еднаш зедов да ја обработувам ‘Илијада’, по што почнаа да се множат нови и нови докази дека оваа е вистинска Троја. Потоа ја зедов сликата од Каменот од Алкомена, која сакав само да ја вметнам како доказ дека тука е Алкомена, градот што го изградил Филип Втори. Меѓутоа, кога го барав зборот Алкомена, се изненадив кога открив исклучително значаен доказ дека тоа е Троја. Тоа ме доведе до љубопитност да разберам сè што пишува на тој камен. Кога открив која е пораката што е запишана на тој камен, сфатив што сум открил. Поради тоа ја анализирав и ‘Одисеја’, со што самиот себеси се убедив дека сум на вистинскиот пат да докажам дека локацијата на Троја е во Македонија. За тоа им должам голема благодарност на сите пријатели кои ме подржуваа, Александар Ѓорѓиев, Владо Крстевски, кој ги обработи сите фотографии, Ангелина Маркус, која ја сочувала фотографијата од каменот од Алкомена, но и на многу други луѓе кои дадоа придонес на свој начин.

Должност ми е да го потсетам читателот дека со ова дело дефинитивно се разнишани темелите на досегашната античка историја за Троја, Македонија и Хелада. Историчарите, кои ја сакаат вистината, имаат нови докази што ќе им помогнат во нивната понатамошна истражувачка работа.

Со оваа книга, покрај ‘Илијада’ и ‘Одисеја’, препорачувам да се прочита и обемниот истражувачки труд на д-р Шлиман и неговата книга ‘ILIOS’ The City and country of the Trojans, By Dr. Henry Schlimann with a preface, appendices, and notes, New York, Harper & brothers, Franklin square, 1881, како и Homerova slepa publika, Roberto Salinas, Prajs, Rad, Tanjug, Beograd, 1985“

Битола, Македонија, 2014 г. Љубен Стојаноски“.

Многу автори ја истражувале местололожбата на Троја и никој не ја нашол.

Ристо Ивановски пиши само за тн.Троја-Македонија,[1] меѓу Шемница и Црна, во битолско, а поврзано со Црна Река која како брзотечна река влечела коњи итн.

1. ИЛИАИНА-ТРОЈА

1.1. Троја е во Македонија

„Троја или градот Илиј се наоѓа во Македонија !

[1] Ристо Ивановски, „Хомерова Троја на домородци-тн.Словени“, сопствено издание, Битола, 2005.

Од многу учени луѓе има сомнежи дека е извршена редакција врз ‘Илијада’. Во прилог ќе понудам само еден цитат од д-р Шлиман од неговата книга ‘Илиос’.

‘Ил-.II. 558(на англиски јазик-овде ќе бидат само на македонски јазик,[2] Р.И.)

Во преводот се потврдува дека Ајакс ги наместил своите бродови кај атинските фаланги. Се смета дека оваа верзија била уште во антички времиња редактирана од Солон или Писистрат на политичко поле“.

Видлива врска со Пизистрат, чиј Редакцијски одбор ја „склепал“ „Илијада“.

„Очигледно дека не кажува кои се политичките причини, но сепак, е доволно јасно дека во тоа време не постоела Атина, ниту пак имало обучена армија за да биде организирана во фаланги“.

„Илијада“ следела во време по создавање на Атина- за време на Пизистрат.

„Дека Троја е во Македонија пишува Стефан Византиски во ‘Историја на кавказките Албанци’.

‘Илиј е во соседство на Пелопонез, западно од Македонија во земјата Европа...“.

Само во Европа (Бригија)- Бригија во Македонија ја приклучил Филип II.

„Исто така и Тукидид во ‘Historia I’ пишува:

‘На основ на археолошките факти се докажува дека Тројанците во вториот милениум живееле во делови од северна Грција и Јужна Тракија и дека Троја имала хегемонија над северниот дел на егејската област’[3] “.

Наводов го оспорува наведеното на претходниот автор во Европа (Бригија).

„Легендата или приказната почнува вака:

Дардан... најбогат од сите луѓе смртни стана. Кобили илјади три на ливади пасеа негови, поносни на ждребињата свои што весело трчаат и сакокаат...

...имал син Ерихтониј...

Ерихтониј и изградил храм на Атена на Каликолона. (...)

Храмовите на Атена секогаш биле поврзани со вода, така што оваа локација е соодветна, бидејќи овој храм бил изграден во непосредна близина на морето.

Ерихтониј имал син Троj, а Троj имал син Ил...

Троj на Каликолона изградил град што го нарекол по името на синот Ил, Илиј или Илиа.

Меѓутоа, во Мала Азија Троја од д-р Шлиман воопште не е изградена до Каликолона, т.е. до прекрасни брегови.

Верификација- цитат од ‘Илиос’ на г. Шлиман: (...)

Наш превод: ‘Јас овде можам да го потсетам читателот дека планината Кара Тепа досега се сметаше дека е идентична со Хомеровата Каликолона, но дека Троја не е видлива од таму’. (...)

...‘Хомеровата Каликолона, за којашто се вели дека е само 5 стадии од Симоис’. (Симоис=Семоис=Семоенс=Семнс=Семниса=Шемниса=Шемница, Р.И.)

Понатаму д- р Шлиман пишува дека од Каликолона до Кара Тепе има 10 стадии и дека совршено одговара.

Ако знаеме дека 1 стадиј е 184 м, тогаш оддалеченоста меѓу Симоент и Каликолона е околу 920 м. (наша забелешка). Меѓутоа, за да биде мерливо, тоа значи дека Каликолона треба да биде паралелно со течението на реката Симоент. Ова зна-

---

[2] Ако книгата би се превела на англиски јазик, таа ќе го содржи двојно истиот текст на англиски.

[3] Цитатот е преземен од „Букварот“ на Маргарита Китан Ивановска.

чи дека преводот на г. Милош Ѓуриќ е точен, бидејќи Каликолона ќе биде локалниот топоним Црвени Брегови, кои се простираат паралелно со Симоент во Македонија.

Троја мора да биде изградена НА или ДО Каликолона. Следува доказ со цитат од 'Илијада':

'...Оданде викаше Ареј, налик на олуја црна од највисокиот врв на градот на Тројанците поттикнувајќи ги остро, а час трчаше крај Симоент кон Каликолона'. Ил-XX-53-55

(Каликолона или 'убави брегови' во зависност од преводот)

Од овој цитат се подразбира дека богот Ареј трча во круг, односно повторно оди кон Троја преку Каликолона. За да биде јасно каде мора да биде Каликолона, објаснето е подолу во текстот (затоа види и Красни брег и Бедемот на Херакло).

Хомер во 'Илијада' запишал:

'Дардан се роди прв од облакозбирач Див он Дарданија создал, јел опште создан не беше свети Илиј, та тврдост жителих смртних, а тад боравеа под гора вреловита Ида. Дардан роди се пак син Ерихтониј владар, меѓу луѓе смертни што најимотен беше; кобили тисуча три по ливади него му паселе, они поносни беха због весели ждребиња свои; од них некои се допаднале и Бореј кога пасле те и подобен ко коњ мркогриви еднаш опаше они остане ждребни а ждребац ождреби дванаесет...

...Ерихтониј Троj владар над Тројанци роди, а в Троја три беспрекорни се родише сина; Ил и Арсак и боголик сос нег Ганимед...

...Ил роди син незазорен Лаомедонт,

А Лаомедонт ги роди Титон, Пријам, Лампо... Ил-XX-215, 230, 236

Знаеме дека Дарданија ја опфаќала територијата на денешно Косово и дел од Скопската Котлина, од што можеме да константираме дека Троја неминовно мора да биде сосед на Дарданија.

Дардан за да поседува три илјади кобили и уште толку ждребиња и коњи, имал и големо природно оградено пасиште од непрогледни ливад. Такво природно пасиште постои и денес под самите ѕидини на Троја.[4] Ова пасиште, покрај тоа што зафаќа голема површина, во почвата има многу влага, поради тоа што низ него проаѓа река, која го поплавува од доцна есен, па сѐ до почетокот на пролетта и исто така, природно се наводнува и од изворите од под ѕидините тројски, како и од изворот, денес познат под името 'Неделска вода'. Овие ливади секогаш се залени и од нив се собира сено, и по двапати во една година.Ливадите тројски постојат и денес, наполно исто како и во времето на славната Троја, што не случај кај Троја во Мала Азија".

Коњите со своите нозе се планински- говедата низински. За коњите планина била Баба, Бабилон=баб ил он, баб=баб, ил=Ил он=он, со високиот Пелистер, и Пелагонија битолско која до денес е говедарска за млеко и месо- прилепско за магаре.

Троја...троj...тројанско...постои на многу места во Европа- навод без основа.

„Д-р Шлиман во својата книга 'Илиос' овој детаљ не го анализира воопшто!?

За да се открие храмот на Атена, потребни се археолошки ископини на локацијата, која е посочена на Каликолона, која се знае како изгледа".

---

[4] Авторот до овде ништо не докажа каде би била Троја со свои пасишта, за тој да пише за Троја.

Никој, како Хајнрих Шлиман за да постане познат, нема да се расфрла со огромно богатство на било кое место, затоашто досега никој не ја нашол тн.Троја.

1.2. Илиа- Илион- Илиј- Троја

„Илиј- Илиа (Ilium), главен град на Троја- Илиана- (Troad), алтернативно име на градот Троја- TROY (Troy)[5]: Ил- 152.

Илиа во 'грчката'[6] митологија е основач на градот, кој е наречен Илиј или Илион (латинско име Ilium).

Значи градот Илиј го изградил Илиа и по негово име ќе биде наречен Илиа. Бил изграден во Македонија, на врвот од калето, кое е со голем наклон и затоа:

...така и Парис...од врвот на Пергам слезе... Ил-VI-512".

Во „Илијада" не се употребува името Македонија, ниту поимот варвари.

„Но, во 'Илијада' се вели уште и стрмен Илиј и ветровит Илиј.

'И други аргејски борци ја советувам вака: нека отпловат дома, јел на Илиј стрмен нема да дочекате пропаст, над нив...' Ил-IX-417-419.[7]

Пееше како градот го разорија ахејските синови, излевајќи се од коњот, ја напуштија заседата шуплива пееше како високиот град го растури сегде овој ил' оној, а како Одисеј идеше као Ареј...' Од. VIII-514-517.

Овие услови: Илиј стрмен, Илиј висок, Илиј ветровит се исполнети, бидејќи висинската разлика што треба да се совлада од подножјето до ѕидините што се на врвот од калето е 160 м, што не може да се каже за Троја во Мала Азија, бидејќи таа е лоцирана на мала тумба,за која не може да се каже 'од врвот на Пергам слезе', или пак, 'висок град'. Местоположбата на Илиј во Мала Азија, секако не би предизвикала напор за искачување, вреден да биде спомнат од Хомер. Исто така, се во целост исполнети следниве епитети за Троја: со широки улици, добро граден, добро населен, со ливади цветни и сигурно бил исполнет и условот- богат со ждребиња, бидејќи немало услови за одгледување ждребиња".

Истото важи и за просторите наведени од авторот, каде мислел да е тн.Троја.

1.3. Пергам- Ѕидините на Илиа

„Какви се ѕидините на Илиа е опишано од Хомер во 'Илијада', преку разговорот меѓу Посејдон и Аполон:

'...колку само поднесовме мака кога на Зевсова заповед служевме година дена на Лаомедонт јунак за однапред речена плата, тој ни беше господар, тој плата ни даваше, Јас на Тројанците околу градот им подигнав бедем широк и јак многу да неосвоив биде градот...' Ил-XXI-442-447.

Овие бедеми што се прикажани на скицата во целост го задоволуваат условот од овој цитат. Тоа биле широки и неосвоиви бедеми. Градот Илиј (Троја) според текстот од 'Илијада' има три нивоа, а тоа го има нацртано археологот Микулчиќ.

Единствениот влез во Пергам бил од западната страна, а и на самиот влез имало две камени кули. Денес може да се забележи дека влезот бил од западната страна низ кој морало да се помине меѓу две карпи за да се влезе во Троја. Дали овие карпи биле надоградени со ѕидан камен и биле изградени кули, или пак, самите карпи во 'Илијада' се опишани како камени кули, за ова прашање одговор ќе дадат археолозите. Но, ако се земе предвид дека кај градот Пелагон биле изградени

---

[5] Јас признавам само истогласно одгонетнување, не како што чита авторот. Следи без коментар.

[6] Ништо немало грчко. Авторот е заведен од авторите на англиски јазик. Според нив, сè е грчко.

[7] Дословно препишувам, како што е внесено од авторот на книгата- Љубен Стојаноски.

две кули на самиот влез во тврдината и овие две спили би требало да се надоградени со две камени кули.

На едното кале е тврдината, во која живеат кралот Пријам и неговиот најстар син Хектор, додека во Пергам- поголемата тврдина живееле педесетте синови и дванаесет ќерки на кралот Пријам и принцот Парис. Овие тврдини треба да бидат одвоени една од друга, а сепак, во близина, како што сугерира и текстот од 'Илијада'.

'...а во дворови лепи Александрови тргна Хектор; нив со луѓето ги изгради сам, кој најдобри тогаш зидари беа вешти во грудеста тројанска земја; тие му подигнаа дом за жени, мажи и двор близу кралот Пријам и Хектор град на врвот. Ил-VI-313-317.

Ако дворот е блиску до дворот на кралот Пријам, тоа сугерира дека, всушност, се изградени две тврдини. Овој факт во целост одговара за Троја во Македонија. Со оглед дека Пергам зафаќа површина од приближно две илјади квадратни метри, било можно да се смести и да живее толкав број на луѓе".

Покрај „две тврдини" морало да има море (езеро) на Исток, Запад Планина...

„Поданиците живееле надвор од ѕидините, пред влезот во Пергам, покрај патот, кој во 'Илијада' е опишан како широки улици, кој водел до Скејската порта.

Но, какви биле ѕидините од Троја во Мала Азија нѐ информира Страбон: ...

Наш превод: 'Тој понатаму наведува дека според Hegesianax, Галатјаните,[8] откако дојдоа од Европа, отидоа во Илиум за пребарување на утврденото место, но, тие веднаш заминаа, бидејќи градот немаше ѕидови за одбрана (Strabo, XIII.p.594)'

Но,секако, дека биле многу импресивни ѕидини што ги изградил Лисимах: ...

Наш превод: (Страбон) тој беше информиран дека Лисимах[9] по смртта на Александар, посветил големо влијание на Илиум, го опкружил со ѕид во обем од 40 стадии и се населил во Илиум и во околните антички градови, кои биле во состојба на распаѓање.

40 стадии се приближно 7,4 км (наша забел.).

За овој град што го изградил Лисимах во 'Илиос', на Dr. Schliemann е запишано: ...

Превод Д.С.: 'Под грчкиот град Нов Илиј, но ѕидот најверојатно беше македонски'.

Тоа значи дека Лисимах овој ѕид го изградил на сосема нови темели, односно изградил нов град (Новум Илиум), со има што ја изразува неговата носталгија кон Троја во Македонија".

Меѓутоа, Троја никогаш немало. Па Троја била само таканеречена (тн.).

1.4. Скејска врата- СКАИА- the Scaean Gate

„Приодот кон градот Илиа бил низ Скејската порта (SKAIA). Ова име до ден денешен е зачувано за преминот кон македонска Троја и тоа под името 'преминот-Скара' или само Скара, а исто така, е име за преминот од Троја кон Тројанската Рамнина. Скара е на лево гледано од Троја, но истовремено и на лево гледано од Тројанската Рамнина.

---

[8] Галатјаните се двете племиња на Галите што во 279 г.п.н.е. преку Тракија навлегле во Мала Азија, додека третото галско племе се движело преку Фрушка Гора, Косово, Македонија од каде било протерано во Албанија и стигнало во Тесалија и до Термопилите во Грција.

[9] Лисимах е генерал во армијата на Александар Македонски и негов братучед по мајка.

Скејските врати се далеку од ѕидините на Троја. Доказ: Хектор е пред вратите Скејски, а Пријам му довикува од ѕидините.

Според објаснувањето на Роберто Салинас Прајс во 'Хомеровата слепа публика' Скејска врата значи лева врата, односно приод од левата страна гледано од градот.

'Хекторе, не чекај, драг мој сине, тог јунака сам, од других далеко, да твоја те стигне судба'.[10] Ил- XXII-38-39.

На оваа слика е видлив уште еден детаљ, кој е исполнет:

(Ахил)... му го рече тоа на богот[11] Скамандер[12] и од стрмниот брег скокна во реката...

(Посејдон и Атена)...факајќи го за рацете го извлекол на кејот...

Скејската врата најверојатно била наменета за да ги задржи коњите на кралот Пријам во природно заграденото простор на тројанските ливади. Ова е единствено место преку кое можеле да избегаат коњите на крал Пријам. На ова место постоеше едниот ѕид од портата до пред 40 години, кога мештаните го урнаа за да можат да влегуваат со трактори со приколки, кои дополнително беа проширени за да можат да соберат повеќе сено од тројанските ливади. Веднаш зад Скејската порта се влегува во Скамандер и точно тука е местото каде што кралот Пријам ги запрел мазгите и коњите да се напијат вода кога одел да го откупи мртвото тело на Хегтор.

'Онде ги застана мазгите и коњите, во реката да вода пијат...'

Потоа продолжил кон Тројанската Рамнина. ...

Скејската врата е далеку од градот Троја, додека самиот град има сопствени врати.

Цитат од 'Илијада': 'Потоа кукаше старецот и од кулата се спушти на тло, до бедем застана вратарите да ги соколи славни, отворена врата држете сега, додека борци се збијат в град в збег, зашто близу е Ахилеј...' Ил-XXI-529-532

Во градот Илиј или Троја треба да има донесено вода, а исто така и да има одвод. Постојат услови да биде донесена вода во тоа време, ако имало техника за изработка на глинени чумци, но постои такво место, кое можеме да претпоставиме дека тука имало одвод. Во непосредна близина на Троја има кладенец до кој е донесена вода со глинени водени чумци. Овој извор и денес е во употреба. Изворот го носи името 'Света Недела', а можеби станува збор за храмот од Атена што го изградил Ерихтониј. Не е истражено од која далечина се спроведени овие водоводни глинени чумци или каков зафат е направен на собирниот базен. Според тврдењето на Димитриј од Скепсис и Страбон, а тоа го пишува и Роберто Салинас Прајс во 'Хомерова слепа публика', под ѕидините на Троја треба да извира вода, или да извира вода од некоја грмушка. Под самите ѕидини на Троја извира вода, која тече како мало поточе кон тројанските цветни ливади, со што и овој услов е исполнет, т.е. извира вода под самите ѕидини од македонска Троја". (Чумци=ќумци, Р.И.)

Ќумци за довод и одвод вода имало насекаде.Авторот за Троја нема доказ-и.

На исти темели или во близина на храмови има цркви, и тоа од во нова ера.

„Исто така, и денес е исполнет услови да има цветни ливади. Цветни ливади, затоа што овде има многу од таканареченото 'штрко цвеќе', гороцвет и по некое

---

[10] Службен јазик во Р.Македонија е само македонскиот јазик- никој друг туѓ.

[11] Богот Скамандер бил во врска со река, вода..., што било тн.словенско како на Ведите во Индија.

[12] Скамандер=с каман дер: с камен дер. Реката Скамандер с каменот го дере, извира од камен...

кокиче, камилица и друг вид цвеќе. (Види слика бр. 10 од Скамандерската Рамнина.) На оваа слика се прикажани и врбите и метлите што ги запалил богот Хефест, а кој детаљ е потребен да го има пред Троја на реката Скамандер.

Доказ со цитат од 'Илијада': '...потоа блистав пламен в река наврти Хефест. Метлики почнаа да горат и брези а со нив и врби...' Ил-XXI-349-350".

Наведените треви и врби ги има низ цел Балкан...До овде нема ниеден доказ.

1.4.1. Дивата смоква и даб

„Хомер како извонреден поет, но и географ, кога пишува за дивата смоква и дабот, тој ни дава ориентири што не би можеле да се променат со илјадници години. Доказ за тоа е и анализата на Страбон: ...[13]

Наш превод: '...се спомнува, исто така, уште една кула различна од онаа на Скејската врата. На една страна од градот во близина на ѕидот имаше Еринеос (Erineos) или дива смоква. Но овој збор според Страбон значи едно солидно камено место (веројатно еден мал рид).'

Меѓутоа, Ериноес (Erinoes) значи и проклето место или, како што предлага Страбон, мал рид. Тоа единствено може да значи дека е планината Проклетие, која се наоѓа на запад од Македонија.

Хомер како извонреден географ, кој во 'Илијада' ги опишал сите топоними и геоними на Троја, државата на Тројанците ја ограничил на север со Ида, т.е. Шар Планина, на запад Проклетие, на југ со планината за која Тројанците веруваат дека нивните богови седат, Олимп (македонски Олимп, според повеќе историчари), а на исток ја ограничил со реката Стримон, како ќерка на Скамандер. Останува да видиме што сакал да каже со дабот, кој секогаш го врзува со Скејската врата.

Даб или стручно: 'Quercus trojana, el roble de Macedonia o Roble de Troya, sin Quercus Macedonikus'.

Наш превод: 'Quercus trojana, даб или дабот македонски, даб или дабот од Троја синоним, Quercus macedonicus'.

За Скејската врата треба да се прави разлика меѓу Скаиа, која е пред градот Илиј, Скејска врата, која е на влезот во територијата или државата Троја, Дарданиан, врата која е на влезот од Дарданија- веројатно денешниот премин Кула од Косово во Црна Гора, Градски Порти што е на влезот во Пелагонија и Сезам, кој е влезот преку Илино за Елбасан- Драч во Албанија, каде што се наоѓала Скејската врата до која има даб, а за време на Тројанската војна е опишано од Плини. ...

Наш превод: 'Портите скејски, Солунскиот залив, беше опкружен со дабова шума, (како што го нарекуваат Грците[14] сарониде (saronide) стариот даб'

Оваа Скејска врата најверојатна била во близината на градот Скионе (Scione)".

Авторот, до овде, ништо не наведе за местоположбата на неговата Троја.

1.5. Море

„Градот Илиј, т.е. Троја треба да има море во неговата непосредна близина на исток од него. Притоа, треба да правиме разлика дека во ова море треба да се наоѓаат само малите, т.е. речните бродови, додека морепловните бродови се во Солунскиот Залив, каде што се наоѓа Агамемнон и Ахил.

---

[13] Авторот пренесува што пишел Шлиман. Тој го цитира Страбон на англиски. Пак, Страбон пишел на коине. „Илијада" на коине била преведена во Александрија, 3 век п.н.е.- претходно јонски јазик.

[14] Во историјата немало Грци, грчко,ниту Грција.Во Епир=е Пир имало Греик=греи ик: греи=дојди...

Секако дека во Македонија нема море, но ако имаше море местоположбата на илијскиот град Троја немаше да биде една од светските мистерии.

Поетот (Хомер) зборува за море, кое е на исток од Троја. Но, ако буквално ги разбереме неговите зборови, од Ил-XIII-30, кога Посејдон со својата кочија оди преку морето 'оската од бронза не беше намокрена', тогаш е јасно дека длабочината на морето пред Троја, каде што се закотвени данајските речни лаѓи, треба да биде многу мала, т.е. како што беше и длабочината на Битолско Блато сè до 1963 година од н.е. Меѓутоа, бидејќи Хомер е поет, тој го нарекува море или пак сè уште било така наречено, бидејќи Пелагонија повеќе од 300 милиони години било море".

Следи тн.Троја на исток го имала Пелагонското Езеро,а запад Баба Планина.

„Дека Посејдон оди по блатото низ Пелагонија е докажано во истото пеење од книгата Ил-XIII-19, од каде што со својата кочија тргнува од некогашната престолнина на македонските династии Еге-Ајга (Aegae-Кутлеш) во близина на селото Вергина".

Столицата Ајга Архелај ја преместил во Пела. Ајга не била Еге (пештерата).

„Цитирам: 'Трипати тој зачекори по неговиот пат (н.з. од Солунска Глава каде што преходно седел), и со четвртиот чекор стигна до својата цел, дури во Еге (Aegea), каде што му бил неговиот дворец'. Ил-XIII-19-21

'Ги запрегнал своите бронзени коњи и тргнал по патот кон Пелагонија во Македонија' "

Пелагонија не била во Македонија- приклучена само со Филип Македонски.

Во „Илијада" не се употребува името Македонија-изворот не е од „Илијада".

„Како што е научно докажано, денешната рамнина Пелагонија била море чијашто површина достигнала до превоите Ѓавато и Плетвар. Пелагонија се наоѓа на надмопрска височина од 585 м кај селото Скочивир и до 600 м кај селото Бучин, додека максималната длабочина на морето најверојатно била до 100 метри, при крајот на леденото доба, за која научниците сметаат дека завршило 10.000 години пред Христа и оттогаш светот изгледал како што знаеме. Но, очигледно дека ова не важи и за Пелагонија, која уште долго останала да биде море, а за тоа се потврда и многубројните антички градби што биле изградени околу крајбрежјето на морето, меѓусебно поврзани со пат, кој водел по самото крајбрежје. Дека од пред 3210 година од денес тоа било море може да се потврди со тоа што Пелагонија беше само едно големо блато сè до 1963 година, кога е завршена мелиорацијата на реката Скамандер (Црна Река). Покрај ова блато, прикажано на слика 11, постоело уште едно Чипиговско Блато, кое се наоѓа на устието на влезот во тогашното море".

Па „пред 3210 година" било и во 1963 година останало само Битолско Блато.

„Доколку и денес би владееле тогашните климатски услови, повторно Пелагонија би било море и покрај сите преземени мерки. Имено, со мелиорацијата на Црна Река нејзиното корито е изменето, прокопано е сосема ново речно корито, во поголем дел тоа е исправено, проширено за неколку метри, продлабочено за три до пет метри, на бреговите од реката се изградени и насипи кои се оддалечени од бреговите на реката за околу пет метри и со височина на околу три метри. Но сепак, кога беше поплавата во 1980 година, водата премина преку овие насипи и ја поплави цела Пелагонија. Водата остана во полето на некои места еден до два месеци. Замислете пред 3210 година со снег или заостанат мраз на планините (на Пелистер мраз имаше сè до 1980 година) и поројни дождови, во такви услови и денес ќе биде

море. Дека Троја имала море на исток неоспорен доказ е името на денешната рамнина Пелагонија, кога се протега на исток од Троја, но и името на античкиот град Пелагон. Имено, зборот pelagos на антички латински јазик значи море. Дека тоа било море доказ е и името на античкиот град Хераклеа Лаку- Хераклеја на езеро (подоцна Леурина, денешен Лерин, преименуван од Грција во Флорина). Како и Хераклеја Линкцетиа (Lyncetia-Lakeland- Езерска земја), но Грците ја нарекуваат Хераклеа Линкестис. Зборот Линкестис (Lyncestis) Грците го преведуваат како 'земја на рисот'. Но, и Хераклеа Лаку или Леурина и Хераклеја Линкцетиа се доказ дека тие градови се на езеро". (Како што било „пред 3210 година" било и во 1963 год., Р.И.)

Морето (езерото) било во битолско, каде била тн.Троја- јужно од Шемница.

Латинскиот јазик било дело на Грејкот Лив Андроник (240 г.п.н.е.), кој бил наследник на коине... На народен јазик имало само Хераклеалинка=хераклеа линка: линка=лин ка, линее=тече вода-до Хераклеа линее вода, има мала рекичка,само тоа.

Ова се најдува кај Ристо Ивановски, „Хомерова Троја на домородци-тн.Словени", 2005 и Ристо Ивановски, „Илијада-фалсификат", 2013. Следи Љубен Стојаноски, „Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија", 2014. Со тоа што за вториот автор машински инжинер ништо не значел првиот автор сточарски инжинер, сѐ се кажува. Инаку, во науката следниот автор е обврзан да го наведе претходниот автор- двата од Битола. Секој автор пиши како што тој мисли- свој став...

„Имено, морето од Тројанската војна постепено се повлекувало поради ерозијата, но и поради промена на релјефот, така што понатаму било третирано како езеро (на турски како голем вир,[15] 1963 година било со длабочина од 30 м), додека до 1963 година како Чипиговско и Битолско Блато, а денес по мелиорацијата како Прилепска и Битолска Низија или Пелагонија".

Котлината Пелагонија имала огромно Битолско Блато,дури и Чипигова бара.

„Етимологијата на Пелагонија е од Пелагус + ија,[16] т.е. 'Морска земја'. Дека морето мода да биде на исток, може да се заклучи од следниот цитат од 'Илијада':

Тројанската војска е на Тројанската Рамнина со цел да го урне бедемот на Ахајците и да ги запали лаѓите.

'Јел кога сакаа ровот да го прејдам, им долета птица орел од висина и налево остави војска... Ил-XII-200-201

'Не ми е драго тоа што ти, Пулидаменте збориш !... а ти ми збориш дека треба ширококрили птици да слушам, али ја се на нив не обѕирам, не марам за нив дали на десна летаат на страна зора и сонце или на лева страна на темнина западна летаат.' Ил-XII-231, 237".

Сонцето в зора изгрева од исток (море=езеро), а зајдува запад Баба Планина.

„Од овој текст се заклучува дека орелот заминал лево, што според Пулидамент, е знак дека Тројанците, кои водат борба во Тројанската Рамнина, т.е. се близку до лаѓите, треба да се вратат во тврдината, т.е. да се повлечат на запад, но следните зборови на Хектор 'Или на лева страна на темните западна летаат', јасно отсликуваат дека Тројанската Рамнина и морето се на исток од Троја. Овој детаљ од 'Илијада' во целост го поткрепува тврдењето дека Троја се наоѓа во Македонија. Овој услов Троја на д-р Шлиман не може да се исполни, бидејќи морето не се наоѓа на исток, туку на запад од Троја".

---

[15] Вир е македонски. Турција (Фригија) ја создале Бригите- за Херодот, Анадолија и Ерменија.

[16] Не суфикс ија туку само иа- ј го внел Вук Караџиќ. Следи да се говори за тн.Вукови гласови.

Се кажа: „Тројанската Рамнина и морето се на исток од Троја“.

Ова се однесува за јужно од Шемница, видено и од крстоносците 11 век н.е.

Се наведе и: „...морето не се наоѓа на исток, туку на запад од Троја“.

Па токму ова Ристо Ивановски го пиши во 2005 и 2013. Пак, Љубен Стојаноски, „Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија“, 2014,многу доцни.

„Дека за да се оди кон морето и Тројанската Рамнина треба да се оди десно кога се излегува од Троја, се потврдува со зборовите на кралот Пријам кога се моли Зевс да му испрати птица како знак дека ќе може безбедно да стигне до ахајските лаѓи, за да го откупи мртвото тело на синот Хектор. Зевс ги послушал молитвите на Кралот Пријам и му испратил орел како знак. Орелот надлетува над Троја.

‘К’о што се врати широки во висока ризница кога човек благо што има и затворени и цврсти; така се с двете страни орлишта раширило крила. И нив им се стори дека над градот надесно прошле. Радосни беа кога видов, на сите им разгали...’ Ил-XXIV-317

И овој услов е исполнет за Троја во Македонија, т.е. кон данајските лаѓи треба да се оди на десна страна од македонска Троја!

Троја во Турција овој услов не го исполнува, бидејќи кога се излезе од Троја и кога ќе ја премине реката Скамандер, ако замине десно, ќе залута сè до Каспиското Море!

Но, д-р Шлиман за ова има едноставен одговор: иако е јасно дека треба да се оди десна страна, сепак д- р Шлиман замислува дека на Хомер, сепак, во умот му било лева страна ?! (Види во Илиос од д-р Шлиман).

За да се излезе од Троја на Тројанската Рамнина и кон морето, мора да се премине преку реката Скамандер (Црна Река) и да се оди на десна страна.

Ова е само уште еден доказ, кој ги потврдува наводите дека Троја е во Македонија!“

Па постоела само таканаречена Троја- во Македонија била само тн.Троја.

„Но, исто така, морето кое е опишано во ‘Илијада’, па и во ‘Одисеја’, на утоката на реката Скамандер треба да формира плиток и проширен базен со големина на помало езеро. Впрочем, тоа треба да биде една голема бара.

Овој услов бил исполнет, бидејќи падот, односно наклонот на Пелагонија е многу благ, 15 до 20 см на 1 км во должина од 5- 6 км овој дел од ова море било само една голема бара и денес како Чипиговско Блато, додека по Тополчанската Преграда, длабочината на морето се нагомилувала до приближно 20 м. За овој детаљ д-р Шлиман знае дека треба да го има, од анализата на Страбо. Оваа голема бара во неговата книга Илиос е опишана со зборовите ‘Stomalimne’ (pool at the mouth)- езеро во устието. Од стома- уста и лимне- езеро. Вакво езеро во устието на вистинско море е невозможно да се пронајде ниту денес, ниту пак пред 3200 години за време на Тројанската војна“. (Стома + н = стомна: сад со уста, Р.И.)

Битолското Блато кај с.Логорци било како бара, а до денес има село Рибарци до с.Новаци- битолско, каде се ловело риби, без важност северно од река Шемница.

„Оваа бара- езеро на устието може да ја има само на вакво море, кое било во Македонија. Да не била извршена мелиоразицијата, тоа езеро во устие ‘Stomalimne’ (pool at the mouth) и денес ќе постоеше, а тоа е Чипиговското Блато“.

Блатото како езеро со својата рамница биле опишана и кај Крстоносниците. Она што го пиши авторот за Чипигово, е негов став, што со ништо не го потркепил.

Рамница како житница била битолско пред и по сушење на Битолско Блато.

1.6. Илов гроб

„Меѓутоа, оваа локација за да биде Троја, има уште еден услов. Имено, кога кралот Пријам оди да го откупи мртвото тело на Хектор, треба да помине покрај Иловиот гроб, па потоа да премине преку реката Скамандер.

‘Кога продјоа они крај велики Илов гроб, онде запре мазги и коњи, в река да вода пијат. Веќе темнина по земја да се спушта почна.’ Ил-XXIV-349-352“.

Бидејќи немало магаре, кое со кобила дава мазга, Редакцискиот одбор на Пизистрат (6 век п.н.е.), презел творештво и од Месопотамија до со Египет. Па магарето немало врска со Мала Азија, туку само со Месопотамија сè до со Египет.

„‘Илов гроб е спомнат уште еднаш кога се повлекуваат Тројанците меѓу реката, лаѓите и Илов гроб. Ова локално место, кое под ѕидините на Троја, денес се вика Ковчег и се наоѓа меѓу реката Троја. И оваа локација на Иловиот гроб идеално се совпаѓа со текстот од ‘Илијада’ “.

Одредување на името и местото Ковчег е личен став на Љубен Стојаноски.

„Имено, кралот Пријам со подароците за откуп на мртвото тело на Хектор натоварени на колата, слегува од градот на врвот, т.е. од калето, но бидејќи теренот е стрмен, тој мора да направи еден голем лак, така што оди до морето каде е влезот од десната страна во тврдината, се спушта по поблагата стрмнина каде има направено пат за коли, по подножјето на калето се враќа назад, поминува покрај Илов гроб и продолжува кон преминот Скејска врата. Тука во реката ги застанува мазгите и коњите да пијат вода и свртуваат на десно кон Тројанската Рамнина, односно кон логорот на Ахил“.

Бидејќи магаре немало во Мала Азија, делот бил само од Месопотамија...

1.7. Бедемот на Данајците

„Иако е потешко да се определи на кој локација бил изграден бедемот и ровот на Ахајците, сепак, се можни две локации што би одговарале за таква заштита на ова море.

Првата можна локација е таму каде што се спушта ридот од Солунска Глава кон Бел Камен и кој ја формира буквата ε (епселон)“.

Авторот е обврзан да даде извори со кои се потврдува...- и за мазги и коњи.

„Втората можна локација е кај античкиот град Стибера, односно ридот кај денешното село Тополчани, кој прави природен бедем, а денес се нарекува Тополчанска Преграда. Овој природен бедем го дели морето на два дела, со што Данајците би биле заштитени од напади. Нивните бродови, илјада сто осумдесет и шест (1186) на број, треба да бидат закотвени на овој дел од морето, односно од Тополчанската Преграда (бедемот на Херакло) античкиот град Пелагон, па сè до истекот на морето низ клисурата Чебрен. Овој е природен бедем е местото каде Посејдон ги запрел коњите“.

Ова што го пиши авторот бил и е само негов личен став со ништо потврден.

„‘...коњи лекоскоки него довезоа до ахајски лаѓи. Има некаква длабоко во заливот прострено спила меѓу Имброви стени и Тенед, право по среде; онде земјотресец бог Посејдон запре коњи...’ Ил-XIII-31-312-315“.

Посејдон бил претставен како Пастув, чија глава ја носат на врвот феникијските бродови. Тој бил феникијски бог. Врската била и со нив, со нивната Атина...

Токму Фениките биле тие кои биле носител на сè, од кои Атина и презела.

Во Атина сè било од Феникија, Месопотамија (буф на пара Атина) и Египет.

„Третата можна локација, која според мене има предност да биде изграден бедемот на Данајците е кај Имброви Стени, бидејќи тука меѓу морето и Имброви Стени има најмала должина за изградба на еден таков ѕид. Но, и поради тоа што Агамемнон точно од врвот на Имбровите Стени можел да ги гледа натпреварите што ги организирале Данајците“.

Авторот ништо не докажа за тн.Троја, која би била северно од Шеминца.

1.8. Тенед

„Тенед, според легендата, е планина зад која Данајците ги користеле лаѓите и еден дел од војската. Тука чекале да го извршат кукавичкиот напад врз Троја, додека другиот дел од војската бил во тројанскиот коњ“.

Во Гилгамешовиот еп бил бокал за вино, кој бил заменет во коњ-друго исто.

„И овој услов е исполнет. Постоел во ова море еден залив зад планината Тенед, каде што можеле да ги скријат и лаѓите и војската од видикот на Тројанците. Ова место каде се камуфлирале Данајците е меѓу денешните села Црнобуки и Лисолај“.

Двете села се покрај реката Шемница, што продолжува Могила- Радобор.

„Додека, пак, кај д-р Шлиман тоа е островот со име Тенед, која локација не е во согласност со легендата, но и од таа локација пловењето со бродови кон брегот, па сè до градот, не би претставувало изненадување. Тројанците сигурно би забележале движење на 70.000 војска. Тенед мора да е планината зад Троја во Македонија. (Наша забел. Тоа што во Мала Азија и Средоземно Море има места со имиња од ‘Илијада’ на Хомер, е поради промената на овие топоними од Писистрат)“.

Редакцискиот одбор на Пизистрат „склепува“ дело „Илијада“ од три простори: со шафран и магаре од Месопотамија со Египет, коњ и говедо Бригија битолско и Јадранските Острови. Па од овие простори има мноштво топоними во „Илијада“.

1.9. Имброви Стени

„Имброви Стени, според легендите е карпа над морето, доволно висока за да се изврши самоубиство при пад во морето. Но, за време на Тројанската војна морето било повлечено, па заради тоа Посејдон можел тука да ги запри коњите меѓу Имброви стени и Тенед. Имбровите Стени треба да се наоѓаат на другиот брег од морето, спроти Тенед.

И овој услов е исполнет ! Ова место е во близина на денешното село Путурус и Мојно, локација која се совпаѓа со легендата за да бидат Имброви Стени“.

Секако, тој е само негов став, само според негово споредување- сè негово.

1.10. Данајски лаѓи

„Се води борба на бедемот данајски. Нестор излегува од шаторот со намера да оди кон лаѓите на Агамемнон, но ги сретнува; тие претходно биле ранети, па сега оделе да ја видат борбата.

‘Тидејев син и Одисеј и Атреев син Агамемнон јел нивни лаѓи од боиште беа далеку синоно море на брегот; ко први најблиску до морето лежеа онде, а беше кај најдалеку подигнатиот бедем. Иако обала беше широка, не сите лаѓи можеа на неа да стојат, и на војската беше тесно. Поради тоа ко стубој поредиле бродови и долг цел покриле залив колку се ридови околу него.’ Ил-XIV-29-36

Овој дел од 31. стих ‘ко први најблиску до морето’, значи на влезот во морето во целост одговара за море- езеро, кое има истек во река, како морето што се на-

оѓало во Македонија. Меѓутоа, од 30-от стих ‘нивните лаѓи од боиште беа далеку’, може да се претпостави дека нивните лаѓи биле во Солунскиот Залив. Многу логично е дека Агамненон ќе логорува на самиот влез во морето за да се спречи евентуално дезертество, а е на безбедна оддалеченост од бојното поле.

Овие стихови од пеење XIV-29 до 36 никако не можат да се вклопат во локацијата на Троја во Мала Азија. Имено, на тоа крајбрежје може да се заткотват бродовите на која биле денешна суперсила и никому да не му биде тесно, но тогаш нема да може да се одреди каде е Тројанската Рамнина.

Уште еден важен детаљ.

Хектор со Тројанците, Ликијците, Дарданците, Пеонците, Мизите. Карците и другите сојузници, по појавувањето на Патрокло на бојното поле, се повлекуваат во паничен бег.

‘...така и кобили Тројански од трчање збивтаат многу ал кога фаланги веќе Партокло разреди први. Лаѓите ги згони назад и спречи им бег в град, ма колку и да сакаат, но он их клаше во средина меѓу лаѓа и река и градски високи ѕид.’ Ил-XVI-393-397

Од претходниот цитат од ‘Илијада’ очигледно е дека Партокло со помош на лаѓите, благодарение на местоположбата на Тројанската Рамнина во однос на морето, успеал по пократкиот морски пат да стигне пред Тројанците, кои се во бегство со кобилите и на коли.

Овој услов не може да го исполни Троја во Мала Азија![17]

Ова пресекување на остапницата на Тројанците е логична и изводлива операција на ова море, кое било во Македонија, но никако не е можно да се направи таква операција на кое било друго море, бидејќи нема да биде можно со лаѓи што се движат со веслање по море да се изврши пресретнување на коњицата на копно. Имено, на ова море во Македонија на Патрокло би му било потребно еден час да стигне до Скејската врата од местото Брод, каде што се воделе борбите, додека на Тројанците со коли по обиколен пат околу морето, би им биле потребни околу пет часа за да стригне до истото место“.

Авторот би требало да се ограничи само за тн.Троја до Чипиговското Блато.

1.11. Пелагон

„Пелагон е предок на тројанскиот јунак Пирахме.

Цитат од ‘Илијада’: ‘Мојата лоза е по потекло од широкиот Аксиј, оној Аксиј што тече по земјата со најубави води; тој Пелагон[18] го роди копјеносец славен, а јас сум син Пелагонов. Ајде на мегдан, Ахилу, со мене!’ Ил-XXI-157-160

Ако не ви се верува дека ова било море, и покрај научните тврдења, освен отвореното прашање до кога било море, има нешто што е уште поневеројатно- има пристаниште за бродови или нешто што личи на пристанише. Но, според археолозите, тоа е гробницата на митскиот крал Пелагон. Овој објект се наоѓа кај античкиот град Пелагон, меѓу селото Бонче и Подмол. Овој дел од морето, односно од То-

[17] Археолозите и историчарите неколкупати ја имаат менувано локацијата на местото каде што биле закотвени данајските лаѓи на брегот од Мала Азија, за да го исполнат овој услов, но тогаш наидувале на проблем да исполнат друг услов...

[18] Гробницата на Пелагон е делимично откриена од археолозите и се наоѓа во близина на Прилеп, кај с.Бонче, во Пелагонија, додека врз градот Пелагон или Пелагонија не се вршени археолошки ископини, но неговите остатоци и неговата големина како траги се забележителни и до денешењн ден.

полчанската Преграда (бедемот на Херакле) античкиот град Пелагон до ридот е наречен Брод, па сè до портата на Пелагонија, е местото каде што биле укотвени данајските речни лаѓи, т.е. еден дел од илјада сто осумдесет и шестте (1186) лаѓи на број што тргнале против Троја“.(Во Пелагонија „пред 3210 година“ само Блато,Р.И)

Кај Скочивир, каде истекло Пелагонското Езеро,има село Брод, кое е на рид.

Да не се изуми,кај Букри[19] била Линка,со Евридика=еври (=е ври=вир=вири) дика, мајката на Филип Македонски. Битола,во 19 век, центарот бил како Венеција.

Во однос на езерото од Скочивир до Шеминица,просторите немале значење.

1.12. Мочуриште

„Кејот на морето, т.е. Тројанската Рамнина околу градот Троја, треба да биде мочуриште.

‘А кога стигнавме веќе до градот и високиот sид, онде во грмушки густи што растеа околу градот легнавме, во кал и трска, под штитови се стуткавма свои, а ноќ наиде езива и ладна, потоа Бореј престана да дува, а снег нас леден се спушти подобен на смрт, а мраз на штитови се налепи напи.’ Од-XIV-472-487“.

Па „ноќ наиде езива и ладна, потоа Бореј престана да дува, а снег нас леден се спушти“ нема врска со Пелагонија, и авторовата Троја во Чипиговското Блато.

„Овој цитат е значаен детаљ за одредувањето на локацијата на Троја, бидејќи со него јасно се кажува дека градот треба да биде веднаш до морето; притоа поголемиот негов дел да биде опкружен со вода, кејот да биде каллив, да расне трска и грмушки. Имено, како што објаснив и претходно, Тројанската Рамнина е со многу благ пад; од тоа е јасно дека таа била како голема бара, во која има услови да расне трска, грмушки, разни тревишта, но и да биде калливо. Тоа крајбрежје било како Чипиговското Блато, кое така се нарекува денес. Фактот што постоело такво блато сè до 1963 година го потврдува тврдењето на Димитрија од Скепса кој вели дека имало езеро во утоката на реката Скамандер (Stomalimne)“.

Авторот наведе: „Тројанската Рамнина...таа била како голема бара“.

Се кажа: „Фактот што постоело такво блато сè до 1963 година“.

Битолското Блато било до 1963 година,кое било меѓу Шемница и Црна Река.

Скамандер извира од с.Железнец- Димирхисар, чиј дел бил Битолско Блато.

Битолското Блато било како бара.[20]Чипиговското Блато било неспоредливо.

„Во близината на ова блато, на левиот брег на Црна Река бил изграден античкиот град Стибера (Стим-бара). Од погоре изложеното недвосмислено е јасно дека овој услов е исполнет за Троја во Македонија“.

Авторот истакна: „на левиот брег на Црна Река бил изграден античкиот град Стибера (Стим-бара)“:ако „пред 3210 година“ би имало Море, Стибера в море.

Стибера=Стивера, од стибер=стиб ер/стивер=стив ер: ер=ар е суфикс.Стибера немала врска со било каква „Стим=бара“, што не е истогласно- само произволно.

Тој требало да ја одреди само местоложбата на негова Троја- во прилепско.

„Истиот овој услов Троја во Мала Азија не може да ги исполни, бидејќи тоа е далеку од морето,[21] но во самото море нема услови да израсне трска поради голе-

---

[19] Езерото Букри, старото корито на Црна Река, до денес ја има езерската фаза од Пелагонско Езеро. За Езерото (Рибникот) Букри беше мојата дипломска работа на Земјоделскиот факултет- Скопје.

[20] Како дете од баирот- Битола со другарчињата го посетувавме блатото. Тоа беше полно со рибикога во него влегувавме, врз нозете ни се закачуваа пијајци. Блатото беше полно со органска маса...

[21] Н.Ц.Флеминг:„таложења...Миос, Милет, Приена и Утика од море денес се оддалечени 1,5- 21 км“.

мата засолоност на водата, но и поради плимата и осеката, кои постојано ќе ја мијат почвата“

Авторот ја оспорува местоложбата која ја одредил само Шлиман.Меѓутоа, за други автори, Троја била на многу други разни места. Тој не се впушта да каже, дали Роберто Салинас Прајс во „Хомеровата слепа публика“ погрешил... Тој не ја оспори местоположбата на тн.Троја од Ристо Ивановски, „Хомерова Троја на домородци-тн.Словени“ (2005) и Ристо Ивановски, „Илијада-фалсификат“ (2013) јужно меѓу Шемница и Црна Река, туку тој пиши за топонимијата на цела Македонија и пошироко, но не само за неговата Троја која би се најдувала северно од Шемница...

2. РАМНИНИ ВО ПОСЕД НА ГРАДОТ ТРОЈА

2.1. Тројанска Рамнина

„Тројанската Рамнина, која е опишана во ‘Илијада’, а денес би ја нарекле плажа, потполно е идентична со описот што го дал Страбон во својата Географија XII, 1,34.

‘Тројанската Рамнина се протега сè до Кебренија (Cebrenija) и заедно со гребените на двете страни ја формираат буквата ε (епсилон).’

Овој цитат во целост одговара за Тројанската Рамнина во Македонија, т.е. денешна Пелагонија. Доказ: види слика бр. 14. т.е. северниот дел на Пелагонија“.

Во неговата слика бр. 14, Троја се најдува меѓу двете езера, јужно битолско и северено прилепско, наспроти Хераклов Бедем, меѓусебно поврзани со тесен проток, меѓу Троја и Херакловиот Бедем.Тројанската Рамница се најдува најсеверно од прилепското езеро, кое како подпланинско и малоповршинско не било можно да се водат долгодишни војни. Прилепското е претставена како Stomalimne пошироко од битолското,и скоро сè до Прилеп,што никако не било можно- негова произволност.

Овде Шемница и Црна Река немале важност. Василиј II Македонски, потоа и крстоносниците, ваквата состојба не ја познавале- ова никогаш не било со тн.Троја.

„Ова тврдење на Страбон не е произлезено од анализа на текстот во ‘Илијада’, туку најверојатно го има прифатено тврдење на Димитриј од Скепса (Demetrius of Scepsis), кој тврдел дека е роден во Троја. И навистина Тројанската Рамнина личи на буквата епсилон и се протега сè до Кебренија (Cebrenija), односно до клисурата Чебрен“.[22]

Авторот за Димитриј од Скепсис објаснува во фуснотата бр. 20: „Demetrius of Scepsis- Димитриј од Скепсис бил библиотекар или чувар на книгите од Аристотел во Скепсис, Анадолија, Турција...“. (Скепсис бил од Троја во Анадолија, Р.И.)

За авторот неговата Троја да ја смести во Македонија, го користи и Скепсис, за кого тој продолжува: „...на книгите од Аристотел во Скепсис, Анадолија, Турција. И најверојатно тој бил роден во Македонија, со оглед на задачата која ја извршувал и поради тоа можел да ја опишува. Затоа тој е голем авторитет за Троја“.

„Тројанската Рамнина, која е, всушност, плажата на морето, го исполнува и овој услов што го наметнал Кук во Троада, 171.

‘Тешко е да се види зошто Кук (Cook), Troada, 171, го жигосува крајбрежјето на северниот дел од Тројанската Рамнина како ‘невозможно место за логорување’. (Хомерова слепа публика од Р.С. Прајс, стр. 14)“

[22] Сликата за буквата ипсилон било замисла и дело на авторот. Па сликата била само негова- лична.

Според него, тоа било „невозможно место за логорување“- се оспорува

„Овој услов е поврзан со претходниот услов, односно Тројанската Рамнина била мочуриште. Тројанската Рамнина била мочуриште поради благиот пад на земјиштето од Пелагонија, од село Бучин, па до село Скочивир, така што Тројанскиот Брег би бил невозможно место за укотвување на данајските бродови, бидејќи длабината на морето на еден километар од брегот би било само 15 до 20 см и при помала промена на нивото на морето би било поплавувана и каллива. Но, тоа го објаснува и фактот зошто Одисеј скокнал од бродот на својот штит, а следниот што скокнал, а не го намалил притисокот под нозете, пропаднал во блатото како во жив песок. (Ваква состоба била само негов личен став, на никој друг во цел свет, Р.И.)

Види слика бр.14за Тројанската Рамнина и морето на исток од Троја.Морето е нацртано со претпоставка дека било до надморска висина од 600 м. Тројанската Рамнина околу ова море ги исполнува условите од ‘Илијада’, во целост и ти се чини дека Хомер седел на ѕидините од Троја македонска кога ја пишувал ‘Илијада’ “.

Се наведе: „...Тројанската Рамнина и морето на исток од Троја...“.

Спротивна страна од неговата Троја била онаа на Херакловиот Бедем. Северно од него било Прилепското, а јужно Битолското Блато- огромно несовпаѓање.

Според авторот, за само неговата Троја сите услови тој самиот ги исполнил.

2.2. Скамандерска Рамнина и рамнината Симоис

„Скамандеровата Рамнина е рамнината од долината на реката Скамандер (Црна Река) и се протега од изворите до утоката в море од каде што продолжува Тројанската Рамнина. Додека рамниот Симоис се наоѓа меѓу гребените ’Рт и гребенот од Бигла (Хисарлик), кои ја формираат буквата П, кој опис одговара на описот што го дал Димитриј од Скепса. Таа е стрмна рамнина и се спушта сѐ до Скамандерската Рамнина. Поради големиот наклон, оваа рамнина не може да биде поплавувана, за разлика од Скамандерската Рамнина, која пред Трој е често поплавувана, детаљ од стиховите на ‘Илијада’. На овие две рамнини Скамандерската и Симоис се водат дел од битките, додека кога се водат битки покрај морето и лаѓите, тие битки се на Тројанската Рамнина. Освен во еден случај, кога борбите се водат во близина на Солунско Поле, што во ‘Илијада’ е опишано со зборовите на Данајците ‘... уште малку копно им остана...’, и во случајот кога Хектор е погоден со камен и онесвестен, па неговите другари го однеле до ‘...бродот на онаа лепотека река Ксант...’. („...тие битки се на Тројанската Рамнина...на Солунско Поле...“, Р.И.)

Според Димитриј од Скепса, Рамнината Симонс личела на буквата П, која е формирана од ридот ‘Ртеј и Хисарлик, што укажува на фактот дека Троја се наоѓала во Македонија. Имено, ридот ’Рт и ридот кој се спушта од планината Бигла Демир Хисар) се во вакво меѓусебна положба што ја формираат буквата П.

Името на ридот Хисарлик потекнува од античкиот збор ‘хисар’ кој е со значење дворец, т.е. тоа е ридот што се спушта кон дворецот од Троја“.

Авторот не докажа дека неговата тн.Троја се најдува северно од Шемница.

2.3. Илинска Рамнина

„За да ја одредиме географската локација на Илинската Планина, треба да проанализираме каде (во мислите) имал намера да избега Агенор од борбата со Ахил:

‘Ако ги оставам овие на Ахил, Пелеев син нека ги гони тој, па од град ако ли негде избегам кон поле Илијско и тргнам по долови од планината Идска и онде во

грмушки се скријам, би можел приквечер, пошто се в река искапам тука и пот од себе операм, во Илиј да се вратам пак.' Ил-XXI-556-561

На Агенор му е пресечена остапницата, т.е. тој нема можност да се повлече во правецот кон градот Троја и поради тоа негово размислување е да почне со повлекување па спротивната страна од градот Илиј. Тој, всушност, сака да избега преку денешниот патен правец Прилеп- Кичево, преку Македонски Брод кон Кичевско Поле, кое поетот го нарекува Илинска Рамнина, потоа да дојде до Илинска Планина, да се искапи во Скамандер, односно во Црна Река и да се врати во Троја. Притоа, овде би нагласил, во преводот од Милош Ѓуриќ зборот Идска бил погрешен превод, треба да стои Илинска, како што е исправно преведена во книгата на д-р Шлиман 'Ilios' дека наместо Идска треба да стои Илинска.

Цитат од неговата книга: ...

Превод Д.С: Зад Илиум ...Зад Илиум се простира висорамнина наречена Илиан или Илинска Рамнина, врвовите од Ида се обраснати со грмушки и се достапни. Од овие врвови тече река, најверојатно Сеамандер (Seamander), во која Агенор планираше да се искапи, ако можеше да избега од Ахил' ".

Наведениот цитат бил од Шлиман,стр. 145, што се совпаѓало со Македонија.

Секако, авторот не наведе ниеден доказ за било што северно од Шемница- за Ристо Ивановски (2005 и 2013),како и во други книги,јужно од Шемница-битолско.

„Овде е јасно дека станува збор за непошумена планина како денешната Илинска Планина и дека полето под денешното село Другово, каде што завршува Илинска Планина е Илинската Рамнина. Исто така, потполно е јасно дека реката Seamander е, всушност Скамандер, т.е. денешната Црна Река. Овој правилен превод и анализата, која ја направил д-р Шлиман е точна- работите ги ставил на вистинско место, т.е. планината Идска, всушност, е Илинска Планина, Кичевското поле е Илинска Рамнина, а реката Сеамандер во 'Илијада' воопшто не е спомната, ниту пак, постои таква река во Мала Азија. Таа неминовно е реката Скамандер, односно денешната Црна Река, во која се влева Илинска Река. Илинска Река извира од Илинска Планина".

Не е спорна топонимијата во Македонија- без доказ северно од на Шемница.

Реката Скамандер=с камен дер, извира од камен с.Железнец, а не северно. Таа изгледа како каменот да го дери. Следи во Пелагонија постоел Дерион. Реката била Црна, Еригон=е риг он: рига=копа и наносува земја=га=Геа; ри=ре, река=ре ка која рика=ри ка (=ка), што е случај од каде што реката извира- таму таа само рика... На десниот брег од Црна Река, под Железнец, меѓу Доленци и Бабино, е пештерата Еге. Од Бабино е мајка ми- тн.Троја за мене била меѓу Шемница и Црна, битолско.

„За да се изврши верификација на овие факти од 'Илијада' со локациите во Македонија, нема никакви пречки или нејаснотии од типот дали Хомер мислел ова или она. Сѐ што мислел, запишал во 'Илијада', додека она што е редактирано од Писистрат и Солон, лесно се соочува со анализа на текстот од 'Илијада'.

Ваквата положба на Илинската Рамнина во целост одговара на досегашните сознанија до каде се простирала територијата на Дарданија.

Меѓутоа, овие факти не одговораат на локацијата во Мала Азија, од едноставна причина што еден ист град, т.е. Троја, не може да биде на две различни места, меѓусебно оддалечени со стотици километри, а притоа да имаат ист географски опис".

Авторите за Троја пишат,таа се најдувала и во Србија, Далмација...-тн.Троја.

2.4. Тимбра- рамнина или град

„За да ја одредиме географската местоположба на рамнината Тимбра, како прво, треба да знаеме дека Тројанците водат борба до самите бродови, што се потврдува со:

Долон... пројде од табор кај лаѓи. Ал' никога' да се врати од лаѓи и на Хектор му донесе вести'... Ил-Х-337-338

Меѓутоа, Долон бил заробен и на испрашувањето од Одисеј за положбата на Тројанците одговорил: (Долон=дол он, Р.И.)

'...се по ред, и по вистина права ќе ти кажам тебе. До море живеат Карци и Пеонци со лакој криви...Спрема Тимбра живеат Ликијци и Мишани горди...' Ил-Х-427 (Тимбра=т имбра=Имброс; Тимбра=тим бра: т им бра..., Р.И.)

Од овие цитати е јасно дека градот Тимбра треба да се лоцира на левата страна од реката Скамандер- Еригон, т.е. Црна Река. Бидејќи Тимбра треба да се наоѓа во близина на бродовите".

Авторот наведи на повеќе места Брод, како и селото Брод на Црна-битолско.

„Gradot Timbra [Thymbre] е античкиот град STUBERA [STYMBARA] STY'MBARA (Στύμβαρα, Strabon VII, p. 3275 trab. Στυβερρα, Plb 28.9.8; Stubera,- Liv; 20, 22, 31, 39, 43.

Етимологијата на името на овој град можеби е од Стим, во рускиот јазик Строим, на современ македонски јазик Гради и Бара, односно на современ македонски потполно исто- Бара, т.е. град на бара".

Бидејќи не истогласно Стибера=стибера, б=в, не се признава- произволност.

Авторот во фуснота бр. 25 објаснува: „Град на бара, бидејќи истиот е изграден над бара, т.е. над Чепиговско Блато. Види слика 17 од античиот град Стибера".

Толкувањето за името на тогаш непостоечкиот град Стибера и местолоположбата не се совпаѓаат. Па тоа што го пиши авторот, е само негов непотврден став.

„Но, етимологијата Стибера е од античкиот збор Стибра (στι + βαρος = Стиска - заптива - чепи + бара) од каде што произлегува и името на Чепигово, село во близина на Стибера".

Новиот град Стибера, кој не постоел во тн.Хомерово време, не бил битен.

„Градот Стибера е делумно откриен од археолозите (види слика бр. 17) и постои натпис, кој укажува на тоа дека имало храм што бил посветен на Посејдон, Еригон и Нимфите и дека Стибера е град на Илијците, т.е. на тој камен постои натписот ΗΛΙΩΝCTIBEPPA".

Посејдон бил феникијски бог, прифатен од Атињаните. Тој бил претставен како Пастув, чија глава стои на врвот на феникијските бродови. Битолско до денес останал коњарски, што не важи за прилепско. Називот „ΗΛΙΩΝCTIBEPPA" е со јонско писмо, како такво во Атина се употребало само од 403 година п.н.е.

Словото С не постоело во јонското писмо и коине- написот бил многу млад.

2.5. Зелеа рамнина

„Зелеа е подножјето на Илинска Планина, т.е. долината по Илинска Река-Есеп, а градот е денешното село Железнец".

2.6. Педас

„Педас, според 'Илијада' е рамнината по Сатеска Река, односно денешната рамнина Дебарца. Реката, чие денешно име е Сатеска (Сатниоент според 'Илијада')

е на север од Охридското Езеро и е само уште еден од низата докази, кои се совпаѓаат со текстот од ‘Илијада’ “.

3. РЕКИ ВО ИЛИАИНА

„Реките во Илиана се набројани од Хомер во ‘Илијада’ во XII-то пеење:

‘...тогај заклучија боговите Посидон и с’нег Аполон бедем да урнат, пошто се јаки води наведат што с’с Идски планини одозгора в море пијат’ Рес и Хептапор и Карес и Родиј река и Граник после и дивни Есеп и ошт Скамандер к’де штитови многу од кожа говедска в прав пале и шлемови многу и полубогови борци. Сите реки Феб Аполон на иста страна утоки сврте и тек им за девет сврти деној на бедем, а Див, дожд без прекин пушти да бедем в море ојде. Земјотресец сос трозабец тргна напред и сите од темел и камења сос нив што сос мака подигале Ахејци в бранови фрли и сѐ порамни крај Хелеспонт брзо што јури, кеј пространцел он с’ песок покри пак урнав бедем реки в корита наврати назад како што в море и пред се лепотека сливала вода.’ Ил-XII-17-33

Од овој цитат може да се донесе заклучок дека реките извираат од планините Идски и никаде не е запишано дека сите реки треба да извираат од планината Ида, ниту пак дека треба сите реки да течат и да се слеваат во исто море; затоа се вели: ‘Феб Аполон на иста ги наврати страна’, како речните корита да се платнени јажиња и повторно по уривањето на бедемот ахајски, ги наврати назад во своите корита. Многу јасно е дека овде Хомер сакал да долови колку силен дожд врнело во тие девет дена. Имено, со таков силен дожд кој трае девет денови само реката Скамандер (Црна Река) би била толку моќна да понесе сѐ пред себе. Меѓутоа, според оваа реченица во текстот: ‘И сѐ порамни крај Хелеспонт[23] брзо што јури’, не е јасно како може од Скамандер во Мала Азија, без оглед на помошта од другите реки, сѐ да порамни крај Хелеспонт што брзо јури; но истиот овој текст е сосем разбирлив кога тоа би го направил Скамандер во Македонија.

Имено, Скамандер, т.е. Црна, т.е. Црна Река при непрекинати врнежи од девет дена, гредите и бедемот ахејски би ги порамнила во Кебренската Клисура, каде што водата и тоа како брзо јури, или, Солунскиот Залив, кој според Страбон е Хомеровиот Хелеспонт.

Но, г, Шлиман не зема превид дека во ‘Илијада’ се вели од планините Идски (from the mountaiuns of Ida), т.е. не е строго дефинирано дека мораат сите реки да извираат од планината Ида. (Погледни претходен цитат Ил-XII-17-33)

Оваа реченица од планината Идски на современ македонски јазик се подразбира како да е искажано од Шарпланинскиот масив, кое толкување идеално се вклопува со стиховите од ‘Илијада’ “.

Авторот не пиши за неговата Троја северно од Шемница туку за топоними.

3.1. Реката Скамандер (Scamander)

„Според легендата, Скамандер и синот Теокар кој со една третина од народот, бегајќи од гладта од Крит, го победил народот чиј тотем е крт и ѝ го дал на реката своето име. Теократ немал машки деца па така го зел Дардан, кој дошол кај Теокар, бидејќи бил протеран од својот народ. Теокар него го сметал за подарок и го оженил со една од своите ќерки.

[23] Види под Хелеспонт, види Strabo Geography p 321, Book VII, Fragments 472.

Страбон (I век п.н.е.) во својата книга Географија III, 146 пишува Бебрици или Глодари биле локално тројанско племе и традиционално се сметани за народ чиј тотем е глушец (миш)[24]... (Страбон ова локално тројанско племе го нарекува уште и Мигдонци), додека од историјата е познато дека Мигдонците и Мигдонија се на територијата на античка Македонија, од што произлегува дека реката Скамандер мора да е во Македонија.

'Подоцна се зборувало дека водите на реката Скамандер можеле да оплодат жени коли се капат, ама тоа е лукавство со кое се објаснува големиот број морски јагули во реката' ".[25]

Водата од пештерата Еге, меѓу с.Бабино и Доленци, ја подобрува плодноста.

„Интересна коинциденција на легендата за оваа иста река. Во реката имало голем број јагули и жените не влегувале во неа за да бидат оплодени и поради оваа своја карактеристика го добила името Еригон.

Оставаат впечаток зборовите: 'Подоцна се зборувало' од што произлегува заклучокот дека и подоцна дошло до промена на името на оваа река од Скамандер во Еригон. Оваа река се викала Еригон сè додека Римјаните не го победиле последниот македонски крал Персеј во 168 г.пр.н.е., по што го промениле името на реката во Рио Негра, подоцна тоа е само преведено како Црна Река".

Каде што извира реката, таа рика: ре=ри=Рио; Негра- негре=не гре=грее. Па онаму каде што Сонцето не грее, е темно. Следи темното да биде црно- црница итн.

„Илијада" Скамандер, кај Херодот Еригон, па Рио Негра и само Црна Река.

3.1.1. Јагули

„Во реката Скамандер треба да има јагули.

Цитат кога Ахилеј го убива Пеонецот Астеропеј.

'...нека лежи на песок, а темен го квасеше бран. Егули се приближуваат почна мртовецон с' риби други, сало на бубрези изедат и тргачат начет. Тогаш на коњици Пеонци Ахилеј рекне...' Ил-XXI-202-205 (Егули=јагули, Р.И.)

Во 1963 година реката Скамандер (Црна Река) се излеала од своето корито, па кога завршила поплавата во локалните бари, останале заробени и огромен број риби и јагули. Сè до 1963 година во Црна Река имало многу јагули, кои во пролет доаѓале од Охридско Езеро по Црн Дрим преку Јадранско, Јонско, Средоземно Море и Егејско Море, па по Вардар и Црна Река сè до нејзините извори заради мрестење, но и заради богатството со планктони, додека на есен се враќале во потоплите води на Охридско Езеро. Но, патеката на јагулите е прекината со изградбата на браната на Црна Река кај 'ХЕЦ Тиквеш' и браната на Црн Дрим ХЕЦ Глабочица'. Пред влезот на водата во турбините на ХЕЦ Глабочица се поставени мрежи за да го спречат уништувањето на јагулите низ турбините. Во Охридското Езеро сè уште има јагули".

Мелиорациите се вршени на Битолско Блато, што го вршело Водостопанство, чиј центар за сета Р.Македонија бил во Битола, дури многу долго по 1991 година.Па „останале заробени и огромен број риби и јагули" само од Битолско Блато.

Јагулите се мрестат само во Саргашко Море. Тоа што вака авторот пиши, не е случајно- тој знаел дека северно од Шемница ништо немало, ниту јагули во бара.

---

[24] Всушност, Страбон зборува за РИСОТ кој го има и денес на планината Кожув и во северозападна Македонија.

[25] „Хомерова слепа публика" од Роберто Салинас Прајс.

„Д-р Шлиман во ‚Ilios’ воопшто не спомнува дека во реката треба да има јагули.

Опис за Скамнандер во ‘Илијада’, за кој се прашува Роберт Салинас Прајс:

‘...како е можно река да извира од врутоци два и да се влева во морето и да извира од морето...’

Во целост одговара за Црна Река (како Скамандер) таа (Црна Река) извира од кај Железнец (Зелеа) ‘кај Стимбара’ влегува во морето и од морето извира кај селото Скочивир, поминува низ клисурата Кембрион (Кебрен- Чебрен) и се влева во Вардар (Аксиј), а потоа во Егејско Море“.

Стои: „...влегува во морето и од морето извира кај селото Скочивир...“.

Па ова одговара за сѐ само јужно од Шемница- меѓу Шемница и Црна Река.

Бидејќи бара (Стимбара) не може да биде езеро (море), а Битолско Блато било езеро (море), што било и вториот милениум н.е., никако во прилепско, опишаната состојба одговара за Битолско Блато кое на сите битолчани им беше познато.

„Овој услов не може да го исполни реката Скамандер во Мала Азија.

Кога сме кај клисурата Кебрен, тоа е местото каде што Данајците биле принудени да ги влечат своите лаѓи кога пловеле по Црна Река, поради големиот наклон на речното корито (повеќе од 300 метри на десетина км) каде што пловењето спротивно од течението на реката е невозможно. Но, ова е истото место од ‘Одисеја’ каде што данајските лаѓи стрмоглаво јуреле, имале бродоломи и многумина се удавиле. Бидејќи овој дел од течението на реката има голем наклон, тука е планирана изградба на три последователни брани, таканаречени Чебрен и Галиште“.

„Големиот наклон на речното корито (повеќе од 300 метри на десетина км)“ не соодејствува-ло со било што со море, ниту за било какви бродоломи и непогоди.

Бродоломи само во морињa,и Јадранското Море, каде талкал Одисеј (Прајс).

Па авторот бил во заблуда тој да мисли дека „пред 3210 година“ имало море.

„Реката Скамандер (Црна Река) треба да има пред самите извори две притоки, кои заедно со реката Скамандер ја формираат букватата Y (ипсилон), односно реката Есеп (Илинска Река) и Граник (Церска Река) од кои реката Граник треба да е понорница.[26] Таква е Царска Река, која понира под селото Цер и има должина од 7 км, од кои е понорница поради карстниот терен“.

3.1.2. Карпата на Хесиона

„(Види слика бр. 19 од карпата на Хесионе). Овој камен од слика бр. 19 се наоѓа, т.е. стои високо над влезот во морето, пред бродот на Црна Река, кај селото Скочивир и неговата местоположба е во согласност со легендата за тројанската принцеза Хесиона и нејзиниот спасител Херакло“.

Па важност имал само битолскиот дел во „Илијада“, без ништо прилепско.

„Можеби тука била прикована Хесиона, прекрасната ќерка на тројанскиот крал Лаомедонт, која ја спасил Херакло.[27] (Внимателно погледај ја левата страна од текстот од овој камен- буквата, која личи на цртеж како да е прикиван човек. Таа буква е пси Ψ. Можеби тука пишува дека била прикована Хесиона-TTesione-ψίonε, која ја спасил Херакло. Хесиона се омажила за Телемон (Θελαμών) или Theon (ΤΕΩΝ), кој бил во придружбата на Херакло, додека според друга легенда станала сопруга на Херакло“.

---

[26] Види митови и легенди, деветти подвиг на Херакло- Хиполитин појас.

[27] Види митови и легенди, деветти подвиг на Херакло- Хиполитин појас.

Врската била со битолско- до овде ништо не докажа за северно од Шемница.

Авторот не говори за неговата Троја, само северно од Шемница, тој се впуштил воглавно во митологијата и топонимите, сосем различни од местоположбата.

3.1.2 Пералници

„На Скамандер (Црна Река) треба да има пералници оградени 'лепи', каде тројанските жени ги переле алиштата и ложниците. Но, за какви пералници станува збор и каде се наоѓаат ?

Хомер во 'Илијада' го објаснува тоа до детали.

Почнува да врне дожд, Пулидамент го советува Хектор да ги повлече своите чети во Пергам (Троја), но Хектор не го прифатил советот и со своите чети останал на бојното поле кај Тројанската Рамнина. Дождот се засилил, Скамандер (Црна Река) го поплавило полето".[28]

Скочивир има врска со Битолското Поле, кое било поплавувано од Црна Река. Па Тројанската Рамнина била јужно од Шемница, никако северно од Шемница.

„Хектор се покајал што не го послушал советот на Пулидамент, поради поплавите не постои повеќе можност за повлекување преку Скејската врата, која е единствениот премин. Единствен начин да се повлече што му останал е да стигне до изворите на Скамандер (Црна Река), со што би ја заобиколил Црна Река (Скамандер) и би се повлекол со четите во Троја, но тој план го прочитале Данајците и ги спречиле сите четири обиди за повлекување на Хектор. Така Хектор со сигурност загинал на изворите на Црна Река (Скамандер) кај село Железнец".

Сè што било во младата Атина, сè било постаро и земено од Фениките, Сумерите...и Египтјаните. Бокалот за вино од Гилгамешовиот еп бил изменет во коњ. Во „Илијада" има делови од Месопотамија со Египет, и северно од Скочивир со тн.Троја јужно од Шемница, како и Јадранските острови. Следат многу совпаѓања.

„Следува доказ: Советот на Пулидамент: 'Тој им пробеседи во намера добра и рекне: 'Паметно мислите, друзје, јел ја ви советувам треба в град да се вратиме веднаш и не чекат зора боженска на рамницата кај лаѓи од бедем ние сме далеку.' Ил-XVIII-225-256".

Па „боженска на рамницата кај лаѓи" не содејствува со авторовата рамница.

„Потоа 'крај свиени лаѓи така Ахајци се спремаха за бој околу тебе, борецу ненаситни, Пелејев сине, а с' друга страна Тројанци на ридчето во поле она' Ил-XX -1-3".

Мешавина на Ахајци со тн.Троја во Мала Азија,дејствие во Битолско Поле...

„Потоа се појавуваат услови за дожд:

'Родител на смртни и бесмртни род страшно згрми од високо небо,а оздол владар Посејдон стресе бескрајна земја и ридести врвој здрма стрми...' Ил-XX-56-58

Почнува да врне и водата да надоаѓа во Скамандер река. Ахил паднал во Скамандер и се бори да излезе:

'Али ни Скамандер не сака да се одлути, него сè посилно на Ахилеја лут гомилаше вода и бранови.' Ил-XX-305-306

Ахилеј излегува од реката:

'Хектора онде страшна судбина го снајде да остане пред бедемот тројански, а пред вратите Скејски...' Ил-XXII-5-6".

Книгава е со цел да се докаже, тн.Троја била јужно од Шемница- не северно.

[28] Пулидамент=пули даме н т: пули=пули битолски; даме=Даме; н; т- брсјачко трето лице еднина.

„И за време на Тројанската војна, но и денес, преку овој премин не е возможно да се помине кога има поплава. (Како насекаде во светот, Р.И.)

‘...нивните брзи коњи меѓу Симоент и поплавата на Ксант- Скамандер...’ Ил-VI-1-4

Хомер јасно кажува дека Хектор останал пред вратата Скејска и затоа Хектор почнува со планот за повлекување кон Железнец. Се повлекува со бојната кола додека има пат до селото Градиште, каде од надојдената вода не може да премине преку реката. Тука патот завршува и тој е принуден да продолжи пеш покрај брегот на Црна Река, до изворите кај селото Железнец.

Доказ: Хектор кога го здогледал Ахила почнал со повлекување:

‘...тука во страв отрча и остави зад себе врата, али го гонеше Ахилеј во брзи надевајќи се нозе.’ Ил-XXII-137-138

Продолжува со следниот стих:

‘...колски се гонеа пат, а во далечина од бедем далеку...’ Ил-XXII-146

‘И двата стигнаа до оние лепотеки чешми, каде извираат два од Скамандер (Црна Река) врутоци врели. Околу час се крева од едниот вруток, јел топла извира вода од него, к’о жарки оган да гори, а другиот вруток тече и лето ладен к’о туч, ил к’о студен снег ил в зима к’о мраз воден’ Ил-XXII-147-152

Скамандер, т.е. Црна Река има вкупно пет извори, но тоа е за оние што се занимаваат со наука, а ако поминуваш покрај изворите, добиваш впечаток дека се два извори, од кои едниот со најголема издашност (Црна дупка) извира буквално од под куќа под патот, а другите се над патот. Овој извор е секогаш ладен како туч, додека не ми е познато дали овде има извор на млака вода, освен ако не станува збор за стилска фигура, бидејќи честопати може да се забележи ефект како да испарува водата. Или, пак во времето на Хомер било така, затоа што теренот е карстен со варовник.

Скамандер во Мала Азија имал само еден извор, вториот наводно пресушил.

‘...близу кај врутокот ти’ широки перила[29] беа лепи оградени, на кои блиставо руво прале тројанските жени и лепи тројански ќерки’. Ил-XXII-154-156

‘Таму потрча еден што бега, а друг што гони...’ Ил-XXII-157

Овде не станува збор за пералниците на самите извори, ниту за пералниците по селата покрај Црна Река, ниту пак за традицијата на овие села пред секој верски празник да се перат покривачите, дифтици, ложници, традиција што трае до денес. Туку станува збор за нешто што е во близина на изворите.

Да, овој услов е исполнет, тоа се прородните пералници, валаоници во селото Вирово, кои се оградени, и убави, и перат без многу мака.

Овие мајстори во Вирово, покрај перење, белење и бојадисување, изработувале и разбои како оној на Андромаха,двоколки како таа на Хектор,но и помодерни коли, разбои и бочви за вино. Ова традицилнално мајсторство е зачувано до денес.

Д-р Шлиман во својата книга ‘ILIOS’ за оградените пералници само го цитира Хомер и истите ги става во реката, но такви камени корита може да има во секоја река. Очигледно е дека овој детаљ не може да го исполни. Впрочем, Хомер не вели дека биле во реката, туку дека биле до изворите. Додека изворот на Скамандер во Мала Азија бил од пештера во планината Ида, од што може да се заклучи дека

[29] Види го видеото на YOUTUBE за (Вирово и вировчани) чии пералници се во непосредна близина на изворите. (Тие се далеку од изворите и на друга река- така му одговрало на авторот, Р.И.)

тешко таму некому да му требаат пералници, особено не на тројанските жени и преубавите тројански ќерки. Овој услов е наметнат со претходниот цитат од Ил-XXII-154-157 и како втор аргумент против Троја во Мала Азија е истиот цитат, од кој јасно се согледува дека нема никаква логика Хектор и Ахил до стигнат до изворот од Скамандер во пештерата во Ида. Додека за Троја во Македонија овој услов е логичен, разбирлив и остварлив“.

Расправата се вода, дали тн.Троја била јужно или северно од река Шемница.

3.1.4. Чешми

„Не ми е познато дека тука до изворите на Црна Река некогаш имало чешми, можеби постоеле за време на Тројанската војна, но денес постојат чешми пред изворите на Црна Река. Местото на кое се наоѓаат изворите е населено, тоа е денешното село Железнец, па веројатно тука имало население и за време на Тројанската војна, што значи дека постои можност тука да биле изградени чешми.

Но, д-р Шлиман во својата книга ‘Илиос’ воопшто не го цитира Хомер дека треба да има ‘лепотеки’ чешми до самите извори на Скамандер. Ако има чешми, тогаш се подразбира дека тука треба да биде и населено место. Но, тогаш Скамандер не бил во Мала Азија, бидејќи не постои можност да имало население во близина на изворот од пештерата на планината Ида во Мала Азија, која е премногу оддалечена, па зборовите на Хомер не би имале смисла“.

3.2. Симоент (Simoeis)

„От текстот во ‘Илијада’ со неколку стихови Хомер кажува како е добиено името на Симојсие, т.е. дека тој се родил покрај реката Симоент“.

Бидејќи „тој се родил покрај реката“, тој бил симоески=си мое с ки- наше.

Именките се правеле со в-н-т:Ватина-Натина-Татина=т Атина-Симоент (нт).

„‘...А Симоисие соборен од син Телеманов Ајант, Антемионов син младич цвеќе, што го мајка родила кога низ Ида испраќаше татко и мајка покрај реката Симоент стадата да ги види поради тоа е наречен Симојсие...’ Ил-IV-437-477“.

Само Симојсие=си мој си е, спореди со Мојси=мој си (син) од Библијата.

„Според овие стихови, Симоент треба да извира од Ида, меѓутоа ниту кај Троја македонска, нити пак, кај Троја во Мала Азија реката Симоент не извира од Ида. Но, зошто Симоент не извира од Ида во Македонија ќе биде објаснето кога ќе зборуваме за планината Ида, т.е. која е, всушност, планината Ида.

Езерата од кои извирал Симоент во Македонија денес се наоѓаат на планината Бигла. Додека изворите на Симоент во Мала Азија биле на планината Котулус.

Оваа, некогаш моќна река, денес нема име, но дека била моќна сведочи нејзиното корито, кое јасно може да се виде и денес и да се сфати каква река била некогаш Симоент. Дека оваа река е Симоент од ‘Илијада’ се потврдува со легендата за оваа река, која има голема сличност со стиховите од ‘Илијада’. А, легендата до денес, од колено на колено, се пренесува вака:

Некој овчар заедно со својот син единец ја напасувал стоката покрај реката, син му паднал во реката и се удавил. Таткото се избезумил, ги заклал сите овци и кози, ги нафрлал во езерото од каде што извира реката, го затрупал изворот и затоа оваа река пресушила. Но, името на реката било Симоент затоа што:

‘...Антемиовиот син младич цвеќе, што го мајка родила. Еднаш кога испраќаше таткото и мајка свои покрај реката стадата да ги види, паднал во неа, се удавил и поради тоа е наречена Симоент.’ Поради тоа што Симојсие се удавил во таа

река, етимологијата на Симоент е Симо + Ент- крај, т.е. крај на животот на Симон, Симеон, Симон, Симе и денес се многу чести имиња во Македонија“.

Бидејќи латински, француски и англиски не се тн,Хомерови јазици, она од авторот „Симоент е Симо + Ент- крај, т.е. крај на животот на Симон“ е произволно.

Следи само ова: „Симон, Симеон, Симон, Симе“, сè друго е без основа-лага.

Симон=си мон; Симеон=симеон (+е); Симон=си мон, Симе=си ме. Основа е само си, веќе објаснето, и мон=ман=мин=мун=човек и мина=луѓе. Не случајно, има македонско име и презиме Мане-с-ки, Моне-с-ки, Мино-с-ки, Муно-с-ки... (-в).

„Кога некои млади луѓе сакале да го отворат изворот кај езерото за да ја проверат легендата, мештаните ги спречиле од страв да не ја поплави Пелагонија и повторно да ја претвори во море.

Оваа планинска река и денес знае да биде моќна и опасна, особено од пролет кога на планините има снег. Има примери кога знаела со себе да понесе и запрежни коли, а тоа може да се забележи по широчината на коритото, кое е околу 15 м. Симоент никогаш досега не пресушила, но во лето е само едно мало шумско поточе. Ова планинска река извирала од две најверојатно леднички езера, и меѓу себе се одвоени со карпа, но со тек на времето езерата се затрупани, најверојатно, од наноси од кал од планината при обилните врнежи, а денес се само две ливади. Локалното име за првото езеро е Езериште, додека местото каде што било второто езеро се нарекува Коритиште. Но, сепак, мештаните во никој случај не преминуваат преку овие ливади од оваа река, чии ‘езера’ се под Мечкин Камен кај Крушево.На оваа планинска река биле изградени и сè уште постојат руини од 17 воденици. Оваа река Симоент се спојува со Скамандер пред Троја и точно може да се одреди локацијата каде што Хера ги запрела своите коњи и им дала амброзиска храна.

‘...А кога стигна до Троја и две тамошни реки, онде кај Симоент и Скамандер спојуваат води, тука запре коњи белорака богиња Хера, од кола испрегна нив и со магла ги покри густа, а бог Симоент нив амброзиска храна им даде да јадат.’ Ил-V-773-777“.

Симоенс=Семоенс=Семенс била само Семниса=Шемниса=Шемница. Следи тн.Троја се најдувала меѓу Шемница и Црна Река. Бидејќи морето (езерото) морало да биде на исток, а на запад планина, на западната страна на езерото (морето) се протега планината Баба со Пелистер зад која зајдува сонцето-планината била боженствена.За да се исполни и овој услов, тн.Троја би морала да биде многу позападно.

Она што го направил авторот не за Троја туку само за тн.Троја, е без основа.

Авторот беше обврзан сè да објасни, а не мене без расправа да не ме спомне.

„Од овој цитат е јасно дека Симоент треба да се влива во Скамандер и тоа спојување на водите мора да биде пред градот Троја, услов кој е исполнет за оваа локација на градот Троја во Македонија“.

Условот за тн.Троја во Македонија не бил исполнет. Тоа е само личен став.

„Дека Симоент е планинска, стрмна и опасна река се потврдува со следниот текст од ‘Илијада’ кога Скамандер го повикува Симоент, да го совладаат Ахила.

‘...големи подигни бранови и трупци и камења сите со голема бука навали да совладаме бесниов јунак.’ Ил-XXI-313-314“.

Се наведе: „...Симоент никогаш досега не пресушила, но во лето е само едно мало шумско поточе. Ова планинска река извирала од две најверојатно леднички езера,и меѓу себе се одвоени со карпа, но со тек на времето езерата се затрупани...“.

Авторовиот Симоент е ништожен во однос на Шемница-ХМС „Стрежево“.

Токму со ХМС „Стрежево“ се спречија редовните поплави од Шемница.

„Симоент има своја стрмна рамнина, која се протега по северната страна на гребенот, кој, пак завршува во Хисарлик (Хисарлик е планината по која Демир Хисар го добил своето име). Симоент тече меѓу овој гребен и гребенот ‘Рт (Ретеј), се спојува со Скамандер (Црна Река), заедно продолжуваат кон североисток, прават еден полукруг и кај Симбара ги испуштаат водите во Чипиговското Блато (Stomalimne). (Токму Демир Хисар било внесено само од Турците од 14...век, Р.И.)

Двете ‘езера’ од Симоент се северно од Троја.

Исто така, по долината на Скамандер (Црна Река) во овој дел од Троја, почнувајќи од морето, па сè до изворите на Црна Река има и денес врби и грмушки (метлики) што ги запалил богот Хефест. За Симоент и Скамандер во Македонија е исполнет условот да ги спојуваат водите, додека овој услов не е исполнет за Троја во Мала Азија, бидејќи овие две реки воопшто не ги спојуваат водите, туку течат една покрај друга меѓусебно оддалечени и секоја посебно се влева во морето.

Затоа овој недостаток д-р Шлиман се обидел да го објасни дека врз база на песокот и глината, која ја нашол, нацртал скица каде за време на Тројанската војна течела и ги спојувале водите Симоент и Скамандер. Но, исто така, г. Шлиман спомнува две притоки на Симоент, иако од ‘Илијада’ на Хомер е јасно дека Симоент нема притока, или пак биле безначајни за да ги спомне.

Цитат од ‘Ilios” на Шлиман: ...

Наш превод: ‘меѓу двете притоки на Симоис, кои се наоѓаат во селото Доумбрек’.

Д-р Шлиман за неговиот Симоент запишал дека длабочината на водата во реката е околу 6 инча, односно 15 см, но и дека Симоент во зима ја поплавувал рамнината Симоис, кој детаљ воопшто не кореспондира со стиховите од ‘Илијада’.

Имено, во ‘Илијада’ се вели ‘многу копја паднаа меѓу Симоент и поплавите од Скамандер’ (Ил-VI-1-4). Симоент треба да е стрмна планинска река. Таа е брза и опасна, но не може да направи поплави, бидејќи поплавите се карактеристични на рамничарски реки. (Шемница поплавите ги прави на долниот дел-рамницата, Р.И.)

Исто така, Симоент, кај водите со Скамандер ги спојува пред Троја, тече, но според стиховите на ‘Илијада’ треба да тече паралелно со ’Рт (Ретеј), а доказ се стиховите од ‘Илијада’ за богот Ареј, кој им помага на Тројанците и трча од Троја до Сомоент и до Калиоколона“.

Авторот местополжбата за тн.Троја јужно од Шемница ја поместил северно, и реката Шемница ја заменил со друга река.Бидејќи источно од тн.Троја нема езеро туку бара, и западно планина која е света- Баба, условот за тн.Троја не е исполнет.

Авторот не ја оспори местоположбата на тн.Троја на Р.С. Прајс и на други.

3.3. Реката Есеп

„Реката извира од планината Ида, поминува низ рамнината Зелеа и завршува во градот Зелоиа (Zeloia). Ова е анализа за од книгата на д-р Шлиман ‘Илиос’. Меѓутоа, оваа негова анализа во потполност одговара за Троја во Македонија. Имено, реката Есеп- Илинска Река извира од Илинска Планина и завршува во селото Железнец. Тоа значи дека, всушност, планината Ида треба да е Илинска Планина“.

3.4. Реката Граник

„Според Страбон: ...

Превод Д.С.: Страбон тврди според авторитетот на Димитриј од Скепса, кој како што вели, е роден во земјата (наша забел.) во Троја, дека Скамандер извира ‘од еден извор од планината Котулус, еден од врвовите на Ида...’ Ако го прифатиме авторитетот на Димитриј од Скепса, а немаме причина зошто да не го прифатиме, бидејќи сите негови описи на топографијата и геонимите на Троја во целост се поклопуваат со тврдењата дека Троја се наоѓала во Македонија. Според овој цитат, реката Граник, всушност, е Церска Река, која извира од селото Цер, т.е. од планината Бигла и потврдува дека Есеп е Илинска Река и извира од Илинска Планина“.

Не за „описи на топографијата и геонимите на Троја“ туку само за тн.Троја.

3.5. Реката Сангарија (Sangarius)

„Името на оваа река потекнува од името на нимфата Sangárida. За локацијата на оваа река ќе искористам цитат од ‘Илјада’ кога Хелена[30] кај Скејската врата му ги опишува Ахејците на кралот Пријам.

‘...старецот (Пријам) се восхити и проговори вака: Блажени Артрејев сине, добросречен, љубимец божји, вистина ти над многу ахејски момци владееш! Некогаш сум стигнал и јас во лозовитата Фригијска земја, видов тука мноштво јунаци фригијски со коњи брзи. Отреја војска ја видов и од Мигдон божествен, тие на бреговите на реката Сангарија имаа табор. И јас се броев к’о некој меѓу нив сојузник бивши оној ден кога...’ Ил-III-181-189

Од овој цитат е јасно дека Мигдон мора да бил крал на Мигдонија, а Мигдонија е во Македонија. Според легендата, земјата на Барбирците, т.е. глодачите, односно рисот, е Мигдонија. Мигдонија се наоѓа источно од Солун и северно од Халкидик. Заедно со кралот Мигдон е и кралот Отреја, кој најверојатно е крал на Орестис, а таа територија е територијата на Костур до Гревена во Егејска Македонија, денес во Република Грција. (Орестис, орест од орев на варовна почва, Р.И.)

Ако кралот Пријам бил сојузник на овие кралеви и ги става во јунаци Фригијски и притоа се совпаѓа со територијата, на која живеат Фригите, тогаш реката Сангариј мора да е во Македонија. Тогаш денешното име на реката Сангарија е кованица од зборот Сан + гариј. Гареж=гареж=гаројна, кое асоцира на ‘црн’ може да се заклучи дека името би било Црн сон, додека Сан - сон, дремка- Дрим, со што се добива името за Сангарија- тоа е реката Црн Дрим. За реките од ‘Илијада’, Скамндер, Симоент, Сангарија има доволно податоци за да се според со карактеристиките на денешните имиња на реки. Додека, пак за реките од пред ‘Илијада’ има многу малку податоци и затоа нивните денешни имиња јас ги споредив (одредив) преку асоцијација или, пак според тоа како имињата на овие реки се изговарале тогаш и денес“

Авторот дал огромен труд да пренеси делови од книгите на Шлиман, Страбон... Ама тој како илјадници други не ја пронашол Троја- таа била само тн.Троја.

Неговиот труд бил само мене да ме оспори- синдром на самоуништување.

3.6. Реката Родиј (Rhodios) или Rhodius (roh’-di-us)

„Дека реката Родиј- Радика (Rhodius во Ил-XII-23) се наоѓа во Македонија е потврдено и од Плини постариот во CHAP.17.(10.)-MACEDONIA, каде ги вбројува градовите што ѝ припаѓаат на Македонија. ...[31]

---

[30] Бидејќи на бригиски=брсјачки првото х не се изговара, имало Елена- немало Хомер туку Омер.

[31] Pliny the Elder, The Natural History, John Bostock, M.D., F.R.S., H.T.Riley, Esq., B.A., Ed. (CHAP.17. (10.)- MACEDONIA)

Наш превод: Следува Антигонеа,[32] Еуропос над реката Аксиј (Вардар), а друго место со исто име со кое Rhoedias (Радика) тече, Скадар, Eordaea, Миеза, и Гординиае.'

Името на реката Радика, како и многу други топоними, е идентично со имињата од географијата на Хомер".

3.7. Реката Рес (Rhesus)

„За идентификував како реката Т(РЕС) ка, односно Треска".

Именките се правеле со в-н-т. Во случјот т (=таа) реска=Треска.

3.8. Реката Карес- Careus

„Тоа е денешната Гарска Река, притока на Радика".

3.9. Реката Сатниоент

„Тоа е името на денешната река Сатеска, чие име е уште една коинциденција". (Толкувањето не истогласно- одреденото име е произволно, Р.И.)

3.10. Реката Хептапор (Heptaporus)

„Реката, која извира од планината Ида, е денешната река Бел Дрим во Дарданија (Косово). Самиот збор Хепта + пор значи седум седум пори, односно река со седум извори (седум притоки), што совршено одговара за оваа река".

3.11. Реката Аксиј

„Тоа е претходното име на реката Вардар. Се поставува прашањето: како е можно на толкав мал простор да има толку коинциденција, или пак, идентични карактерстики, ако Троја е на друго место ?".(Аксиј=а к сиј=сија + а = Асија,с=з,Р.И.)

Па „Илијада" била дело од Египет со Месопотамија, Македонија и Јадранот.

Авторот ја трагал вистинската Троја.Токму неа никој досега не ја пронашол.

4. ПЛАНИНИ

4.1. Ида

„Во Троја или Илиана е планината Ида.

Карактеристиките на Ида што се опеани во 'Илијада' на Хомер се: шумовита Ида, многувирна Ида, доловите Ида итн.

Планината која е шумовите, многувирна и доловита како Ида, а од која извираат реките Родиј и Хептапор и на која Пријам носел жртви за боговите, кои седеле на врвот Гаргара, секако мора да е денешната Шар Планина. Можеби за ова е потврда и божицата Тетида, чие име можеби значи тета од Ида, па по неа го добила името градот Тетово. Дека Тетида е Тета од Ида се потврдува со епитетот 'сребреногa', што е нормално кога шета по снежната Шар Планина. Тетида била морска божица, како што се тврди во појаснувањето од 'Илијада', но тогаш сосема одговара за Тетида ако слегува од снежната Шар Планина (Ида), која била седиште на боговите во кои верувале нашите предци Илијанците, т.е. Бригите и Венетите, или подобро речено Тројанците:

'Свевишни Диве што царуваш од Ида...и на највисокиот врв од многувирната Ида примети Дива кај седи...на врвот Гаргар...' ".

Бидејќи авторот не ја открил вистинската Троја- а имало насекаде тн.Трои-, не можеле да има вистински Тројанци. Па токму од Шар Планина е далеку морето.

---

[32] Антигонеа е антички град во близина на античкиот град Стоби, каде што е и античкиот град Персеида, сите три во близина на современиот град Неготино.

„Името на врвот Гаргар асоцира на Гар + гара, односно на Гар Планина што преминало во денешното име Шар Планина.

Името на врвот Гаргар Османлиите го промениле во Турчин, а за време на кралството на СХС е повторно сменето во Александров Врв. Во Титова Југославија доживеал уште една промена и до денес го носи името Титов Врв.

Самиот збор Гар (Гара) може да значи и престој (железничка станица со повеќе колосеци, на која се чекаат возовите за да се разминат). Најверојатно и затоа го добил овој врв името Гаргар како седиште на боговите на гората. Но, името Гар може да означува и Гара кое, исто така, може да значи планина, односно гора, па поради тоа дошло до промена на името во Шар Планина“.

Сè се препишува, да се докаже- тој не ја нашол тн.Троја. Другото не е битно.

„Исто така, името Гар може да означува Цар, т.е. Цар Гора. Античкото име на Шар Планина било Σκάρδον όρος во времето на Полибиј (Polibius).

Scardus ‘... На Скардус (Scardus) околина, која се протега јужно од изворот на Аксиј (Вардар)...’

Етимологијата на Σκάρδον όρος е на современ македонски јазик од Σκάρ Скар, т.е. те скара = Тсар = цар т.е. хомерски Гар и од όρος- современ македонски орман т.е. гора, гара или модерно планина.

‘Скар е оној кој има право да те скара современ македонски збор, литературно македонски искара т.е. тоа е коренот на зборот цар. (Скара=с гара=жара..., Р.И.)

Дали селото Гари (кое во близина) го добило името по овој врв ?

Постои карактеристика на гората Ида, односно многувирната Ида, а сосем иста со карактеристиката на Шар Планина; па слободно може да се каже, исто како за Ида, многувирна Шар Планина.Меѓутоа, работите ќе си дојдат на свое место, ако се повикаме на авторитетот на Димитриј од Скепса, како што се повукувал и Страбон.

Имено, според Димитриј, Гаргарус не е врвот на Ида, туку тоа е планина Гаргара, која несомнено асоцира на Шар Планина. Додека самиот збор Ида можно е да значи шума. Или да е од македонскиот збор Ида - иде - доаѓа, место од каде што доаѓаат боговите. Но, сите недоразбирања кои најверојатно се произлезени од редакциите извршени во ‘Илијада’ и ќе ги постават реките и градот Троја на вистинската локација во Македонија, се имињата на следниве два планини, за кои редакторите на ‘Илијада’ направиле пропуст и воопшто не ги промениле“.

Авторот извршил редакција на мојата книга, и така ја поместил локацијата.

4.2. Илинска Планина

„Илинска Планина се простира јужно од градот Кичево, меѓу територииите на Другово, Дебарца и Демир Хисар. Сè до сега се веруваше дека името на оваа планина е дадено по името на пророкот Свети Илија. Очигледно дека нејзиното име е многу постаро и го носи според градот Илиа и затоа е наречена Илинска.[33] Имено, во подножјето на оваа планина растат ниски грмушки и шуми, додека повисоките делови се покриени само со трева и грмушки од смреки. Таму заради тоа Хомер не ја нарекол планина, бидејќи е без шума, ниту, пак ја нарекол рид, бидејќи не е целосно гола. Тоа го забележал Хомер во ‘Илијада’, и тоа многу подобро од современите географи. Името кое на оваа планина Хомер и го дал (во англискиот превод на ‘Илијада’) е висоравнина Илиан (Ilian)“.

[33] Меѓу Битола и с.Кукуречани- во близина е Шемница, на ридот до с.Крклино, има црква Св.Илија.

Бидејќи Хомер=Омер не постоел, Редакцискиот одбор исто само ги пренел.

Во „Илијада“ е Скамандер, а кај Херодот Егигон. Истото е и за планината.

„Доказ со цитат од ‘Илиос’ на д-р Шлиман: ...

Превод Д.С.: ‘Зад Илиум се простира висоравнина наречена Илиан или Илианска Рамнина, врвовите од Ида се обраснати со грмушки и се достапни. Од овие врвови тече река, најверојатно Сеамандер (Seamander), во која Агенор планирал да се искапе, ако успее да избега од Ахил’.

Тука нема никаква забуна, од подножјето на Илинска Планина извира Илинска Река, која во ‘Илијада’ е именувана како Есеп, која заедно со Церска Река треба да ја формираат буквата Y (ипсилон).

Реката во која планирал да се искапи Агенор е реката Скамандер, т.е. Црна Река.

Но, секако дека Шлиман не зема во предвид дека во ‘Илијада’ се вели од планините Идски (from the mountains of Ida), бидејќи во Мала Азија сите реки извираат од планината Ида и не можат да се вклопат во условите од стиховите на ‘Илијада’.

Д-р Шлиман во неговата книга ‘Илиос’, реката Скамандер ја нарекува Сеамандер (Seamander) што би значело морска река,[34] иако во ‘Илијада’ не се споменува река со име Сеамандер, нити, пак таква река има во близината на Малоазиска Троја. Очигледно е дека овој услов од ‘Илијада’ не може да го исполни Малоазиска Троја, затоа што Скамандер во Мала Азија извира од Ида, а потребно е да извира од Илинска Планина. Шлиман не може да ги анализира мислите на Агенор, бидејќи во Мала Азија условите на теренот не се соодветни за да ги задоволат барањата од ‘Илијада’, за да може правилно да биде лоцирана местоположбата на Троја, Илинската Планина и Илинската Рамнина.

Но, во Мала Азија воопшто не постои Илинска Планина“.

Авторот ја оспорува Шлимановата Троја, но не на Прајс, Р.Ивановски и др.

4.5. Планината Плакос (Plakos)

„Планината Плакос е Плакенска Планина. Името на оваа планина и денес е потполно исто со името на планината Плаке од ‘Илијада’:

‘...Така клучарницата рече Хектор од дворот истрча по ист пат се врати низ улиците градени лепо. Кога градот голем го прејде и кога до Скејските врати веќе стигна кај сака да она му на поле стигна, туку даровита љуба долета тога во средба, љуба Андромаха, ќерка од јунак Аетион, он под гората Плаке шумовита живееше некад, онде под Плаке во Теба, а владар Киличанин беше’. Ил-VI-390-397

Овој цитат ни ја потврдува и местоположбата на Троја. Имено, кога Хектор го напушта дворот на Александар, кој е во близина на дворот на Пријам, поминува низ улиците и кога го поминува големиот град, доаѓа до Скијската врата, преку која се излегува на бојното поле, меѓу реките Симоент и Скамандер“.

Шлиман сето свое богатство го потрошил за ископување на неговата Троја, и од секаде донел предмети, кои тој со сопругата ги истурил од чаршавот, за да се потврди, неговата Троја била таму. Пак, кај авторовата Троја нема ништо, туку тој тврди, овде да се копа- овде е Троја. Со тоа што тој ни малку не ископал, сè е јасно.

„И уште еден цитат, со кој се потврдува дека Андромаха е родена под Плакенската Планина.

---

[34] Хомеров јазик бил само тн.словенски, но не латински, француски, англиски, германски итн.

‘Хекторе јадна јас! Шо судбина се родивне иста двата, ти во Троја во домот од крал Пријам, а ја во Теба под планината шумовита Плаке...’ Ил-XXII-477-479

Сопругата на Хектор, Андромаха, била родена во Теба, под Плакенската Планина. Во Теба. Но, во која Теба !? Има барем пет градови со името Теба. Меѓутоа, во Теба владеел Киличанин- Киличево- Кичево. Сепак, античкото име на Кичево било Κιττοβα. Кое повеќе асоцира на Хомеровиот град на Енетите Киторус (Cytorus). Можеби името на денешниот град Кичево е изведено од ова име, или пак тоа е уште една коинциденција!“(Китова=кито ва- именки се правеле со в-н-т, Р.И.)

Се кажа:„Во Теба.Но, во која Теба !? Има барем пет градови со името Теба“.

Па Теба имало во Египет, а за Египет се говори во Атина од својот почеток.

„И овој услов е исполнет. Постои Плакенска Планина и тоа со непроменето име од Тројанската војна до денес, потполно исто, како што не е променето ни името на Илинска Планина.

Но, да видиме за планината Плаке во Мала Азија, каде што се ‘наоѓа Троја’ според грчката традиција, т.е. како што пишува во ‘Илиос’ од д-р Шлиман: ...

Превод Д.С.: ‘...Дека имало планина наречена Плакос во подножјето на која таа била сместена. Но, Страбон не знае за таква планина. Тој вели: Но, во внатрешноста, 50 стадии понатаму, сега е напуштениот град Теба, кој поетот го нарекува под името на Плакос, ама таму нема ниту Плакос, ниту пак Плакс, ниту пак постои некоја шума над неа и покрај тоа што се граничи со Ида.’

Како што јасно кажува Страбон, во Мала Азија воопшто не постои планина, ниту пак, шумичка со име Плакос (или со кое било друго име) во близина на градот, за кој смета дека е Теба (родното место на Андромаха, град основан од Кадмо кај Енхелеите). Тоа е така бидејќи Троја не е во Мала Азија. Додека во Македонија постои планината Плакенска, но и антички град со име Плаке. Но дали постои град Теба е прашање, на кое треба дополнително да се најде одговор (можеби градот Теба е античкиот град во близина на село Требениште до Охрид кај Енхелените). Но, бидејќи постои планина Плакос, мора да постоел град Теба, секако ако не е измислен од Пизистрат или Солон. Но, дали воопшто постојат Енхелејци во Мала Азија или пак тие се само околу Охридско Езеро во Македонија ?“

5. ТЕРИТОРИИ

5.1. Тројанска територија

„Троја има посебна територија, која се состои од Тројанската, Илинската и Скамандерската“.

Наведеното се однесува не за двете Троји на првиот Ристо Ивановски и вториот Љубен Стојноски, туку за тн.Троји. Првата била меѓу Шемница и Црна Река, јужно од Шемница, а втората редактирана западно од Шемница за која нема основ.

„Тројанската Рамнина е денешниот дел од Пелагонија, познат како Прилепска Низина“.

Пелагонија не е Низина да има Битолска и Прилепска Низина туку само котлина со познато Битолско Блато до 1963 година и Битолско Поле. Вакво нешто не постоело во прилепско. Авторот своето пишување го заснива врз пишуањето во неговиот предговор: „Почетната идеја...И, еве, конечно се одлучив сите мои сознанија да ги ставам на хартија, почнав да пишувам. Но за да има повеќе докази, уште

еднаш зедов да ја обработувам 'Илијада', по што почнаа да се множат нови и нови докази дека оваа е вистинска Троја. Потоа ја зедов сликата од Каменот од Алкомена, која сакав само да ја вметнам како доказ дека тука е Алкомена, градот што го изградил Филип Втори. Меѓутоа, кога го барав зборот Алкомена, се изненадив кога открив исклучително значаен доказ дека тоа е Троја. Тоа ме доведе до љубопитност да разберам сè што пишува на тој камен. Кога открив која е пораката што е запишана на тој камен, сфатив што сум открил...". (од Каменот од Алкомена, Р.И.)

„16. Кога е напишан натписот на Каменот од Алкомена ?

Бидејќи не е испишана годината кога е напишан текстот на Каменот од Алкомена, тврдам дека тој мора да е напишан по наредба на Лисандар Македонски, по убиството кралот на неговиот татко, кралот Филип II.[35]...". (Од личен став, Р.И.)

„Скамандерската Рамнина е рамнина по Црна Река, денешен Демир Хисар.

Илинската Рамнина е рамнина под Илинска Планина, денешните Другово и Кичево. Власта на Троја на север била до Шар Планина (Ида), на исток до Скопската Котлина, додека на запад по реката Црн Дрим, по течението на Црн Дрим, сè до Охридското Езеро, рамнините од Охридско и Преспанско Езеро, северниот дел од Епир, т.е. областа Корча во Република Албанија и Пелагонија (без областа Мариово), каде што се наоѓа Илиа (Троја), главниот град на Илиана. Територијата на ТРОЈА (ИЛИАНА) одговара на територијата на кралството Линкус (The Kingdom of Lyncus), кое постоело до петтиот век п.н.е.)".

Авторот не наведе Кралство Стибера и Алкомена- само беззначајни места.

5.2. Дарданиа

„Дарданија ја опфаќа територијата над Илинска Планина, т.е. Скопската Котлина, Косово и Метохија и североисточниот дел на денешна Албанија. Дарданија, како што кажува и легендата на Хомер, е основана од Дардан".

Според Марин Барлети (16 век), во „Скендербег", пиши, јужно од Дрим бил Епир, а северно Илирик. Ј.Г.Хан,[36] на стр. 1, пиши: „Дрим...Во старо доба Страбон кажувал, дека таа допира до Дарданија, ама оттогаш па до денес уште никој ова кажување ниту го потврдил, ниту го порекнал".

Следи Дрим била граница на Епир со Илирик, како и со Дарданија.

„Етимологијата на Дардан е кованица од зборовите Дар + дан. Дар + даден, односно подарен, а денешното име би било Дарко со потполно исто значење.

Под името Дарданија во античките карти, во разни временски периоди влегувале и Илиана, но и Дукља, а најдолго се задржува ова име за денешно Косово. Поточно кажано, Дарданија постои во времето на македонскиот Цар Самуил. Цар Самуил го заробил кнезот на Дукља, Владимир, кога го зел во заробеништво во Преспа, но во кнезот се вљубила Самуиловата ќерка Косара, која се омажила за Кнезот Владимир. Самуил му ја дал на Дукља на управување на зетот, по кој настан оваа територија се именува како Зета (држава на зетот)".

Едниот родител на Владимир бил Трибал. Трибалка била и Воислава од Полог- мајката на Ѓорѓи Кастриот (тн.Скендербег). Во други расправи не се впуштам.

Препишувам сè по ред за да се види дека авторот не ја проношол вистинската Троја. Па досега со илјадници пишувале за Троја, и неа никој не ја пронашол.

Не случајно, тој го користи Р.С.Прајс, а за неговата Троја ништо не пиши.

---

[35] Ибид, стр. 204.

[36] Ј.Г.Хан, Кроз Поречину Дрина и Вардара, Државна штампарија, Београд, 1876.

„Цар Самуил, пак еден дел од територијата на Дарданија ѝ дава на управување на ќерката Косара, по чие име се вика Косово, а другиот дел од Дарданија и го подарил на Охридската Архиепископија и затоа го добил името Метохија (Црковна Земја)“.

Авторот не наведе извори за името Зета,Косово и Метохија,ниту за тн.Троја.

5.3. Пеонија (Паеониа)

„Пеонија, исто така, се наоѓала источно од Троја, т.е. дел од Битолската Низина, продолжува по Плетвар до Аксиј и понатаму се протега северно и североисточно до Скопската Котлина, а јужно до Батиеја (Botieia) кое е античко име на Македонија од Егејска Македонија, денес во Република Грција“. (Само Елада, Р.И.)

5.4. Асканиа

„Асканија, или ASKANIA (a-ska’ni a), е сојузник на Троја.

Цитат од ‘Илијада’: ‘И Форкус (Phorcys) и боголик Асканиус (Ascanius) предводени од Бригите од далеку, од Асканиа (Ascania), и беа желни да се борат на јуриш воп битката.’ Ил-II-862

Асканија е рамнина и град со истото име како езерото Аскариус, т.е. северно од ова езеро (Lake Ascarus), кое се спомнува од Ливи (Livy’s History of Rome: Book 44: Pydna ant the Fall of Macedonia). Асканија (Askasnia) спомната во ‘Илијада’ од Хомер, всушност, е рамнина или град во западна Грција на езерото Аскариус“.

Книгава ја пренесувам за неговата тн.Троја- тн.Троји има повеќе во светот.

„Овие Бриги од Асканија се соседи на Пелазгите од Лариса во Тесалија, кои исто така, се сојузници на Троја. Но, и во подоцнежната историја Тесалците секогаш правеле заедничка кауза со непријателите на Грција, бидејќи биле непогрчени (нехеленизирани)“. (Книгата на авторот е прогрчки=прохеленски, Р.И.)

Според Херодот, Тукидид и Платон, Пелазги биле Хелените. Пелазги биле и Македонците (Јустин). Хомеровиот јазик како пелазгиски бил словенски (Пасов-1815, Чулкас- 1907...). Коине (тн.старо- грчки) бил македонски јазик од Александрија, кој го реформирал Кораис. Следи нов еладски јазик бил на Кораис, од 1868 г.

5.5. Тракија

„Тракија е истата денешна територија Тракија, но треба да се знае дека понекогаш и територијата на Македонија била нарекувана, исто така, Тракија. Тоа именување доаѓа од зборот Трака, што значи лента, пат, бидејќи сите коридори поминувале преку Тракија и Македонија“.

Трака=т рака, таа рака-Тракија е како рака и како ракав ги обфаќа морињата.

„По леденото доба народите при преселбите од Мала Азија во Европа или обратно, главно го користеле крајбрежјето на морињата или реките, затоа што тоа обезбедувало храна и вода, додека рамнините биле или поплавени или калливи.

Од тие причини и местоположбата на Троја била таква и овозможувала контрола на овие текови“. (Ако Троја била тракиска, таа не била во Пелагонија, Р.И.)

Авторот до овде не ги оспори тн.Троја на Р.С.Прајс, Р.Ивановски а и други.

5.6. Бригија (Фригија fri’-ja)

„За Фригија (fri’-ja)[37] територијата на Бригите во Македонија е многу пишувано и нивното присуство и опстојување на оваа територија од антички времиња, па сè до денес, е докажано и тоа е неспорно, но овде како дополнителен доказ ќе изложам цитат за Бригите од ‘ILIOS’ на д-р Шлиман и од Географија на Страбон.

[37] За bri’-ja од авторот ништо: бриг=бриж=брж=брз + јак (Јак како јако на Хималаи) Брзјак=Брсјак.

Pliny ги нарекува Еордите (Eordians) пајонски народ и тоа е евидентно од Ликофон (Lycophron) дека тие се фригиска раса. Тие се несомнено Мизи, кого Хеланикус (Hellanicus) ги нарекува соседи на Македонците. На овие Еорди (Eordians) името на реката Еордаика (Eordaicu),[38] сегашниот Девал (Deval) или Девол (Devol), несомнено им припаѓа, а тоа е во близина на езерото Лихнида (Lihnidos),[39] каде што, исто така, се наоѓаат траги на Фриги (Phrygians). ... (Страбон, Р.И.)

Наш превод: 'Областа Пелагонија- Триполитис содржи (како што кажува и самото име) три градови, од кои Азорус беше еден. Сите градови на Деуропите[40] се наоѓаа на бреговите на Еригон (Црна Река), меѓу кои беа Бријаниум (Градиште), Алалкомена (Алкомена во близина на селото Бучин). Стимбара (на Чепигоско Блато), Кидриане припаѓаат на Бриги и Аегинум на границата од Аетхика и Трика (градот Трикала во Тесалија, Грција) од Тимфаеи.' Ви посочувам да обрнете внимание каде живеат Дериопите, буквално значење 'Дери опна', т.е. Дери кожа' ".

Авторот за кожа дерм, дерам- јас дерам кожа, е произволен. Следи Дериоп или Дерион, град во Пелагонија, кој го дерела=однела водата. Бидејќи Алкомена и Стибера биле млади населби, авторот не можел да ја одреди Троја, каде таа била...

„Аеги'ниум град во Тесалија,е опишана од страна на Ливиј (Лив. 32,15). Територијата на Бригите ги опфаќа територијата на Општината Демир Хисар до Троја, до Преспа, Мала Азија, Лерин, јужно и југоисточно од Лерин до Тесалија, па сè до планината Каракамен и низината Ематија во Егејска Македонија, денес во Република Грција, Охрид и јужно од Охрид, Девол- Еордеа, денес Општина Корча во Република Албанија како и крајбрежјето на Епир под име Асканија.

Тоа е територијата на Бригите, со што се потврдува тврдењето на Плини дека Бригите се пајонски народ. Според Хердот, Пајонците беа колонисти на Теукријци[41] од Троја (Херодот V, 13, превод Џорџ Равлинсон)".

Бидејќи „Теукријци е името дадено од синот на Скамандер- Теокар, кој од Крит дошол во Троја",се потврдува, тн.Троја била митолошка,па никој не ја нашол.

Брсјаците имаат дативно у (кому- нему), и трето лице еднина завршува со т (ет=ит), што го немаат Мариовците- Брсјаците не се Мариовци и по други нешта.

„Овие докази ја потврдуваат тезата дека Бригите од 'Илијада' се од Македонија".

Неговата книга е за Троја. До овде тој не наведе доказ дека тој неа ја нашол.

5.7 Макарево

„Ахил му зборува на кралот Пријам:

'...Слушаме, старче, и ти некогаш беше среќен; докај опфаќа Лезб, Макарево седиште, горе, Фригија озгора и докај Хелеспонт бескрајно иде, со тоа си владеел велат со синовите славен и богат.' Ил-XXIV-543-546". (Од горе со макара..., Р.И.)

Па „Макарево седиште, горе" се однесувало и за човек,Макар=макар, до Макарев-ски, а од горе се слегува со макара. И презиме во с.Доленци... Демир Хисар...

---

[38] Eordicu, сегашниот Deval или Devol, било средновековна тврдина и епископија во западна Македонија, кој се наоѓа јужно од Охридско Езеро во она што е денес на југоисточниот агол од Албанија (Девол округ- Општина Корча). Нејзината прецизна локација денес е непозната, но се смета дека се наоѓа покрај реката со истото име (денес реката Девол), и на патот Виа Игнација.

[39] Lihnidos- Охридско Езеро.

[40] Дериопите се нација од која потекнува Александар Македонски, доказ кој следи во оваа книга, а според Страбон тие се Бриги.

[41] Теукријци е името дадено од синот на Скамандер- Теокар, кој од Крит дошол во Троја.

„Всушност, со овој цитат е одредена територијата на Тројанците- Илијана, со која претходно владеел кралот Пријам и неговите предци. Тогаш Макарево е денешното летовалиште на Јадранско Море, Макарска со седиште во Лезб.[42] Додека Лезб може да биде некој остров во близина или пак, град. Но, текстот во 'Илијада' не е соодветен со територијата на Бригите, т.е. повеќе би бил соодветен кога би напишал вака:

'...Слушаме, старче и ти некогаш беше среќен: докај опфаќа Лезб, Макарово седиште, горе Фригија и долу, и докрај Хелеспонт бескрајни иде, со тоа си владеел, велат, со синовите славен и богат' ". (Седиште на Макар- за макара..., Р.И.)

Со измена од авторот ништо не сменал- да не е далматински туку бригиски.

За Макарска пиши Р.С.Прајс, која е поврзува со неговата тн.Троја. Бидејќи авторот ја прифаќа Прајсова Макарска а не ја оспорил неговата,не ја нашол својата.

„Бригија, според мојата анализа за времето на Тројанската војна, се простирала со својот помал дел горе над Троја и нејзиниот поголем дел долу, т.е. под Троја. (Па за авторот битолско под неговата Троја бил поголем- поважен дел, Р.И.)

Со претходниот цитат Ахил повторува дека хегемонијата на Троја била од Макарска до Хелеспонт".

Авторот никаде не ја нашол Макарска, ниту неговата тн.Троја, како и други.

5.8. Пафлагонија

„Пафлагонија е денешната територија во централна Република Албанија.Таа територија е по должината на клисурата Мат и се протега сè до Сезам и до Партенија Река, т.е. до денешната река Мат". (Авторот не го наведува изворот, Р.И.)

5.8.1. Сезам

„Сезам е местото каде што седеле Енетите (види Ил-851-855 како и 7.5 Пафлагонци).

Сезам би требало да е некој тесен премин или клисура покрај реката Партенија (модерно Мат, антички Матис, Хомерски Партение) во Република Албанија и треба да се наоѓа некаде на планината Јабланица, т.е. патниот правец од Дебар за Елбасан, кој во минатото поминувал преку Илинска Планина во Република Македонија, т.е. Сезам треба да биде на денешната граница меѓу Република Албанија и Република Македонија. (Авторот не наведува извор- тоа е негово, Р.И.)

Етимологијата на Парт = дел; од партал = дел; од партал = дел: 'е' и 'ние', односно Партение = разделува. Етомологијата на Партенон = неделив.[43] Во долината на оваа река (Мат) е античкото племе Партхени, според Хомер реката е Партхение, а народот Пафлагонци, но, веројатно, со тек на времето дошло до пермутација на поимите".

Авторот произволно толкува поими, дури се чуствува сигурен во тоа, иако англиски јазик бил од 2/2 на вториот милениум, а Хомеровиот јазик од старата ера. Само едно мое истогласно покушување: парт=парет (=парит)=пар ет(=ит) т за трето лице еднина, а парталот е само нешто парано=распарано исто парет=парит итн.

6.ДРУГИ ЛОКАЛНИ ТОПОНИМИ

6.1. 'Рт- Ртеј (Rhoeteum)

[42] Во поморството без макара не било/е можно- макарата е стара онолку колку и поморството.
[43] Латинскиот, францускиот, англискиот, германскиот...не се Хомерови јазици.

„’Ртеј е ридот, покрај кој тече реката Симоент.

И овој услов е исполнет. Постои рид и денес, наречен со истото име во ‘Илијада’; ’Рт (Ртеј) и точно како што е опишано паралелно со него, во неговото подножје тече реката Симоент“.

За авторот сите услови се исполнети.Па некој друг да копа,без негова казма.

6.2. Брод

„Во ‘Илијада’ се споменува топоним со име Брод !

Се води борба на бедемот ахајски, Хектор има намера да ги запали лаѓите, но е погоден со камен, другарите го извлекуваат од битката и го ставаат на кола со намера да го однесат во Илиј.

‘А кога стигнаа до бродот на онаа лепотека вода, Ксант вировит што Див го бесмртен роди, Хектор од кола на земја ставаат и онде се вода полија и он здивна и со очите погледа небо.’ Ил-XIV-433-436

Од 433 стих е јасно дека бродот треба да биде на реката Ксант[44] што луѓето ја нарекуваат уште и Скамандер, а денес Црна Река. Бродот на Црна Река е спомнат уште еднаш во ‘Илијада’, а е спомнат кога кралот Пријам се враќа со мрвото тело на својот син Хектор“.

Авторот истакна: „Сан - сон, дремка“, а овде Ксант=к сант=сан т, спореди со Санскрит=сан скрит. Па Ксант=к сант=сонт=сонте=сонце, основ за виреење на сѐ.

„‘А кога веќе стигнаа до бродот на онаа лепотека вода, Ксант вировит што Див го бесмртно роди.’ Ил-XXIV-692-693

Тоа значи дека, за да помине кралот Пријам покрај Брод, морал да го земе мртвото тело на својот син Хектор од Ахила, кој логорувал на Вардар или во Солунскиот Залив, т.е. одел по денешниот патен правец од граничниот премин Меѓитлија кон Солун и обратно. Дека Брод треба да биде на крајот на морето, односно каде што продолжува да тече реката Ксант или Скамандер, т.е. Црна Река се верификува со следниот цитат од ‘Илијада’:

‘Не знаеш ли да ме онде при крај на ахајските лаѓи грлати погоди Ајант, другари кога сум му убивал.’ Ил-XV-248-249“.

Авторот кажа: „...Симоент е Симо + Ент- крај, т.е. крај на животот...“.

Бидејќи кај Ајант=ај ант, а ант на друг говор е ент, не е крај кај Хомера.

„Во тој случај тоа е денешното место т.н. Брод, кој го претставува ридот што е прикажан на сликата бр. 19, а се наоѓа точно на местото како што е опишано во ‘Илијада’, т.е. при крајот на морето, таму каде што завршува морето и продолжува да тече реката Скамандер. Поради тоа во ‘Илијада’ е наречен бродот на онаа ‘вировита’ или ‘лепотека’ река Ксант. Ова место се вика Брод од памтивек, можеби заради тоа што некому овој рид му личел на брод, кој плови по морето или по Црна Река, и можеби бил во право. Денес тука се наоѓа село Брод.

Кралот Пријам кога одел по мртвото тело на својот син Хектор, поминал покрај Брод, Лерин, Воден, за да стигне до бродот и шаторот на Ахил, најверојатно во Солунско пристаниште.

И овој услов е исполнет, на Црна Река постои место Брод и рид наречен Брод со непроменет топоним“.

---

[44] Името на реката Ксант најверојатно е поврзано со празникот на Македонците Ксантика (Ξανθϊκός) кој се славел во април, а кој празник се слави и денес под името Цветници, т.е. Ксант значи Цветна Река. (Ксантика бил само празник на сонцето кога тоа повеќе зрачи- е масовна вегетацијата, Р.И.)

Книгата била на авторот. Следи сè било негов став- и во сè не се впуштам.

6.3. Каликолона (Красни Брег) и бедемот на Херакле

„Боговите се разместуваат да ја гледаат битката на Тројанската Рамнина. Зевс ги поведува боговите на бедемот што е насипан во морето од две страни, кој го подигнале Тројанците и Атена Палада, што било услов Херакло да ја спаси Хесиона, ќерката на тројанскиот крал Лаомедонт.

‘Така темнокос рече бог и сите ги поведе на бедемот од велики божествен Херакло, што беше с’обадве насипан страни, а некад Атена и Тројци дигнаа него, Херакле од sверот да би се спас’о кад би се од игли застанал да го гони по поле равно.’ ‘Тук се посаде тогај Посејдон и богови други, окол рамена свој непробојна магла навлекли, а други седат другде на врв од Краснион брег.’ Ил-XX-149-156

Од овој цитат произлегува услов бедемот да биде насипан во морето од двете страни. Од овој бедем кој е ‘насипан во морето од Тројанците и Атена Палада’, а е на источниот, но и на западниот брег на морето, се протега Тројанската Рамнина и тоа на север, потоа скршнува кон запад, додека кон југ од овој бедем е морето каде се наоѓа местото Брод, местото на укотвување на данајските речни лаѓи.

Местоположбата на ова ридче, како бедемот на Херакло, денес е наречен Тополчанска Преграда. Овој бедем потполно се вклопува во описот од ‘Илијада’ со што е исполнет и овој услов“.

Имало повеќе тн.Троји- за сите се исполнети условите, без вистинска Троја.

„Меѓутоа, за да биде Тополчанската Преграда бедемот на Херакле, кој го изградиле Тројанците и Атена Палада, според митовите за Херакло, пред тој да влезе во Троја, треба да има и земја наречена според неговото име. Постои и таква земја Хераклеа наречена по името на Херакло и тоа Хераклеја Лаку, денешен Лерин и Хераклеја Линкцентија (Herakleja Linkcetia), денешна Битола. Македонците по неговото име го нарекле античкиот град Хераклеја, кој се наоѓа во близина од градот Битола. Хераклеја се наоѓа во правец на пловењето на Херакло, пред да стигне до Троја и оваа локација е соодветна со редоследот на настанате од легендата. Тоа е бедемот го подигнале Тројанците и Атена Палада од двете страни на морето и во правец исток-запад, веднаш до Каликолона (прекрасен рид). Овој бедем денес е наречен Топлчанска Преграда, бидејќи го преградувал морето на два дела, а останува само тесен премин за Црна Река. Делот од Херакловиот бедем; т.е. ридчето од западната страна на морето, денес е познат под името ‘уши’ “.

Па имало Хераклеја до Битола и Хераклов Бедем наспроти Троја прилепско.

Бидејќи „Илијада“ била составена од Редакцискиот одбор на Пизистрат (6 век п.н.е.), состојбата во 6 век п.н.е. била слична како онаа во 1963 година кога било исушено Битолско Блато. Па само тоа било езеро, а она на авторот само бара...

„Зборот Каликолона, доаѓа од грчкиот превод на Илијада Καλλιολώνη (Красни Брег) и истиот е преведуван како Каликолона, Прекрасен Рид, Прекрасен Брег или како Прекрасен Гребен. (Каликолон=кали колон[=кол он- колониа...]..., Р.И.)

Додека пак зборот ‘красни брег’ на руски јазик значи ‘црвен брег’.

Каликолона или прекрасен претставува возвишување во непосредна близина на градот Троја. Во близина на македонска Троја постои планина чие име и во географските карти е заведено како Кале, додека пак неколкуте брегови кои се спуштаат од оваа планина се наречени ‘Црвени Брегови’. Логично е да си го поставиме прашањето: дали името на оваа планина како Кале е произлезено од античкото име

Каликолона или сепак тоа значи ‘Црвени Брегови’ ? Од овие положби боговите имале целосен преглед на битката што се водела на Тројанската Рамнина.

И овој услов е исполнет, постои возвишување во близина на македонската Троја, кое возвишување поетот го нарекува Каликолона, но, исто така, постои и Топличанска Преграда,која според легендата ја изградиле Тројанците и Атена Палада, која преграда поетот ја нарекува ‘бедемот на Херакло’.

Овој услов, бедемот на Херакло, кој е насипан во морето од двете страни, не е можно да го исполни која било друга локација за Троја што би се наоѓала на Егејско Море, бидејќи таков детаљ не постои во Егејско Море, но и самото Море е на запад од Шлиманова Троја.

Овој детаљ д-р Шлиман во неговата книга ‘Илиос’ го објаснува вака: ...

Превод Д.С.: ‘Треба да напоменам дека ѕидот од Херакле, исто така, наречен A-tca-mrf, се простира на границата меѓу Тројанците и палата Атина, кои биле заштитени од Херакле. Морското чудовиште што ѝ се заканувало на Хесиона со уништување, требало него да го однесе од плажата на планина. Според тоа, се претпоставува дека се наоѓа во близина на брегот’.

Хомер е дециден, бедемот на Херакло мора да биде насипан во морето од двете страни, а не на брегот или, пак се претпоставува дека се наоѓа на брегот, како што пишува д-р Шлиман во ‘Илиос’.

Постоењето на бедемот на Херакло во ова море во Македонија е само уште еден од многуте услови од поемата ‘Илијада’ кој е исполнет и кој ја потврдува местоположбата на Троја на оваа локација во Македонија. Бедемот на Херакло може да се види и на географската карта, т.е. ридот што ја дели Пелагонија на два дела, како и на сликата бр. 14, додека пак Каликолона е прикажана на слика бр. 8.[45]

Исто така, сакам да напоменам дека на највисокиот врв на оваа планина Кале, која поетот ја нарекува Каликокона, постои тврдина од којашто можат да се набљудуваат сите приоди кон Троја. Овој детаљ, како и другите многубројни тврдини, кои претставуваат фортификацијски објекти околу Троја, сами по себе го докажуваат значењето на оваа тврдина, која била седиште на кралевите од Илиана“.

Бидејќи имало повеќе Троји, што го пишат авторите, вистинската никој не ја пронашол. Следи да се говори за Троја во Мала Азија, Троја на Балканот на повеќе места од Црно Море сосе Дунав па се до Јадранско Море. За тн.Троја на Балканот имало повеќе автори, и секој ја истакнувал својата. Тоа се случило и со на авторот.

Ова произлегува и поради тоа, авторите се преселективни,што ќе си одберат.

6.4. Батиеа (Batieia, Botieia)

„Божицата Ирис го известува кралот на Тројанците, Пријам, дека се врши инвазија врз неговата територија. Тројанците се вооружуваат и излегуваат низ градските порти до ридот, кој е далеку во полето.

‘...Така им рече, а Хектор ги разбра божјите зборој, собранието го распушти веднаш, по оружје тие поитаа. Сите се отворија врати, и војската в поле јурна, коњици и пешаци, те тресок и татнеж стана. Некаков има стрмен рид пред вратите градски, на поле стои далеку, од секаде може да се обиколи, луѓето тој рид Батиија го нарекуваат, боговите му велат Хумка скокачица Мирина.’ Ил-807-814

Можеби е коинциденција, но денес во подножјето на планината Каракамен (Vermion) во Грција градче со име Марина!?

[45] Сликите се од авторот. Тие се правени според условите за авторот кои биле исполнети- негови.

Батиеја е местото, кое е опишано во 'Илијада', и во претходниот цитат, од кое Тројанците го гледале истоварувањето на Данајците, е опишано како стрмен рид што може да се заобиколи од сите страни. Овој детаљ е од исклучителна важност, бидејќи со него се опишува локацијата, од која Данајците навлегуваат во земјата на Тројанците. Од анализите што ги направив, дојдов до заклучок дека Данајците инвазијата врз територијата на Тројанците ја извршиле спроти течението на реката Аксиј, т.е. Вардар. Оттука произлегува дека Данајците за првпат биле забележани во устието на реката Вардар, односно во рамнината, која од антиката е позната како Ематија, а денес тоа е Солунско Поле, Рамнината Bottiaea; Ботиеа или Ботиеа, всушност, е рамнината меѓу реките Вардар и Бистрица. Местото каде што стоеле Тројанците е планината Каракамен, грчки Вермион, или според Хомер- Ботиеа. (...Вардар- Црна Река [„...(повеќе од 300 метри на десетина км)"...]..., Р.И.)

Во претходниот цитат: 'Некаков има стрмен рид пред вратите градски, на поле стои далеку, од секаде може да се обиколи, луѓето тој рид Батиија го нарекуваат...' Се поставува прашањето: кои се вратите градски, пред кои стои стрмен рид, на поле далеку ? Вратите градски во овој случај е преминот преку ритчето на патот Лерин- Воден, или по грчки Флорина- Едеса; пред тоа ритче, односно кога ќе се застане на тоа ритче, тогаш пред него има стрмен рид што на поле стои далеку. Тој рид луѓето за време на Тројанската војна го нарекувале Ботиија. Таа е планината која може да се обиколи од сите страни. Од ова место Тројанците мирно го набљудувале истоварувањето на Данајците, веројатно поради неможноста да се даде отпор против војска, која во тој момент била бројна надмоќна.[46]

Батиеја многупати е спомната од античките историчари: ...[47]

Наш превод: 'Ботиа (Βοττία) или Ботиеа (Βοττιαία) е област во Македонија, на десниот брег на реката Аксиј (Вардар), која се протегала за времето на Тукидид до Пиреја на запад'. ...

Наш превод: 'Тогаш Аксиј што ги дели Bottiaea и земјиштето кое се нарекува Амфакситис (Amphaxitis) и примањето на реката Еригон, ги испушта водите меѓу Чаластра (Chalastra) и Терма (Солун)'.[48]

Амфикситис(Amphixitis)бил наречен западниот поморски дел од Мигдонија.

Ботиеа е и ќерката на кралот Теукар, која се омажила за Дардан. Ботиеа-Bottiaea (Еница-Пела), е топоним кој е идентичени вистинско место од каде што е извршен нападот врз Троја во Македонија, т.е. ова е несоборлив доказ".

Досега ниеден автор не ја пронашол тн.Троја, што важело и за авторот, и затоа тој неистакна ниеден „несоборлив доказ"- авторот до овде не наведе материјален доказ/наод за неговата тн. Троја. Бидејќи за да биде гласот а=а, е=е, и=и ... поминало мноштво милениуми, а во англискиот само од 4/4 на новата ера тоа повеќе не важи, со англискиот јазик никако не смее да се одгоненте Хомеров јазик.

6.5 Криволак

„Во 'Илијада' за Пајонците се вели криволаки Пајонци, додека во објаснувањето тој збор се толкува како 'Пајонците со кривите лакој'. Меѓутоа, логично е дека нема прави лак, веројатно станува збор за првиот отпор што го дале Пајонците кај месноста Криволак, која тоа име го добиле по поголемиот крив лак што го пра-

---

[46] Едеса=Одеса=одес а: одес + в = водес + т = водест- од вода до Воден.
[47] Harry Thurston Peck, Harpers Dictionary of Classical Antiqiuties (1898), bottia- harpers.
[48] Ибид- иста 71 страна.

ви реката Вардар. Од што произлегува дека и ова име има континуитет од Тројанската војна, па сè до денес.

6.6. Кафалењана

„Кефалењана или трачки Сам е Солунска Глава или Солунско Кефале. Ова уште е наречено Сам затоа што е потполно сам и не е поврзано со планински венец.

‘(Посејдон)...седеше тогаш на највисокиот врв од шумовитиот трачки Сам; цела од таму Идска планина можел да види гледаше и Пријамов град и ахајски лаѓи ...’ Ил-XIII-11-14

Од Солунска Глава богот Посејдон, но и човек може да ја гледа цела Ида, т.е. Шар Планина, како и Троја во Пелагонија, но и ахајските лаѓи. Притоа, да објасниме дека зборот кефале е македонски идиом кој значи глава и поради тоа Кефалењана, всушност, е поднбожето на Солунска Глава, кое е родното место на Одисеј. Секако, овде нема ништо чудно, затоа што Одисеј е првиот предавник на Македонците“. (Итака- острово во Јонскиот архипелаг, постојбина на Одисеј, Р.И.)

Глаук=гла ук=уч: ука-наука-уча (уч...).Глауч...ауч=а уч... А и Бигла=би гла...

„Види слика број 26, каде јасно се гледа каде седел Посејдон и дека од Солунска Глава ја гледа и Троја. Погледај ја и табелата“.

6.7. Кебренија (Cebrenia)

„Страбон пишува за Троада во својата Geografija, XII, 1,34 за Тројанската Рамнина: ‘и се протега сè до Кебренија...’

Кебренија (Cebren- Cebrenia) како топоним не е наведен во ‘Илијада’, ниту пак, во ‘Одисеја’, така што најверојатно е произлезен од описот што го дал Димитриј од Скепса (Demetrius Scepsis) дека Тројанската Рамнина се протега од устието на Скамандер, сè до Кембренија. Од друга страна, повикувајќи се на авторитетот на Димитриј од Скепса нè информира дека треба да има град со име Чебрен (Cebren), кој го изградиле Тројанците, а ова име на градот му го дале по тројанскиот јунак Кебрион“.

Авторот, во сл. 14, го наведува Прилеп источно од неговото Езеро, а северно од Прилеп и Езерото е неговата Тројанска Рамнина. Неговото Езеро со Хераклов Бедем, наспроти неговата Троја низ истек (канал...), се влива во друго негово Езеро -на југ. Со тоа што тој наведе дека што е „произлезен од описот што го дал Димитриј од Скепса (Demetrius Scepsis) дека Тројанската Рамнина се протега од устието на Скамандер, сè до Кембренија“...„треба да има град со име Чебрен (Cebren)“, се потврдува,таа негова Троја само со неговата Тројанска Рамнина не можела да биде.

„Кебренија (Чебренија) мора да е клисурата Кебрен (Cebren), која денес го носи името Чебрен (на прилепски говор)[49]

‘Рече така и на јунакот Кебрион тргна Патрокло...’ Ил-XVI-751

‘Околу Кебрион многу копја оштри се забодеа...’ Ил-XVI-772

Кебрион е внук од син на кралот Пријам и ако оваа клисура го носи името по овој јунак, тоа е уште еден доказ дека Троја е во Македонија.

Во секој случај, овој услов е исполнет. Постои Клисура и место со името Чебрен (Cebren-Cebrenia).

Чебрен (Cebren) и неговата местоположба во целост одговара на барањата од условот. Но, исполнет е и условот да постои град со име Чебрен, што го докажува извадокот од пописот на градови што ги зазел Стефан Душан во XIV век.

[49] Чебрен не е во Бригија=Брсјакија туку Пеонија. Прилепскиот и битолскиот говоре биле брсјачки.

‘...славниот град Костур, град Струмица, град Хлерин, град Железнец, град Чебрен...’[50]

Од градот Чебрен (Cebren), денес на неговата локација има само траги, а дека таму постоело населено место доказ е тоа што постои само манастирот во Чебрен и се наоѓа во близината на клисурата Чебрен“.

6.8. Сигеј (Sigeum)

„Самиот збор Сигеум значел тишина, но и реките Симоент и Скамандер откако ќе ги спојат водите, заедно продолжуваат и кај Сигеум ги испуштаат водите, при што треба да формираат бара на утоката пред морето. Тогаш Сигеум е ридот, кој се спушта од Солунска Глава, преку врвот Бел Камен во Пелагонија, т.е. Тројанската Рамнина, односно тој е прстот поставен на устата од двата гребени, кој заедно со него ја формираат буквата ε (епсилон). Види слика бр. 14, каде се гледа како двата гребени ја формираат буквата ε (епсилон).

Од оваа локација на Сигеј произлегува уште еден важен заклучок. Имено, ова ја дефинира и надморската височина на која била површина на морето од околу 595 м и притоа реката Скамандер, т.е. Црна Река ќе прави еден долг лак по северниот брег, сè до источниот брег од морето и ќе се влева во морето кај античкиот град Стимбара. Меѓутоа, д-р Шлиман во неговата книга ‘Илиос’, покрај ваков рид бара и град со име Сигеум.

Цитат од ‘Илиос’: ...

Превод Д.С.: ‘Градот беше уништен од страна на Илијците (Илианс- Илијците- Тројанците) наскоро по падот на империјата Персиска и тој веќе не постоеше во времето на Страбон’.

Меѓутоа, етимологијата на Сигеј (Сигеум), според авторите на овие докази значи ‘свети’. Според ваквата етимологија, градот Сигеј е град во непосредна близина на античкиот град Алкомена и тој е видлив од Троја. Затоа, негова голема веројатноста дека своето име го добил соодветно на неговата улога да ја предупреди Троја од можен напад со палење оган. Според локалните жители, селаните од денешното село Света пред да се преселат во ова село, живееле во непосредна близина на античкиот град Алкомена, во градот што го носел името Света како и името на ова денешно село.

А кои се Илианс- Илијците, Илијанците, т.е. Тројанците !?

Илианс- илијците во Мала Азија, кои ги споменува Страбон, се Македонците кои биле под власт на кралот Лисимах, кој пак претходно бил генерал во армијата на Александар Македонски. Тоа значи дека Македонците себеси се нарекувале и Илијци, т.е. Тројанци (Ilians), кој доказ е подолу во оваа книга“.

Па кај тн.Хомер ги немало Македонија- Македонците, Илирија- Илирите ...

За Македонија и Македонци пиши само Херодот (5 век п.н.е.). Кај него има и Пеонци, Бриги...Тие во Македонија ги приклучил само еден: Филип Македонски.

6.9. Арисба

„Градот Арисба, според овој цитат, исто така, можеби се наоѓал во Тракија...

Наш превод: ‘(4) Бројни слични имиња се наоѓаат на двете страни на Хелеспонт (Страбон 590),на пример во Тракија река Арисбус, во Лесбос и Троја градови наречен Арисба, во Троја е Скејска порта, а во Тракија е Скејска тврдина и река.’

---

[50] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, стр. 124, Скопје 1981.

(Наша забел.) Во Македонија на утоката на Вардар (Aksij) во Егејско Море, исто така, се наоѓала Скејска порта (Scaean gate)“[51]

Авторот воопшто не се ограничил за неговата тн.Троја- само во прилепско.

6.10. Аминдон- Amydon (a’-mi-don) град во Македонија

„Градот Амидон е лоциран од Страбон во неговата ‘Географија’. Таа (Пела) има едно езеро пред неа, од ова езеро Лудиас (Ludias)[52]тече река, а езерото се снабдува од притока на Аксиј (Вардар). Тогаш Аксиј, кој ги дели двете Ботиае (**Bottiaea**) (наша заб.) рамнина под планината Каракамен и земјиштето се нарекува Амфакситис (Amphaxitis) ја прима реката Еригон (Црна Река), која ги испушта нејзините води меѓу Чаластра (Chalastra) и Солун (Therma). И на реката Аниус (Anius) лежи местото, кое Хомер го нарекува Амидон (Amydon), велејќи дека Пајонците отидоа на помош на Троја од таму ‘оддалеку,од Амидон, од каде широкиот тече Аксиос’.[53]

Абидос Хомер го нарекува Амидон (Страбо 7 фрагменти). Амидон е град во близина на Солун на реката Вардар (Аксиј), на границата од Мигдонија и Батиеа (Bottiaeia) до градот Чаластра (Chalstra)“.

Книгата ја пишувам со цел да докажам, авторот ништо не оспори од она што јас го пишувам во двете книги за тн.Троја, а тој само ја помести местоположбата-посеверно. Со толкувањата на поимите јас не се сложувам-битна е само локацијата.

6.11. Педаеон (pee-dee’-on)

„Педаеон е град во Троја(Troad) (Ил-XIII-171).Можеби тоа е денешното село Подино, во близина на Троја во Македонија“.

6.12. Хелеспонт

„Според Страбон: ‘Не постои општа согласност за дефиницијата на терминот Хелеспонт’. И на овој начин, исто така, тие бараат на целата територија на морето Aegaean (Егејско) колку што Thermaean (Солунски) Залив и морето што околу Тесалија и Македонија да се нарекува Хелеспонт,повикувајќи се на Хомер“[54]

Хелеспонт=хелес понт: хелес=белес; понт=Понт- Понтско (Црно) Море...

Именки со в-н-т;Понт - н = пот:потонат(=пот он[он] ат) базен во Црно Море.

„Со овој цитат Страбон индиректно докажува дека тој знае,т.е. навестува дека Троја е во Македонија, но во ниту еден случај нема експлицитно наведено дека Троја е во Македонија, бидејќи е грчки географ и се придружува кон фалсификатите на Пизистрати Солон“.

Страбон знаел за тн.Троја во Мала Азија, со делови од Балкан (Македонија).

Friedrich Lübkers Reallexikon des klassischen Altertums, Druck und Verlag von B.G.Teubner • Leipzig • Berlin 1914, под Страбон, наведува: „Страбон. 1. Географ, околу 63 п.Хр. до 19 п.Хр., во понтската Амасеиа, ученик на граматичарот Аристодемос од Ниса...“. Па тој не бил Грк (Греик). Тој пишел на македонскиот коине.

„Овој цитат е доказ дека Хомер ја опева Троја во Македонија и поради тоа вели: ‘Бог Аполон кога ги наврте сите реки во коритото на Црна Река (Скамандер), го порамни Данајскиот Бедем во Хелеспонт, т.е. во Солунскиот Залив“.

---

[51] W.W.Haw, J.Wells, A Commentary on Herodotus Book 7 Chapter 20.

[52] Ludias е езерото околу кое биле населени Македонците (н.з. тука се наоѓала градината на Мида), кои во „Илијада“ се преименувани од редакторите во Маеонианс и тие по Тројанската војна емигрирале во Мала Азија (околу 850 п.н.е.) и ја основале Маеонија, т.е. Лидија. Името на Лидија можеби потекнува од името на ова езеро.

[53] Strabo, Geographz Book 7 Fragments.

[54] Strabo Geography p 321, Book VII, Fragments 472.

7. НАРОДИ

7.1. Тројанци и сојузници на Троја

„Хектор го испраќа својот војник Долон во извидница, но е заробен од Одисеј и Диомед. Тие го испрашуваат, а Долон ги набројува сојузниците на Троја, но сепак, потоа е убиен поради тоа што му кажал неточни локации на кои се сместени сојузниците на Троја. На испрашувањето на Долон одговорил:

'Ја ќе ти сè по вистина кажам права. Крај морето лежат Карци и со кривите лакој Пеонци, под градот Тимбра лежат Ликијци и Мисани љути добри коњаници Фризи, Меонци на коли борци. Но, зошто за све тоа подробно прашувате така ? Ако сакате во Тројски да влезете табор, сосем онде на крај новодојдени Трачани стојат, со нив кралува сега Рес, Ејонејев синко у него видех красни многу и големи коњи, што се побели од снег, во трчање подобни на ветер.' Ил-Х-427-436".[55]

Авторот продолжува со Бриги (Фриги) со од Херодот. Следното не е битно.

За „Илијада" прв македонски автор сум јас, кој тн.Троја ја сместил меѓу реката Шемница и Црна- во битолско. Па до Шемница е градот на последниот македонски крал Персеј..., која врви низ селото Могила како могила со Радоборската Тумба каде имало стара населба...Љубен Стојаноски ја поместил местоположбата далеку зад Шемница, а во близина до Црна Река. Бидејќи јас бев прв автор во светот што напишав книга- дел на Илијада од Македонија, тој беше обврзан, сакал или не, мене да ме наведе, и да образложи, зошто тој местоположбата само ја поместил. Напротив, тој мене не ме ни спомнува- јас не постојам.Така тој на мангупски начин мојата книга ја оспори, и отфрли.[56] Така ние двата меѓусебно самите се уништивме.

БЕЛАТА РАСА ЕДЕН НАРОД СО ИСТ ЈАЗИК И ТРАДИЦИИ

Херодот (5 век п.н.е.) наведува, Траките живееле северно од реката Дунав, Заткарпатите...Тој никаде не сретнал било какви Словени.Истото го потврдил и Царот Адријан (2 век н.е.), во Мемоарите на Царот Адријан. Тој престојувал северно од реката Дунав, на просторите кои би требале да бидат словенски, а тој таму такво нешто не видел. Следи од 5 в.п.н.е. до 2 в.н.е. немало било какви Словени. Бидејќи се говори, Русите биле Словени,а тие живеат Заткарпати,откаде потекнале Русите ? Според киевскиот свештеник Нестор (11-12 век), Русите потекнале од Илирик, кој бил на Балканот. Сето руско предание било поврзано само со реката Дунав, но не руските простори. Се поставува прашање, откаде потекнале тн.Словени ? За сите народи, Руси, Украинци, Романци, Унгарци, Чеси, Словаци, Полјаци...Балканци, Словените потекнале од Заткарпати. Со тоа што Заткарпати има четири географски страни, исток, југ, запад и север, за да нема никаков спор меѓусебно сите нека си фрлат ждрепка- на кого таа ќе му падне, со среќа само за нив тоа да важи.

Се кажа, Русите потекнале од Заткарпатите, каде биле населени Траките (Херодот). Следи Нестор бил во право- Заткарпатите биле руски, со руско потекло од Балканот, од Илирик. Со традиции само јужно од Дунав, од Балканот. Па за вр-

---

[55] До овде сè по ред е преземено. Насловов е на стр. 80. Следното не е за тн.Троја.-се негови ставови.

[56] Со авторот се сретнавме,и ми соопшти, дека првата моја книга за Троја ја имал...Јас му ја подарив и книгата „Античка=етничка Македонија" (2010)- во неа е мозаикот за тн.Троја. Бидејќи јас бев прв, бев убеден, дека неговата книга ќе ги надополни моите слабости, со негови толкувања, топоними...

ската на Русите со Македонија говори Еремиј Русо. Според него, Русите или Московитите се со истиот јазик како и античките Македонци. Ова го пиши Мавро Орбини (1601 година), кој за тоа наведува автори, кои до денес се непознати итн.

Од изложеното произлегува дека Русите потекнале од Балканот. Се потврдува, преселбите биле од југ кон север- никако обратно. Токму и затоа постои ДНК оддалеченост само од југ кон север. Ова било повод, Македонците ДНК да им се блиски на Критјаните, но никако на Дунавците или уште подалеку на Заткарпатците. Со истражувањата на Арнаиз- Велена (Шпанија) и др., Македонците се со слични генетски фреквенции со жителите на медитеранските острови Крит, Корзика, Сицилија и Сардинија. Според направениот дендограм, Македонците му припаѓаат на постариот медитерански субстрат како и Иберците, вклучително и Баските, Северноафриканците, Италијаните, Французите...

Се говори за Европјаните и Северноафриканците- Северноафриканци биле и останале Египтјаните. Во WEBTRIBUNE од 05.06.2017 беше објавено следново: „...'Генетиката во Абсир ел- Мелек заедница не претрпела некои големи промени во текот на периодот од 1300 години кои ги проучувавме, што укажува дека населението генетски останало релативно непроменето со странските освојувања и владеења', рекол водачот на групата Фолфганг Хак од институтот Макс Планк. Занимливо, древните Египќани заправо се поблиску поврзани со Европјаните отколку со Африканците. 'Откривме дека древните Египќани се поблиску поврзани со неолитското и бронзеното доба во Левантот, како и со неолитските анадолски и европски популации', напишале истражувачите. 'Кога овој образец се спореди со модерните Египќани, најдуваме дека древните Египќани се поблиску поврзани со сите модерни и древни европски популации кои ги тестиравме, веројатно поради додатната афричка компонента во современата популација' ".

Се наведе, Македонците биле ДНК блиски на Критјаните, а југоисточно од него бил Левантот, каде белата раса престојувала за време на леденото доба. Во Ларуса стои: „Од почетокот на квартерот- пред некои два милиони години- Земјата поминала низ ледени периоди од кои останале појачани траги на таложења, и кои ги прати, над 35-тиот напоредник, голем пад на температурата. А имало и меѓуледени периоди, знатно посуви и местимични потопли...".

Токму тој 35- напоредок бил јужно од Крит. Следи белата раса за време на леденото доба со траење од 0,5-1,0 милион години престојувала во Левантот, југоисточно од Крит, меѓу Сирија и Египет. Тој од некаде 10.000 г.п.н.е. почнал да се потопува, постанувајќи Средоземно Море. Нивото на морето од 4000 г.п.н.е. варира ± 3 метри. Доказ дека немало Средоземно Море била јагулата, која се мрести во Саргашко Море, а никако во Средоземното Море. Ако би постоела морска вода во Средоземниот Базен, кој станал Средоземно Море, таа ќе се мрестеше само во него, а не во Саргашко Море. За доказ дека имало потопи била рибата туна. Бидејќи пред 10.000 г.п.н.е. немало Англиски Канал, таа него како пократка патека не го користи. За движењето на рибата туна има и други толкувања итн.

За доказ дека Белците биле еден народ било божеството на Ведите во Индија Кришна, на Египет Хорус и на македонските Склавини Хора. Бидејќи Кришна, Хорус и Хора било едно те исто божество, се заклучува, Ведите, Египјаните и Македонците имале едно те исто потекло. Па што се тие Склавини, кои Римјаните до 5 век не ги познавале, а на Балканот се појавиле дури само во 6 век ? Тие биле само

Повеќебожци со својот Хора. Следи Солунчани биле Христијани со христијански јазик коине од Александрија кој го познавал и Апостол Павле- тој не го знаел службениот јонски јазик во Атина- Па Склавините биле само пагани со варварски=пелазгиски=склавински јазик на кој пишел Херодот, Тукидид, Платон...Пак, Хомеровиот јазик бил словенски, потврдено од Пасов (1815), Чулкас (1907), Критјаните...

Бидејќи поимот склавина означувал област на пелазгиски јазик, а тема на коине, никогаш немало етнички склавински и тематски народ туку само склавински (повеќебожен) и тематски (христијански) народ. Па само едно: верски народи.

За потврда,јазикот бил ист, со исти одлики, се наведува што пишел Херодот.

I-110: „Тоа ѝ го рекол и веднаш испратил гласник до еден од пастирите на Астијаг и кого знаел дека има најпогодни пасишта во горите, најбогати со диви sверови. Тој се викал Митридат и живеел со својата жена која била исто така робинка како и тој. Таа жена, со која живеел, се викала на хеленски јазик Кино, а на медски Спако, зашто Медијците за куче викаат 'спако'...".

Кино=куно- поимите се правеле со в-н-т: куво-куно-куто: куто=куте=куче.

Спако=с пако: к=с, пасо, пас, кој ги паси (чува) овците да пасат, и од волци...

„139. Има и една друга појава присутна таму, која Персијците не ја забележуваат, но нам ни паѓа в очи. Имињата, кои инаку им соодветствуваат на телото и на степенот на благородието, сите завршуваат на иста буква, која Доријците ја викаат 'сан', а Јонците 'сигма'. Ако, значи, човек обрне внимание на тоа ќе најде дека имињата на Персијците им завршуваат исто, а не некои вака други онака".

Имињата завршувале со с, ако тие „им соодветствуваат на телото и на степенот на благородието". Се говори за „благородието". Ваквата состојба била во старата ера василеус, а и новата ера 10...век василеус: у=в, Василевс + ки = Василевски.

Авторите ги одгонетнуваат помити со своите службени јазици или говори.

Љубен Стојновски, редовно на ФБ- пиши за јазикот коине, и тој вака вели:

„Како зборуваше Александар Македонски на ново македонскиот јазик, такаНаречен 'коине'.(За негово време не постоел коине туку само од 300-та г.п.н.е.,Р.И.)

Денес ќе Ве запознаам со зборовите:

θαβάκ (thabak)-табак (ленено парче хартија) (Табак=тутун од Америка, Р.И.)

θάλασσα (thalassa)- таласи, морска вода, море". (Талас=бран- далга..., Р.И.)

κάννάβις (каннабис)- канабис, коноп (бил во Скитија-тој не го познавал,Р.И.)

Бидејќи јас признавам само истогласно толкувања, не се сложувам со други.

Токму Љубен Стојаноски се исмејуваше со моите книги, објавени на мојата www.brigien.com, како на пример под број 11. „Европа само македонска, венетска= тн.склавинска=тн.словенска" итн.. во кои пишам раса=народ=јазик- белата раса била еден народ со еден јазик, со традиции и обичаи пренесени насегаде низ Земјата.

Бидејќи коине бил наследник на староегипетскиот, кој бил дворасен на Белци (Пелазги- Пелазги биле Македонците) и Црнци (Семити), тој не бил разбирлив.

Како доказ дека Египјаните со Македонците имале едно исто потекло беше со ДНК: ДНК на Египјаните била блиска со на Европјаните, како што биле Македоците. Меѓу нив биле Критјаните, кои ДНК се блиски со Македонците, а островот Крит било гранично подрачје на Левантот каде престојувала белата раса.

Врската се гледа со египетскиот јазик. Староегипетскиот јазик, како сиријскиот арамејски, бил дворасен јазик- на Белци и Црнци. Ова било само поради тоа што во Египет со до со Месопотамија живееле две раси- белата и црната. За подолг

период од двата јазика биле создадени дворасни јазици- сиријски и египетски. Од првиот бил создаден новоперсиски, а од вториот коине. За време на Птоломеите била извршена реформа на староегипетски, отфрлувајќи ги семитските зборови на црната раса, и се дошло до коптски јазик. Коптскиот јазик бил пелазгиски, со кого говореле фараоните пред да постои староегипетски јазик.Значи, коптскиот како фараонски јазик бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.Како што во Египет се извршила реформа на староегипетски, Константин Филозоф ја повторил истата постапка: од наследникот на староегипетски коине тој ги остранил само семитските зборови, и се дошло до пелазгиски=тн.словенски јазик. Со наводот, се потврдува, посебни словенски народи никогаш немало, а Склавините биле Повеќебожци.

За да се потврди дека на Балканот немало тн.словенски преселби, со и без инвазиии, досега ниеден не пронашол материјален доказ за преселби на Словени на Балканот. Бидејќи Македонците им се ДНК блиски на Критјанјите, но не на Подунавците и Заткарпатците, Македонците останале само свои во својата Македонија.

Во прилог се наведува доказот дека во Пелагонија не се населило племето Драговити според името на река Драгор, туку Драгор=драг ор произлегол од драги.

Љубен Стојановски[57]има наслов: „11. Тројанците се предци на Славените !?“

„Доказ за тоа е ‘Историјата на војните’ на Прокопиј Кесарски, кој пишува:

‘Овие народи, Словените и Антите...“. За него, наследници на Тројанците.

Славени и Словени не познавал Херодот, Тукидид...Прокопиј...

„Всушнот, треба да се преведе: ‘Водачот (Хацон, 614-616 г, Р.И.) на оние робови по име Хацон’. Зборот Σκλαβινων е Склавонон, т.е. Склавини или робови, тоа се, всушност, оние жители кои не смееле да живеат заедно со аристократијата во градовите, туку како робови живееле во земјанки и колиби...за разлика од жителите на градовите кои станале Ромеи. Поради тоа, овие робови (Словени) се нарекувале варвари...

Со претходниот цитат, исто така, е совршено јасно дека зборот Словен значи роб, т.е. тој збор не може да потекнува од словотот што ни го даде Константин Филозоф, кој е роден подоцна, т.е. живеел од 826 до 869 година...“.

Авторот е наполно во заблуда, затоа што Русите не биле Словени, туку само „роски народ“- тие пишеле со рески=рецки и биле Рецкари. Со преземање на коинското слово, тие станале Слово. Русите првпат за Словени се изјасниле само во 860 година, што го соопштил цариградскиот патријарх Фотиј. Јазикот коине бил христијански на Ромеите, кои биле Христијани. Пак, Склавините биле само Повеќебожци со варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик. Па тогаш имало само верски народи: Римјани (Ромеи) Христијани со коине и Склавини Повеќебожци со својот народен јазик, кој бил Хомеров (Пасов- 1815, Чулкас- 1907 и Критјаните во 1913 година го разбирале бугарскиот јазик, но не еладскиот од 1868 година, кој бил само реформиран македонски коине). Следи Повеќебожците за Римјаните биле варвари.

Склавини=робови е наполно погрешно- сè до денес штетно за Македонците.

Со тоа што белата раса била еден те ист народ со еден те ист јазик, со исти традиции и обичаи, со преселбите секаде до каде стигнале Белците си однеле свои традиции... Секаде се говори за потоп. За потопот се говори во Гилгамешовиот еп, кој во потполност бил преземен од Библијата. До истоветување на потопот со Атлантида...Во епот на Гилгамеш бил бокал. Па бокалот во Илијада бил заменет со коњ.

[57] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 173.

АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ЗНАЕЛ ЗА ТН.ТРОЈА ВО МАЛА АЗИЈА

Friedrich Lübkers Reallexikon des klassischen Altertums, Druck und Verlag von B.G.Teubner • Leipzig • Berlin 1914, под Троика наведува: „Троика. Порано, најповеќе прифатено, Троиа во старо време навистина била разрушена од Грците; се верува исто така уште денес повеќеструко, дека населбата на северноисточниот агол на Мала Азија од Еолците бил даден повод за епот...“'.

Харолд Ламб[58] пиши: „Патувањето било мошне пријатно. Времето било совршено, се чуствувал само здивот на слабо ветре што ја галело немирната површина на водата, додека сонцето ја греело црвеникавата земја на азискиот брег и ридчето Илија (Троја), кое се оцртувало јасно пред повисокиот венец од ридовите на копното. Непријателски бродови не се забележале никаде, само галеби летајќи лесно ја допирале водата. Дури и најсеверните Грци морале да признаат дека тоа е добар знак. Боговите секако ја штителе експедицијата на нејзиното патување и тоа бил знак за успех. А целата мала ескадра рибарски бродчиња и трговски бродови ја преминувала теснината Дарданели и луѓето извикувале: ‘Ej!’ кога ќе пристанеле на другиот брег и се свртувале да фрлат бегол поглед назад на север, не брегот на својата татковина.

Кога Александар скокнал на брегот во полна воена опрема, со оклоп со бели перја на сјајниот шлем, некој му префрли бршленов венец околу вратот. И веднаш од мермер им подигнале жртвеници на Зевс, богот-татко, заштитникот на патниците, и на Атина, во чест на Атињаните што биле во нивните одреди. Покрај тие жртвеници пиеле здравици со златни пехари во слава на боговите и во весело расположение брзале кон освоените тврдини на Илија да ги видат историските Скајски врати и барале предмети што би можеле да ги поднесат за спомени. Се чуделе кога откриле колку бил мал ридот на кој славните воини ги извршиле своите бесмртни херојски дела“.

Улрих Вилкен[59]пиши: „Најпосле сите подготовки за војна завршија и нападот започна во раната пролет на 334 година. Александар ја повел својата војска од Амфипол долж македонскиот морски брег до Хелеспонт, каде што стигна до Сестон во Херсонес. Имаше среќа бидејќи Персијците не мислеа да го спречат неговото преминување со својата огромна флота, пропуст кој беше голема грешка. Така со помош на 160 триреми и трговски бродови направени за оваа намена, без борба, војската беше префрлена од другата страна на брегот во Абид. Александар беше поттикнат од романтичните чуства да го посети светото место Илијад. Придружен од пријатели и мал број пешаци, отиде до јужниот рид на Херсонес, каде се наоѓаше гробот на Протесилиј, кој според легендата беше првиот од луѓето на Агамемнон, убиен при истоварувањето на азискиот брег. Александар му принесе жртва на Агамемнон со цел и тој самиот да има поголема среќа при истоварувањето. Така, кога неговиот команден брод премина на тројанскиот брег, во центарот на Дарданелите им принесе жртви на боговите на морето, Посејдон, Амфитрит и Нереид. Кога дојде блиску до брегот скокна сосе оклоп, го забоде копјето во песокливата плажа и извика дека ја добил Азија од боговите како ‘земја добиена со копје’. Ова симболично присвојување на непријателска земја е направено и од Клитарх, но тоа

[58] Харолд Ламб, Александар Македонски, Култура, Скопје, 1989, стр. 143.
[59] Улрих Вилкен, Александар Македонски, Мисла, Скопје, 1988, стр. 115.

е многу карактеристично и за однесувањето на Александар што може да се смета како историско. Наведувањето, меѓутоа, на неговиот извик се засновува врз извор премногу сомнителен за да ги оправда претпоставките за големината на неговите воени планови од тоа време.

Потоа Александар отиде во Илиум и со ентузијазам ги обнови сеќавањата на Тројанската војна. И го посвети својот штит на Атина и наместо својот зеде еден свет штит божем од времето на херојските години и на олтарот од Зевс Херкеј принесе жртва на Пријам, кој според легендата беше убиен од Неоптолен, синот на Ахил. Така, како наследник на Ахил, Александар сакаша да ја ублажи болката на Пријам. Во рамината под ридот Александар и неговиот пријател Хефестион положија венци на насипот со кој претпоставуваа дека се покриени останките на Ахил и Патрокле. Оваа екскурзија до Илиум овозможува длабоко да се проникне во романтичната душа на младиот крал".

Квинт Куртиј Руф[60] пише: „Значи, откако се слушнало за смртта на Филип, од чија што среќа и величие биле престрашени, се ослободиле од стравот; потценувајќи ја младоста на Александар; сметале дека тој ќе биде задоволен, ако може безбедно да си се шета низ Пела. Но кога започнале да стасуваат гласови за неговите војни и победи и сé нови и нови работи, многу се исплашиле од младичот, кога дотогаш го потценувале и најгрижливо почнале да се подготвуваат како за жестока и долготрајна војна. И бидејќи од претходните искуства научиле дека азискиот војник не му е рамен на европскиот, испратиле собирачи на војска во Грција, кои довеле околу педесет илјади млади платеници. За предводник на овие војски бил назначен Мемнон од Родос, којшто во многу претходни војски ја докажал својата верност и храброст кон Персијците. Тој бил испратен да го заземе Кизик; со забрзан марш преку Фригија, која е поврзана со Троада, тој дошол до планината Ида, која со самото име ја покажува природата на својата положба; имено, старите, местата со густи дрвја ги нарекувале иди. Оваа планина е повисока од другите планини кај Хелеспонт. Во средината на планината се наоѓа една пештера, што станала славна поради некој религиозен страв, предизикан од приказните, зашто се прикажувало дека судијата- Тројанец токму тука ја видел убавината на божицата, зашто тој по заповед на татка си бил оставен и израснал на планината Ида. Се зборува дека таа истата е татковина на Идејците Дактили кои први, откако Великата Мајка ги научила, ја изнашле двојната употреба на железото, што било исто толку полезна утеха за нуждата и напорите во животот, колку што било најстрашно орудие на бесот".

„Имено, Македонија ја има до себе Тракија, а таа пак, протегајќи се на исток би допирала до Азија, да не е од двете страни одвоена низ средина со морето; од десната страна граничи со Хелеспонт, а од другата Босфор, што го наречуваат Тракиски, го дели Византиј од Халкедон. Меѓу овие теснини се протега кон Пропонтида на поширен простор, покрај Битинија и пределот Понт. Под Битинија се наоѓа Мисија, а потоа доаѓа Фригија; Лидија допира до Фригија и тие се далеку од морето. Во внатрешноста, ширните простори ги населуваат народи славни по плодност и богатство. Бреговите што се свртени кон Тракија и Грција ги населуваат Хелеспонтијците; понатаму се населени Тројанците, славни по нивната несреќа. Под овие, низ долгите простори на бреговите на Лидија се расположени Ајолија и Јони-

[60] Квинт Куртиј Руф, Историја на Александар Македонски, Патрија, Скопје, 1998, стр. 62.

ја. Потоа доаѓа Карија со Дорида, којашто во најголем дел е обиколена со море, но се повлекува и навнатре. Кон овие земји припаѓаат и многу прочуените острови: Лезбос Ајолски, Хиос и Самос Јонски, Родос Дорски и многу други, чиишто имиња во грчките споменици станаа славни. Зашто во старо време сиот овој брег Грција го беше населила со колонии, кои и тогаш постоеле, но биле подложни на сатрапиите на персискиот крал и старата слобода ја беа замениле со варварско ропство[61].

Кога дошол до Сестон, Александар заповедал најголемиот дел од војската, под водство на Парменион, да се упати кон Абид, кој се наоѓал на спротивниот брег; кон оваа војска придодал и сто и шеесет тририеми и многу работници- надничари. Тој самиот, заедно со останатите заминал за Елеумт, светилиште на Протесилај, чијшто гроб таму бил покриен со натрупана могила. Околу могилата имало многу брестови од чудесен вид. Имено, од гранките што биле свртени кон Илиј, лисјата што наутро израстувале веднаш отпаѓале, додека кај останатите зеленилото било трајно.Се верувало дека на тој начин се искажува горчливата судба на херојот, кој во цутот на својот живот дошол со Грците во Азија и бил првата жртва на Тројанската војна. Тогаш Александар му принел посмртна жртва, молејќи се со подобри знамења да допре до непријателскиот брег. Оттаму, со педесет воени кораби се упатил кон Сигеј и пристаништето, што своето име го добило од Ахивците, чија флота ја примило во тројанското време. Кога веќе пловел кон Хелеспонт, а тој сам бил кормилар на својот кораб, им принесол жртва на Нептуна и Нереидите бик,а во морето фрлил златна чаша, од којашто се жртвувало на боговите, како дар на морските богови.

Флотата веќе била во пристаништето, кога кралот фрлил копје на брегот и прв со телото скокнал од коработ и ја допрел земјата; со тоа посведочил дека тој, со помош на боговите со праведна и света војна со ја присвојувал власта над Азија. Потоа биле поставени жртвеници на Јупитер, на местото каде што пристанал,зашто тој помага при пристанувањето, а потоа на Минерва и на Херкул; исто така заповедал да се изградат жртвеници и на местото каде што ја напуштил Европа.

4. Потоа се упатил кон полињата, каде што ги покажале старите станишта на Илиј. Таму, додека желно ги разгледувал спомениците на херојските дела, некој од жителите му ја ветил лирата на Парис. Но тој рекол; ‘Во општо не ме привлекува простиот инструмент што бил наслада на невоинствени, но дај му ја лирата на Ахил, на оној кој свирел пофалби за храбрите луѓе со истата рака, со која ги надминувал нивните дела’. Зашто тој најмногу му се восхитувал на Ахила, се фалел дека потекнува од него, па дури и заедно со пријателите гол прејавал околу неговиот надгробен споменик и ја ставил круната на неговата помазана глава. Хефајстион ја овенчал могилата на Патрокле, покажувајќи со тоа дека тој го има истото место на пријателството кај Александар, што Патрокле го имал кај Ахила. Меѓу многуте разговори за Ахила, кралот рекол дека се чини тој двојно блажен, бидејќи уште додека бил жив стекнал толку верен пријател, а кога умрел, велик гласник на неговите дела.

Александар им принел жртви и на останатите херои, чиишто гробови биле покажувани на овие места; му принел жртви и на Пријама до жртвеникот на Херкул, или за да ја смилостиви сенката на убиениот од Ајакидот, или заради родбинските врски, зашто тој сметал дека е поврзан со Илијците, бидејќи Неоптолем ја бе-

[61] Ибид, стр. 69.

ше земал за жена Андромаха, вдовицата на Хектор. Изградил и светилиште на Минерва, која ја почитувал со исклучителна религиозност; во храмот ги обесил своето оружје, а го остранил она, коешто висело таму уште од Тројанската војна; заповедал неговите вооруженици да го носат него напред, како со божеско пророштво да е предаден за покорување на Азија. Кажуваат дека тој го носел тоа оружје кај Граник, кога војувал со сатрапите.

Инаку, се радувал на убаво оружје и бил многу ревносен тоа да биде навистина убаво. Отпрвин употребувал мал кожен штит, сјајен шлем со убав гребен со перја, што виселе од двете страни, бележити по сјајот и големината; носел двократен платен градник; имал и железен шлем, сјајен и полиран како да е од најчисто сребро, дело на Теофил; имал и железен ѓердан, украсен со сјајни скапоцени камења; се опашувал со меч, прочуен по својата острина и цврстина, каков што малкумина имале. Неговата вредност ја зголемувало тоа што покрај големата тежина на железото, бил лесен за ракување. Кон ова вооружување, понекогаш додавал и воена облека, што тогаш се наречувала сикулска; впрочем, некои од овие работи, ги беше освоил подоцна, зашто градникот, за кого веќе кажавме, се наоѓал меѓу пленот од битката, што се водела кај Ис; мечот му го подарил кралот на Китиејците Киприј; Родјаните му го подариле појасот, когошто со неспоредлива уметност прекрасно го изработил Хеликон, одличник меѓу сите стари уметници.

Воопшто не се кајам што ги споменувам сите овие работи, зашто старите писатели сметале дека се достојни да се кажат. Впрочем, делата и зборовите на великите кралеви, па дури и на оние, што не смеат за толку значајни, се раскажуваат со сласт и задоволство. Секако, во времето што следело, долго се покажувало оружјето на Александар.Старината го поштедела дотаму што еден од римските цареви, кога ги освоил кралствата на Понт, својот триумф го украсил со хламидата на Александар; друг пак, го ставил градникот на Александар и така прејавал низ мостот што го изградил на морето, натпреварувајќи се со Дареј и Ксеркс.

По сето ова, Александар го напуштил светилиштето на Минерва и заминал за Арисбен, каде што имале логор Македонците кои преминале со Парменион. На следниот ден покрај Перкотен и Лампсак, се упатил кон реката Практиј: таа извира од Идајските планини и протекува низ лампсачкото и абиденското поле, потем се свртува малку на север и се влева во Пропонтида. Потоа кралот минал покрај Хермот, ја довел војската до Колони, град којшто се наоѓал сред Лампсаките. Откако сите тие му се предале, зашто тој им простил на граѓаните на Лампсак, го испратил Панегор за да го прими градот на Пријапените, кого жителите го предавале; Амината,синот на Арабај,со четири чети предводница и една од Аполонијците,што ја предводел Сократ, заповедал да заминат и да извидуваат, зашто непријателите се подготвувале за војна. Меѓу нив со војничко искуство особено се истакнувал Мемнон“.

За место положбата на Троја, која многу истражувачи ја трагале, Љубен Стојаноски,[62] на стр. 15, истакнува, што пишел Страбон, цитирано од Х.Шлиман: ...

Наш превод: „Тој понатаму наведува дека според Hegesianax, Галатјаните, откако дојдоа од Европа, отидоа во Илиум за пребарување на утврденото место, но, тие веднаш заминаа, бидејќи градот немаше sидови за одбрана (Strabo, XIII.p.594)“.

„Наш превод: (Страбон) тој беше информиран дека Лисимах по смртта на Александар, посветил големо влијание на Илиум, го опкружил со sид во обем од 40

[62] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014.

стадии и се населил во Илиум и во околните антички градови, кои биле во состојба на распаѓање“.

Па подигнатата тн.Троја била во Мала Азија, која ја посетил и Александар.

„За овој град што го изградил Лисимах во ‘Илиос’, на Dr. Schliemann е запишано: ...

Превод Д.С.: ‘Под грчкиот град Нов Илиј, но ѕидот најверојатно беше македонски’ “.

„Ова тврдење на Страбон не е произлезено од анализа на текстот во ‘Илијада’, туку најверојатно го има прифатено тврдење на Димитриј од Скепса (Demetrius of Scepsis), кој тврдел дека е роден во Троја...“.[63]

Авторот за Димитриј од Скепсис објаснува во фуснотата бр. 20: „Demetrius of Scepsis- Димитриј од Скепсис бил библиотекар или чувар на книгите од Аристотел во Скепсис, Анадолија, Турција...“.

Па само тн.Троја во „Анадолија, Турција“ се истражувала, за која се пиши.

Филип Шерард[64] пиши: „Помислувал на Троја, античкиот Илион, позорница на битки измеѓу Грците и Тројанците, овековечена во Хомеровиот еп. Константин патувал во тоа чуено место во Мала Азија и го прогласил за погодно седиште на својата идна престолнина. Според преданието, тој лично ја одбележил линијата на утврдувањето и наредил одма да се почне со градење. Според легендата, делото веќе било во полн ек и капиите на главниот ѕид веќе биле вглавени кога богот една ноќ му се јави на царот во сон и му нареди новата престолнина на Римското Царство да му се додели друго седиште.

Дали оваа боженска интерпетација била разлог или не, царот ја напуштил Троја и го избрал Византт, мал трговски град од стратегиска мошне поволна положба наа земјоузот во Мраморно Море“.

Воведот го започнува: „Во прастарите времиња на митските векови стигнал кралот Визас од Мегаре, со своите чети, до устието на Босфор и основал таму градче Византион- Визант- град на Визас.Никогаш тогаш не можел да слути дека еднаш од таа населба ќе никне град, па дури и држава, на која ќе ѝ биде судено да доживее илјадогодишна историја и да ѝ поклони име на една значајна историска епоха“.

Делата на тн.Хомер биле атински-Атина бил многу млад град, без традиции.

АТИНА

Friedrich Lübkers Reallexikon des klassischen Altertums, Druck und Verlag von B.G.Teubner • Leipzig • Berlin 1914, под Атина наведува: „Атина. Топографија. Старост на Атина. Најстари населби во микенското време на Акрополис е докажан еден пелазгиски господарски град...“.

Бранко Вукушиќ[65] пиши: „Во заклучокот на ова поглавје Салинас е катергоричен: ‘Номенклатурата од Каталогот на бродовите како ни митовите на Херојското доба на Грција ни во најмала мера не ја одразуваат микенската цивилизација од кои, се верува, би можеле да потекнат Грците’.

Осмата глава носи наслов Дорска и јонска миграција...

---

[63] Ибид, стр. 31.

[64] Филип Шерард, Византија, Редакција TIME-LIFE, српско издание, Белград, 1972, стр. 18.

[65] Branko Vukušić, O trojansko slovenskoj mieteriji, Pešić i sinovi, Belgrad, 2003, стр. 23.

По Гркот Ератостен хронолигијата на тоа доба изгледа вака:

1313. г. с.е - Кадмо воведува алфабетско писмо

1183. г. с.е.- пропаст на Троја

1103. г. с.е.- повраток на Хераклидите (Дорска инвазија)

1043. г. с.е.- Јонска инвазија (Јонска колонизација)

884. г. с.е.- Ликугови закони

776. г. с.е.- Први олимписки игри“.

Лидија Славеска,[66] во фуснота 17, пише: „Целата листа...Според Кумранските списоци...при што Т.Јанев нотира дека Атина е основана во 776 год. пред н.е., а Рим покасно, во 753 год. п.н.е. ...“.

Бидејќи Атина била многу млада во однос на Месопотамија и Египет, таа од таму и соседни простори сè преземала. Тоа било и со буфот=Семирамида на пари...

Авторите пишат, сè што било во Атина, било донесено од далечни простори.

Вилкенман • Гомолка-Фухс[67]пишат дека „раскажувачите,славните научници и најповеќето уметници учеле од варварите. Па геометријата и астронимијата била прво од Египет. Астрологијата и хороскопите е пронајдок на Халдеите. Арапите и Фригите биле за првото посматрање на птиците. Тромпетата е дело на Тирените и флаутата на Фригите. Учењето на трагедијата и раскажувачките дела. Буквите ги пронашле Феникијците. Така раскажуваат Грците, и Кадмо тие го донеле во Грција. Медицината со Апис почнале Египќаните.Потоа Асклепиос таа понатаму ја развил. Бродот најпрво бил изграден во Либија. Мистериите на Дониските, Панатинските, Тесмофорските и Елеусинските култови од Орфеус, од еден Одрисен, биле во Атина внесени, кој регилиозните обичаи за Исис и Осирис по патување за Египет ги пренел на Деметар и Дионисос, учат Плутарх од Хоронеа во Беотија и Диодор од Сицилија. Тоа го истакнува говорникот Демостенес, кога тој кажува, дека Орфеус ним им посредувал свети обичаји. Исто така култот на Реа или на Кибела или на Бримо- или тие ги нарекуваат, како што сакаат. Оти постојат мноштво имиња без субстанца- и чии празници и обичаи од Фригија во Грција биле донесени...“.

Бидејќи Атина бил нов град, нејзинјите владетели сакале таа да има свои дела како што имало во Египет и Месопотамија. Следи Редакцискиот одбор на Пизистрат составил дело Илијада со делови од Египет, Месопотамија..., а Платон дури и Атлантида, чии градежи биле како градежите на Картагина во време на Платон.

Херодот, под II-52, пише: „Порано Самотрачаните се молеле на богови општо и им принесувале жртви- така јас знам зашто го чув во Додона- не споменувајќи никого од нив по име ни по прекар. По име едноставно ги немало чуено. Ги нарекле богови затоа што тие ги поставиле сите работи и се распределиле. Поминало многу време додека не дошле од Египет имињата на другите богови (имено, за Дионис разбрал многу подоцна) и потоа за тие имиња барале пророштво во Додона (се смета, пак, дека тоа пророчиште е најстаро од сите хеленски пророчишта и во тоа време единствено). Кога, значи, Пелазгите го прашале пророчиштето во Додона дали да ги прифатат имињата што им дошле откај барбарите, им било одговорено да ги прифатат. И од тоа време тие при жртвувањето им се обраќаат на боговите со имиња. А од Пелазгите подоцна ги примиле и Хелените“. (Ништо хеленско, Р.И.)

Очигледна врска со Египет. Токму од Египет во Атина сè било превземено.

---

[66] Лидија Славеска, Македонската генеза, Матица Македонска, Скопје, 2008, стр. 75.

[67] FriedhelmWinkelmann•Gundrum Gomolka, Frühbyzantinische Kultur, B.Gutenberg, Wien,1990.стр.39.

„53. За тоа од каде потекнува секој од нив,дали тие сите постоеле отсекогаш, како воопшто изгледа, Хелените не знаеле до скоро, што се вели, до вчера. Мислам дека Хесиод и Хомер се постари од мене четиристотини години, не повеќе. А тие се тие кои на Хелените им го направиле родословието на боговите, им дале имиња, им ги распоредиле почестите и вештините и ги опишале нивните ликови. А што се однесува до поетите за кои велат дека живееле пред овие двајца, јас барем мислам дека живееле по нив. Првото за нив зборуваат свештеничките во Додона, а второто, она за Хесиод и Хомер, е мое мислење“.

Па сè почнало со Хесиод и Хомер. Меѓутоа, слепец Хомер никогаш немало.

ХЕРОДОТ ГО НАВЕДУВА ХОМЕРА

Херодот, под II-23 , наведува: „А оној што кажал за Океанот, вплеткувајќи се во нејасни приказни, не дава можност човек да го побива. Јас барем не знам за никаква река Океан и мислам дека Хомер или некој од постарите поети си го измислиле тоа име и го внел во песните.

24. Ако треба јас сам, бидејќи не ги прифатив приложените мислења, да изнесам што мислам за тие нејасни работи, ќе кажам која е, според мене, причината што е Нил лете полноводен. Во текот на зимата сонцето, изгонето од студот од стариот пат, оди во горна Либија.Така, во најкратки црти да се објасни, сè е кажано; ако тој бог (Сонцето) е најблиску до земјата, до која и да е, таа, природно, останува во најмала вода и тамошните речни текови пресушуваат“.

„43. За овој Херакле сум чул приказна дека бил од дванаесетте богови. А за оној Херакле, когошто го знаат Хелените, никаде во Египет не можеше да се чуе ништо. И дека Египќаните не го презеле тоа име (на Херакле) од Хелените, туку поскоро Хелените од Египќните и дека тоа се тие Хелени кои му ставиле име Херакле на Амфитриоповиот син, јас имам многу докази дека е тоа така. Меѓу нив и тоа што родителите на тој Херакле биле Амфитрион и Алмнена, а тие од дамнина влечат лоза од Египет. Потоа, Египќаните велат дека не ги знаат имињата ниту на Посејдон ниту на Диоскурите, ниту тие богови ги имаат примено меѓу другите свои богови. Ако тие презеле име на некое божество од Хелените, за тоа требаше не бледо, туку сосем добро да се сеќаваат, како што јас мислам и како што ме учи паметот, ако уште тогаш Египќаните се занимавале со морепловство, а и некои Хелени биле морепловци. Јасно е дека Египќаните поскоро ќе ги научеле имињата на тие богови отколку на Херакле. Туку Херакле е некое старо египетско божество. Како што самите кажуваат, тоа било седумнаесет илјади години пред да завладее Амасис, кога од осум станале дванаесет богови, меѓу кои сметаат дека бил и Херакле.

44. Сакајќи да дознам за тие работи нешто сигурно од оние од кои можеше да се дознае, отпловил во Тир, во Фојникија, зашто бев разбрал дека таму има храм што му е посветен на Херакле. Го видов храмот богато дотеран и со многу други украси, а имаше и два столба од кои едниот од суво злато а другиот од смарагд што веќе силно светеше. Кога стапив во разговор со свештениците на тој бог, ги прашав колку време има откако е изграден тој храм. Открив дека ни тие не се согласуваат со Хелените. Рекоа дека тој храм е изграден кога е основан градот Тир, а откако е населен Тир има две илјади години. А во Тир видов и друг храм на Херакле, кого го викале Херакле Тасиски. Тогаш отидов и на островот Тасос. Таму најдов храм на

Херакле изграден од Фојничаните кои го подигнале кога испловиле на Тасос барајќи ја Европа. А тоа се случило пет човечки поколенија пред да се појави во Хелада Херакле,синот Амфитрионов.Истражувањата јасно покажуваат дека Херакле е старо божество. Затоа јас мислам дека најисправно постапиле оние Хелени кои и им ги изградиле храмовите и почитуваат две божества со име Херакле, па на едниот му жртвуваат како на бесмртен олимписки бог а на другиот како на мртов херој“.

„50. Впрочем, имињата на речиси сите богови во Хелада дошле од Египет. Дека дошле откај барбарите, открив испитувајќи. Најмногу, пак, верувам дека се дојдени од Египет, зашто освен на Посејдон и на Диускурите, како што и порано го кажав тоа, освен на Хера, Хестиј, Темида, Харитите и Нереидите, имињата на другите богови отекогаш постоеле во земјата на Египќаните. Го зборувам она што го кажуваат самите Египќани. А имињата на овие богови за кои Египќаните велат дека не ги знаат, јас мислам дека Хелените ги имаат примено по име од Пелазгите, освен Посејдон. За тој бог, пак, чуле од Либијците. Никогаш никаде името на Посејдон не се споменувало освен кај Либијците, и тие тој бог го почитуваат отсекогаш. А Египќаните вопшто не почитуваат херои“.

„116. Свештениците раскажуваат дека такво било доаѓањето на Елена кај Протеј. Јас мислам дека Хомер ја знаел таа приказна, но веројатно за епопејата не му била погодна како другата, онаа со која се послужил, и затоа ја изоставил, макар што покажува дека и неа ја знаел. Тоа станува јасно од она место во ‘Илијада’ (и никаде на друго место не се наврака на тоа) каде пее за талкањето на Александар, кога, одведувајќи ја Елена, фрлал таму-ваму од брановите, се нашол и во друга земја, а втасал и во Сидон, во Фојникија. Тоа го спомнува во овој дел што зборува за подвигот на Диомед. Таму вака ги сложил зборовите:

‘Саите таму ѝ биле, шарените, дело на тие
сидонски жени, што сам боголикиот Александар
дури од Сидон го довел штом г’ изминал ширното море,
по оној пат како ја довел и Елена славна по татко’.

А и во ‘Одисеја’ спомнува во овие стихови:

‘Ќерката Зевсова онакви напивки имала мудри,
јаки, Полидамна, жената Тонова, што ѝ ги дала
в земја египетска, каде што најмногу полето родно
плодови дава за напивки добри, но и за жални’.

И ова второво каде што Менелај му зборува на Телемаха:

‘В Египет бози ме држел желен да пловам за ваму,
бидејќи не сум им заклал јас говеда стотина гојни’.

Од тие стихови е јасно дека Хомер знаел дека Александар заталкал во Египет. Имено, Сирија се гранички со Египет, а Фојничаните, чиишто е Сидов, живеат во Сирија.

117. Од овие стихови и од ова место не малку, туку јасно излегува дека епот ‘Кипри’ не е од Хомер, туку од некој друг поет. Во ‘Киприте’ се кажува дека Александар, кога ја водел Елена, за три дена втасал од Спарта во Илиј со поволен ветер у мирно море. Во ‘Илијадата’, пак, се вели дека Александар со Елена бил фрлан по морето. Тука, нека си останат со здравје и Хомер и ‘Киприте’ “.(Хелена=Елена,Р.И)

Пизистратовиот тн.Хомер употребил делови од повеќе познати простори. Следи авторите да најдуваат сличност- според нив, тн.Троја била на повеќе места.

Херодот во VII книга пиши: „42. Војската го минувала патот од Лидија кон реката Каик и кон Мисија, а кога тргнала од Каик, движејќи се десно од планината Кан, минала низ Атарнеј и втасала во градот Карина. Оттаму се одело низ Тебанската Рамнина и се минало покрај градот Атрамитеј и покрај пелазгискиот град Антандар. Оставајќи ја Ида лево, Ксеркс одел во илиската земја. Кога војската ноќевала во подножјето на Ида, прво настапило невреме со грмежи секавици од што загинал голем број луѓе.

43. Кога војската втасала на Скамандер, кој им бил првата река на патот откако тргнале од Сарди, реката пресушиле, недостасало вода за да се напои војската и добитокот. А кога Кесеркс се нашол таму, обземен од желба да ја види тврдината, се качил на Пријамовиот Пергам. Откако видел и ги чул сите приказни за она што се случило таму, на Атена Илиска ѝ принел како жртва илјада бикови. Магите, пак, им излеале леанки на хероите. Откако биле принесени тие жртви, ноќта во логорот завладеал некаков трепет. Но штом се разденило, тргнале на пат. На колоната од левата страна ѝ се наоѓале градовите Рojтеј, Орфинеј и Дардан, којшто е соседен со Абид, а од десната тевкарските Гергити“.

„ИЛИЈАДА“ БИЛА ДЕЛО НА РЕДАКЦИСКИОТ ОДБОР НА ПИЗИСТРАТ

Харолд Ламб[68] пиши: „Расправата за Парапанисад морала да дојде до ушите на Аристотел. Наместо непосредно да расправа со своите бунтовни ученици, тој се задоволил со тоа една вечер во градината да им објасни дека границата на сознанието постојано се поместува и дека со секој век сè повеќе се дознава за светот. И додека на овој начин, пелтечејќи, дека во времето пред Хомер за ридот Олимп, кој сите можеле да го видат од јужна Македонија, се мислело дека е престојувалиште на боговите. Дури кога смелите истражувачи се искачиле на него, се видело дека тие се сосема обични голи карпи. Тогаш митскиот рид Олимп во човечката фантазија бил сместен источно од Троја, каде што неколку врвови ја пробивале границата на облаците. Се чини дека луѓето, исто така, замислувале оти Олимп се наоѓа далеку на Кавказ. Кога и тоа било истражено, се открило дека е само еден друг природен, иако висок планински венец. Аристотел не го ни спомнал зборот Парапанисад“,

Се потврдува, Олимп немал важност за митологија. Бидејќи и тие простори станале дел на освојачка Атина, за тие простори, што важело и за тракиските, Атина сите тие си ги поврзала митолошки, изгледајќи, сите тие простори се атински.

Бранко Вукушиќ[69] пиши: „Потоа доаѓа до Дорска инвазија...Дури е утврдено дека наводно еолскиот дијалект се говорел во околината на Шлимановата Троја 8 и 7 век с.е. Салинас дава критичка слика на грчката праисторија како што ја знаеме, од Херојското доба до првите олимписки игри.

‘Така веќе околу 1000. г. с.е. Хелада поседувала нешто изворно што не било нејзино- хомеровското име, култот на Атина, некои значајни претци во Херојското доба, итн’, кажува Салинас. Атина за себе приграбила примат во тоа. Веќе околу 900. г. с.е. во керамиката од геометрискиот период се најдува сличност со Илијада, како да се работело за нивните современици. Изгледа веројатно дека керамиката на

[68] Харолд Ламб, Александар Македонски, Култура, Скопје, 1989, стр. 63.
[69] Branko Vukušić, O trojansko slovenskoj mieteriji, Pešić i sinovi, Belgrad, 2003, стр. 24.

геометрискиот период на некој пат била испирирана со стара Атина од Тарентум, како што бил инспириран Платон за неговата легенда за Атлантида.[70]

„Во последната десета глава (Postskriptum) Салинас кажува дека нема податоци дека Хомер бил слеп. Во химната на јонската школа на хомеровската традиција, напротив, коренот на името на авторот на Илијада е 'очи'. Во време на Пизистрат (6. век с.е.) кога се преведени и редиговани Илијада и Одисеја и вклучени во редовните Панатински фестивали на Хомеровото слепило, односно очи, биле симбол на неговата поетска визија одвнатре. Подоцна, меѓутоа, слепилото на Хомер послужило како објаснување за неможност Илјада да се стави во уверлив геогафски контекст".[71]

Тн.Хомерови дела потекнале за време на Пизистрат (6 век п.н.е.)- не порано.

Милан Будимир[72]пише: „Овој крупен чинител мораме да го имаме на ум од два разлога. Од неа, прво, мораме да заклучиме дека хомерскиот хексаметар имал релативно долга предисторија, и дека,према тоа,песникот на Илијада или Ахилеида е поблиску на крајот на епското создавање одколку неговиот почеток. Во таа смисла говори и песникот Хоратиј кога кажува дека имало песници и пред Хомер. На таков позен датум нашата Илијада, која треба да се вика атичка, оти во Пеисистратовата Атина доживеала своја конечна редакција, не упатува и на лингвистички детал, како што е колебање во метриката, необавестеност околу дигамите, контракција на вокалите со нахнадни должење, накратко, атичка политура како најнов слој на интердијалектската хомерска стратиграфија, на која укажал Швајцарин J. Вакернагл".

Бидејќи Илјада во „Пеисистратовата Атина доживеала своја конечна редакција", таа била составена само од Редакцискиот одбор на Пизистрат- во 6 век п.н.е.

„Земајќи ја старата и прецизна традиција за атинската редакција на хомерските песни не како докажан тврд чинител отколку како работна хипотеза, мада за неа говори посредно Аристоховото сведоштво и поуздан наод на лингвистичката анализа, ќе ја изнесеме накратко состојбата и приликите во Атина под крајот на VII и на почетокот на VI в. ст.е.. Тоа е времето кога наша Илијада, ова која ја читале грчките деца, државници и мислители и кои нам ни ја предале александријските филозофи, можеле да го добијат својот денешен облик. Според споменатата традиција, пред Пејсистратовата редакција хомерските песни биле расути и несредени. Треба да се има на ум дека изразот 'хомерски' не одбележува некое одредено лице, туку дека хомер е синоним за расод и да тој израз се однесува само на јуначките песни со поголем обем, нарочито на оние за ахајските и тројанските јунаци. Заправо за таква поезија се претпоставува уметник на поголеми способности, вистински 'составувач', те. ομηρος. Во тој случај, именицата ομηρος многу е постара од името 'ομηρος', кое во живиот народен говор така да се рече не ни постоело како име, отколку можда како надимок".

---

[70] Помалку е познато дека Платон го покренал митот за Атлантида, со моќната препотопска изчезната цивилизација, на основ на дваесетгодишниот престој во прогонство во Египет, импресониран со египетската култура. Како голем атински патриот, тој се вклучил во тогашните напори за создавање мит за најголемата слава и древност на Атина. Наводно, Атињаните се уште постари и понапредни од Атланта, дури заблагодарувајќи им на Атињаните, овие биле зауставени во покушување да ја покорат Грција. (Елада, Р.И.)

[71] Ибид, стр. 30.

[72] Милан Будимир,Са балканских источници, Српска књижевна задруга, Белград, 1969, од интернет.

Следи Илијада била дело на Редакцискиот одбор на Пизистрат (6 век п.н.е.)

„Како веќе е речено, на почетокот на VI в. ст.е., измеѓу Солоновите реформи и Пејситратовата тиранија, ги повел Атињанинот Милтијад своите сограѓани, трговци и колонисти, подлабоко во трачко задгрбие на североисточниот Балкан. Така Атињаните се утврдија не само на трачкиот Херсонес, туку отишле длабоко во областите на трачкиот песник и пеач Орфеј и Тамир.[73] Од тие области дошле по своја прилика, веќе порано, преку Бојотија, трачките мајстори-певачи, кои во Атина добиле и грчко презиме Еумолпиди. Тоа значи: потомци на добрите пеачи. Орфеевите Трачани, заедно со трачкиот бог на виното и љубовта, младиот Дионис,[74]се здружиле со атичките земјоделци во Елевсин и основаа офричко- дионосови мистерии, кои се одржувале сè до во првите векови на христијанските евангелија. Овој крупен термин во европскиот речник веќе се јавува кај Хомер. Главно божество на орфичките мистерии постанува Ерот (Љубов), чиј примитивни култ веќе порано е документиран во Бојотија. Виното и љубовта се нераздвојни боженски сили, кои дејствуваат истовремено и на небо и на земја“.

Главното ширење на Атина била за време на Пизистра. За тоа требало дело.

Херодотова Историја,[75] во предговорот, се наведува: „Посебно место...Историографијата почнува да се развива тогаш кога интересот за епот почнува да стивнува и кога Хелените излегуваат на светската сцена каде што доаѓаат во допир со источните народи, значи, на крајот на VII-от век и почетокот на VI-от век п.н.е., и тоа кај оние Хелени кај кои се развил и епот, т.е. кај малоазиските јонци, се разбира под влијание на староисточните култури. Тие, од една страна, имале смисла за набљудување на надворешниот свет и ја негувале раскажувачката уметност, а од друга страна, кај нив надоаѓале вести и за далечните краишта на Западот и за пространите држави на Истокот. Причината со појавата на историската повест во тоа време биле длабоките социјални преобразби кои се јавиле како резултат на жестоките класни борби во хеленските полиси. Тие процеси земале замав во Јонија. Со својот социјален и економски развој јонските градови, посебно Милет, биле далеку понапредни во споредба со полисите на Балканот. Затоа таму луѓето ‘од перо’, ослободувајќи се од метарот и другите одлики на поезијата, почнуваат да ги пишуваат своите дела, кои подоцна ќе станат темел врз кој ќе се развие историографијата. Секоја прозна творба на самиот почеток кај Јонците се викало просто ‘логос’, што значи ‘кажување’, ‘приказ’, ‘реч’. Содржината на тие творби била историска, митолошка, етнографска, географска, морализаторска и природонаучна, а не ретко ‘логосите’ биле зборници на анегдоти и раскази од животот на видни луѓе. Во атичкиот дијалект на класичната епоха немало термини кои би ги означувале различните жанрови на прозата, па историчарите се вбројувале, просто, меѓу прозаистите. Тие биле λογογράφοι (писатели на прикази) или λογοποιοι (творци на прикази), за разлика творци на епот- έποποιοι, или од творците на друга поезија, не еп, ποιηταί. Λογοποιοι биле и поетите на басните, како, на пример, Ајсоп, но исто така и оние кои пишувале говори, судски или политички, сеедно, па и оние што измислувале новости. Во историјата на литературата порадо се усвоил терминот ‘λογογράφοι’...“.

Сè што било прифатено во Атина било од источните простори, а и Египет.

---

[73] Орфеј=ор феј: ор пеј, ор пеи- ори и пеи=пеј; Тамир=та мир- варварски=пелазгиски=тн.словенски.
[74] Дионис=дианис=пианис=пианиш; Опиум=опи ум; Афион=афи он: афи=офи=опи; Еумен=е ум ен.
[75] Херодотова Историја, Завод за унапредување на стоанството на Република Македонија, 1988.

Пизистрат (6 век п.н.е.) сакал да има дело, како што имало во Египет и Месопотамија. Тој составил Редакциски одбор, кој требало да создаде атинско дело.

Ентони Брајер и други[76] пишат за првиот „мртов“ јазик. Тие наведуваат, сумерскиот јазик[77] останал званичен на царството за врем на владеењето на третата династија на двајца нејзини претставници, Шу Син и Иби Син, кои имале акадски имиња.[78] Со преминот на власта на аморитските владетели, сумерскиот јазик престанал да биде говорен, сепак не излегол потполно од употреба. Владетелите ги врежувале своите натписи на сумерски, иако често со акадска верзија на истиот текст. Во листата писарите го додавале и акадскиот превод за секој сумерски збор. Овде биле најзанимливи приказните за боговите и хероите. Овие легенди, чиј средишен лик бил Гилгамеш, мошне многу потсеќале на Хомеровите епови. Гилгамешовата победа над небескиот бик кој му го испратила божицата на љубовта Инама, со неа да се бори оти ја одбил Гилгамеш и се судрил со неговиот бивш крал Киш.

Хомеровиот јазик бил и сумерскиот- имало дворасни јазици на бели и црни.

Следи „...лик бил Гилгамеш, мошне многу потсеќале на Хомеровите епови“.

Еберхард Цангер,[79] на стр. 227, пиши: „Идеата со коњ посведочува, дека Хомер ја црпел од еден голем наод, ама ипак е плагиат...Во секој случај тој го изградил на пример од Предна Азија од саканиот Гилгамешовиот еп. Исто така приказната за Тројанскиот коњ изгледа се заснива на раскажувањето: тоа настанало од времето на Тутомосис III...При тоа се најдува исто така голем бокал, кој како и сите други предмети од жителите на Јафа како плен во градот се внел. Во ноќта слегле од бокалот египетските војници.За Хомер се понуди, место бокал да земе еден коњ, со тоа тој идеата во најмала рака потполно не ја украл...“.

Роберт Гревс,[80]под 83 Мида, пиши: „2. Ама како магарињата биле посветени на неговиот побратим Дионис, кој пар магарења поставил и на небо (Хигин: Песничка астрономија II, 23), веројатно е дека Мида го славел Дионис прерушен во магаре. Пар магаречки уши на врвот на скиптарот од трска бил кралски знак кои ги носеле сите египетски династички богови, како спомен на добата кога владеел Сет со магерешки уши (види 35, 4). Опаѓањето на Сетовата моќ и нејзиното привремено оживување го продолжил Сетовиот култ и во времето после вториот милениум пред новата ера, во долината на кралевите на Хиксите, ама бидејќи Хетите биле дел на големата хорда на северните освојувачи, кои ги предводеле Хиксосите, Мида со магарешки уши, веројатно, ја захтевал од Хетите власта во име на Сет. Во добата пред династијата, Сет владеел со втората половина годината и го убивал својот брат Озирис, дух на првата половина, чиј амблем бил бик; тие биле, всушност, семејни супарници близнаци, кои непрестално се отимале за милост на својата сестра, Месечевата божица Изида“.

Магарето било од Месопотамија до со Египет-магаре немало во Мала Азија.

Љубен Стојановски[81] пиши: „Како што јасно кажува Страбон...Но дали постои град Теба е прашање, на кое треба дополнително да се најде одговор (можеби

---

[76] Entoni Brajer i drugi, „Stari svet“, Beograd, 1984.
[77] Сумерите биле Белци со закосени очи како Египтјаните. Тие биле медитерански тип- Пелазги.
[78] Акадците биле Црнци. Според авторите, тие биле „Црноглави странци“- со потекло од Африка.
[79] Eberhard Zangger, Ein neuer Kampf um Troia, Argäogie in der Krise, Droemer Knaur, München, 1994.
[80] Роберт Гревс, Грчки митови, Неолит, Белград, 1974, стр. 285.
[81] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 58.

градот Теба е античкиот град во близина на село Требениште до Охрид кај Енхелените). Но, бидејќи постои планина Плакос, мора да постоел град Теба, секако ако не е измислен од Пизистрат или Солон...“. (Теба во Египет, Р.И.)

Па „Илијада“ имала делови од Египет со Месопотамија, кои биле внесени о неа. Ова било со цел, Атина да има дело како што имало во Месопотамија и Египет

Да не се изуми Бригија,а за Псаметих Фригите биле постари од Египтјаните.

Роберто Салинас Прајс[82]пиши: „Затоа би можело да се рече дека, на посебен начин, е мошне малку ново во проучувањето во Илијада и Одисеја. Идеите раѓаат идеи, и затоа е тешко да се замисли дека едно поколение на научници не влијаело на следните. Полно процветување на една идеја содржи семе на друга која подоцна ќе процвета под поволни услови. Во тој поглед единствен патоказ во хомерологијата било откривањето на големиот број слоеви во Хисарлик од страна на Хајнрих Шлиман 1880 година.[83]Пред тоа време, уште од античко доба, постоеле разлози за или против неколку предложени места за лоцирање на хомерскиот Илија. Самиот Страбон, со кој, по општа оцена, почнува проучување на хомеровата географија, го предложил местото за лоцирање на хомерскиот Илија различно од оној кој тогаш се викал Илион (највисок слој на Хисарлик означен Троја IX).Меѓутоа,трансцендеталното значење на Шлимановото откритие е во тоа што Илијада и археолошката важност на Хисарлик нераскинливо се поврзани едно за друго. Најпосле, се чинело како историскиот зародиш на Илијада е докажана со научното сведочење на тие рушевини. А со векови старата традиција на хомерологијата се споила или вообличила- како најпосле ја потврдиле овие рушевини- оти навистина Хисарлик постанал точка во која се допираат невистинскиот свет на Илијада и историската рамка на вистината“.

„Но, ако се вратиме на тоа дека Страбон се бавел со местото на хомерски Илиј (читателот треба да има на ум дека тој високо го ценел Хомер), идеата која адекватно не е искористена есте- ако Илијада е убедлив документ на чие обавестување може да се ослони, тогаш археолошкиот доказ пронајден во Хисарлик мора секако да се оквалификува како разумен доказ дека местото опишано во Илијада едноставно не е Илиј“.[84]

„Низ Орфеј Одисеј добил литерарни концепт на една ‘одисеја’. Некои негови лутања долж далматинскиот брег дури одат со дел на патувањето на лаѓата на Агро.[85]Ама идејата за Аргонаутскиот поход зачнало во Јолк, во самото срце на Тракија, откаде бил Орфеј. Мошне веројатно имало елементи на друга, малку порана, приказна одисејов тип за лутањето на некој Тлеполем алиас Улиса низ Линд, Јалис и Камир (заеднички познат како Род), кој треба да се поистовети со Сицилија, Сардинија и Корзика, и кој, се кажува, стигнал до Балеарските острови и оттука настанало погрешно поистоветување на Одисеј со Улис и погрешно сместување на Одисеј во тие води“.[86]

---

[82] Roberto Salinas Prajs, Homerova slepa publika, издавачи “RAD” i “TANJUG”, Beograd, 1985, стр. 15.

[83] Штета што името на Хајнрих Шлиман се поврзува со една срамота, оти ма колку невешт археолог бил, и ма колку биле сумливи извештаите во неговите наоди, тоа ипак не може да се смали романтичноста на неговите страсти нити победата на неговите цели.

[84] Ибид, стр. 17.

[85] Откритието на Аристид Вучетиќ пред три децении недавно му е даден публицитет во долгата серија членци објавени во југословенскиот лист „Политика“, како и 24, јули 1983. година.

[86] Ибид, стр. 121.

С.С.Библија[87] наведува: „Жителите на Мала Азија по критската катастрофа, почнало да ги напушта своите огништа. Крит бил тесно поврзан со малоазиските држави кој имал големо влијание. Тоа нарочито се однесувало на културниот дел, оти ним им дошла писменоста од Крит. Критската катастрофа донела големо поморско стратегиско пореметување, покрај економското и трговското. Сега малоазиските поморски држави биле принудени на себе да преземат улога која дотогаш ја имал Крит. Тоа довело до појачан развиток на бродоградњата, па тогаш пловните од малоазиските луки почнале да крстарат во областите на Средоземјето.

Тука најважна улога одиграле Сардињаните, прозвани по главниот град на Лидија, Сард, кои прво се истакнале во заштита на поморската трговија, чија должност порано на Крит припаѓала. Сардинците подоцна прозвани Тиренци и тие имале своја оперативна база во природните луки на островото Сардинија. Тие добро ја познавале земјата и луѓето со кои доаѓале во допир, доведувајќи на своите лаѓи роба од Мала Азија и пренесувајќи производи на Западот на истокот. Сардињаните не се бавеле со гусарење на отворени морења, оти тоа да работеле, тие би го изгубиле секој кредит како поморци, трговци и како договорна страна за пренос на стока и луѓе.

Поорганизирано и појачано иселување спрема Запад можело да почне по падот на Шестата Троја, која, според записите било 1265 година пред Христо. Тогаш се измениле и се погоршале животните прилики, нарочито во северните држави на Мала Азија, па населението се упатувало во Елада и Пелопопнез. Затоа е веројатно, дека први населеници на јужниот дел на Апенински Полуостров, доаѓале од Пелопонез, а не директно од Мала Азија. Наравно тоа не биле Грци“.

Следи централно место бил Египет со Крит, ништо од Елада со своја Атина.

Бранко Вукушиќ[88] пише: „Салинас мошне критички ја истакнува улогата на Грција во присвојување на целокупното тројанско наследство, кое почнало уште во античко доба со преводување на Илијада и Одисеја од ‘непознат јазик’ на грчки и преземање на тројанското наследство како автетично грчко од страна наРимјаните“

Во Илијада има дел од Бригија, чиј јазик (говор) се разликувал од на Атина.

Олга Луковиќ- Пјановиќ,[89] во а) Заклучоци за потекло на писмото, пише:

„Горните одломци на Платоновиот текст гласат:

1.- На столбот, осем закони, (било врежано големо проклетство за секого, кој (за нив) би се огрешил. (Се врежувале рецки=рески=роски, Р.И.)

2.-‘...ним тој закон им налагал и слова (натпис) на првите (кралеви), испишани на столбот од орихалка, кој се најдувал во средина на островото, во храмот...’

3.- Бидејќи би пресудиле, кога денот настанува, пресудата би ја врежувале на златна плоча, која, заедно со оделото, се остабале за спомен’ “.

Херодотова Историја,[90] во предговорот, се наведува: „Новелистичкиот стил на Херодот...Херодот се јавува како претставник на јонскиот дијалект, уметнички стилизиран со додавање на старојонски елементи од Хомер, но и на други поетски изрази и понекогаш атицизми“...„Од аспект...Големо влијание врз Херодот извршило усното народно творештво, но бил и под влијание на јонската литературна тра-

[87] С.С.Библија, Староевропски јазик и писмо на Етрурците, Српска едиција 1984, Белград, стр. 12.
[88] Branko Vukušić, O trojansko slovenskoj mieteriji, Pešić i sinovi, Belgrad, 2003, стр. 20.
[89] Олга- Луковиќ- Пјановиќ, Срби...народ најстарији, Досије, Белград, 1990-преземено од Интернет.
[90] Херодотова Историја, Завод за унапредување на стоанството на Република Македонија, 1988.

диција, и тоа на оној жанр, кој во антиката се викал 'милетски раскази'..."...„Новелистичкиот стил Херодот не го напушта...Херодот се јавува како претставник на јонскиот дијалект, уметнички стилизиран со додавање на старојонски елементи од Хомер, но и други поетски изрази и понекогаш атицизми".

Бидејќи не се пишело на атички, што се чита и кај Лукијан од Самосата, во „Како треба да се пишува историја", напишана 165/6 година, се пишело на јонски. На јонски пишел и Аријан (II век н.е.). Следи тој „Индиската историја" ја напишал на јонско наречје, иако тој ги познавал коине и латински. Блајкен и други[91] наведуваат: „Плиниј говори за пасивната согласност на луѓето била првата причина за употреба на јонската писменост". Се потврдува дека коине немал врска со некаква си Елада. Бидејќи во Платоновата академија во Атина службен бил јонски јазик, а христијански бил Александријскиот Птоломејов јазик- коине, повеќебожната Академија во 529 година ја затвори Јустинијан- во христијанството службен бил коине.

Исто така, јонскиот јазик го прифатил македонскиот крал Архелај, кој службен бил и кај Александар Македонски. Само по смртта на Александар Македонски бил создаден коине. Коине со Апостол Павле станал христијански јазик: Апостол Павле не го познавал службениот јазик на Атина- јонскиот со јонско писмо.

„ИЛИЈАДА" БИЛА ОД ТРИ ГЕНЕТСКО- ГЕОГРАФСКИ ПОДРАЧЈА

Љубен Стојановски[92]пиши: „За да се изврши верификација на овие факти од 'Илијада' со локациите во Македонија, нема никакви пречки или нејаснотии од типот дали Хомер мислел ова или она. Сè што мислел, запишал во 'Илијада', додека она што е редактирано од Писистрат и Солон, лесно се соочува со анализа на текстот од 'Илијада' ".

Тн.Хомер пишел за тн.Троја во Мала Азија, а тоа одговарало за Македонија.

Пизистрат основал Редакциски одбор кој го задолжил него да состави ново дело за Атина како што имало во Месопотамија и Египет. Редацискиот одбор зел делови од Египет..., Бригија каде на исток од градот имала големо езеро (море) и на запад планина,како и Јадранските острови кои почнале да се населуваат 6 век п.н.е.

Љубен Стојановски[93] пиши: „Поетот (Хомер) зборува за море, кое е на исток од Троја. Но, ако буквално ги разбереме неговите зборови, од Ил-XIII-30, кога Посејдон со својата кочија оди преку морето 'оската од бронза не беше намокрена', тогаш е јасно дека длабочината на морето пред Троја, каде што се закотвени данајските речни лаѓи, треба да биде многу мала...".

Филип Македонски, кога војувал со Атињаните, Атињаните биле со бронзено оружје. И затоа „Илијада" би можела да биде пишена во многу поново време.

Бидејќи магарето за првпат се споменува во Хомерова Илијада, се поставува прашање, кога би моможело да твори тој Хомер кој во негово време го забележал магарето каде што била неговата Троја,изградена во Анадолија, која била бригиска.

Во сточарската наука се знае дека магарето за првпат ја споменува Хомер во делото „Илијада". Следи тоа од Месопотамија и Египет во Мала Азија и Балканот било донесено за време на Персиското Царство- тогаш имало движења и преселби.

---

[91] Bleicken, Die Weltgeschichte, Verlag Herder KG Freiburg im Breisgau 1971-Naprijed Zagreb 1976.
[92] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 34.
[93] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 20.

Во „Илијада“ се говори за мазги и коњи. Во Мала Азија немало магарина до 480 г.п.н.е., и биле неплодни.[94] Сè ова може да се прочита кај Херодот (5 век п.н.е.)

Љубен Стојановски[95] во својата книга има поднаслов 1.6. Илов гроб:

„Меѓутоа, оваа локација за да биде Троја, има уште еден услов. Имено, кога кралот Пријам оди да го откупи мртвото тело на Хектор, треба да помине покрај Иловиот гроб, па потоа да премине преку реката Скамандер.

‘Кога продјоа они крај велики Илов гроб, онде запре мазги и коњи, в река да вода пијат. Веќе темнина по земја да се спушта почна.’ Ил-XXIV-349-352“.

Бидејќи немало магаре, кое со кобила зачнува мазга, Редакцискиот одбор на Пизистрат (6 век п.н.е.) презел творештво и од Месопотамија до со Египет. Па магарето немало врска со Мала Азија, туку само со Месопотамија сè до со Египет.

Роберт Гревс,[96]под 16 Посејдонова нарав и дела, го пиши следново:

„5. Митот за Деметра и Посејдон го бележи хеленскиот продор во Аркадија. Деметра, како своја заштитница, ја сликале во Фригија како божица кобилска глава на прехеленскиот култ на коњот. На коњот бил посветен месецот оти копитата им се слични на полумесец, а месецот е сматран извор на сите води на земјата;оттука и врската измеѓу Пегас и водениот извор (види 75, б). Раните Хелени наголемо одгледувале коњи во Грција а ги увезувале од касписките простори, бидејќи домашните раси, слични на шетланските пони, никако не биле погодни за кочија...“.

Следи Хелените немале ништо со коњите, што важи и со Анадолија, која била само бригиска, со бригиски коњ- бригискиот коњ доспеал до Египет. Ова било повод, погребалните коли на фараоните да ги влечат бригиските коњи со мали рогови, наднесени на главата, а не египетските со рогови напред кои им пречеле при пасење. За египетските говеда и рогови напред- пречење на пасење- пиши Херодот.

Исто така, во „Илијада“ се наведува и шафран. Па шафран во Мала Азија и Балканот никогаш немало како што било во Арабскиот Полуостров...Следи делото „Илијада“ биле и од друго географско подрачје. Слично се случило со Платонова Атантида во која се среќава и слон. Слонот со магарето и камилата не се од генетско-географско подрачје со на коњот, говедото и свињата. Ова се потврдува со биволот: бивол има монголско- индијски, кој се среќава и во црна Африка. Да не се изуми што забележал Александар Македонски: ист крокодил и вид грав во реката Инд и Нил. Наведеното ги разграничува двете генетско- географски подрачја.

Просторите за смоква и маслинките не се за говеда и коњи, никако за свињи.

Ова говори, за тн.Троја со коњ и говедо била митолошка Баба и Пелагонија.

ВО „ИЛИЈАДА“ НЕ СЕ СПОМЕНУВА МАКЕДОНИЈА

Нак Вегнер,[97]во картата на Хомер, ја нема Македонија, а ја има Ематија. Северно од Ематија се претставени Траките. Источно, од Ематија се Киконите. Кај него ги нема ниту Илирите.

Во картата на Херодот постојат Траките, Пеонците, Илирите, Гетите...[98]

---

[94] Неплодноста се должи за краткото време од донесувањето на магарето сè додека тоа се прилагоди на новите простори. Разлика е за време од 480 г.п.н.е. па сè до кога Херодот ги посетил просторите.

[95] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 24.

[96] Роберт Гревс, Грчки митови, Неолит, Белград, 1974, стр. 63.

[97] Nack Wägner,Hellas,Land und Volk der alten Griechen,Verlag Carl Ueberreuter,Wien..., ...1975, стр.53.

Па следи кај тн.Хомер постојат Траките,а кај Херодот се внесени и Илирите.

Љубен Стојаноски[99] пише: „Во ‘Илијада’ XIV- 226 Хомер го опишува патот на Хера од Олимп:

‘...на Пиреја таа зачекори и прекрасна Иматија (Emathia) и грабаше во текот на снежните планини на тракиските коњаници, дури и во текот на нивните високи врвови...’

‘Пиреја и Ематија, двете земји во Македонија’ (Страбон, Книга 1, глава 2).

Планините во Македонија; ова, второто име (наша забел. Македонија) не беше познато за Хомер, кои последователно ја опишува како тракиска на целата територија на луѓето северно од Тесалија’ (Страбон Книга 1, глава 2)“.

Значи, во Пизистратова “Илијада“ во 6 век п.н.е. постојат Тракијци, кај Херодот Илири. Во „Илијада“ ја нема Македонија, а таа се сретнува кај Херодот.

Љубен Стојановски[100] пише: „Хомер во ‘Илијада’ воопшто не споменува народ со име Илири. Тоа е така, бидејќи народ со такво име никогаш не постоел, тоа име е измислено од Римјаните !?“

Fredrich Lübkers Reallexikon des klassischen Altertums, Druck und Verlag von B.G.Teubner • Laipzig • Berlin 1914, наведува: „Александар...Син нас Пирос, род. 294 или 293...Крал на Епир 272 до 250, се зачврсти со помош на смртта на Пир и го потресе царството (борби против Митилос од Илирија, ја освои Акарнаниа)...како син на Филип II, и Молоската Олмпија...Се скара со Филип, оти овој се ожени со Клеопатра; потоа А.(лександар, Р.) по свадбата во Илирија...335 битки со Илирите и Трибалите, поход преку Дунав...“.

Еве авторот како самиот си се оспорува:

„Овој факт дека Илиаина е Троја, чиј сосед се Пафлагонците или Енетите, според Хомер, се докажува и од следниов цитат, кој претставува доказ од таткото на историјата, Херодот: ...[101]

Наш превод: ‘136 Македонија, Тракија и Илирија...

Наша забел. Херодот прави јасна разлика меѓу Илири и Илијци, т.е. како што е и во цитатот, тој (Херодот) ги спомнува Илијците (Илиеианс) како и Енхелес, но многу, малку за разлика од Илирите...“.

Освен тоа, во „Илијада“ не се споменува поимот варвари- мноштво измени.

Тукидид,[102] I, 3, пише: „Не помалку...до пред Тројанската војна Елада...пред Хелен синот на Деукалион, и областите биле названи по името на одделни племиња, најповеќе по името на пелазгите. Одвај кога Хелен и синовите му се укрепиле во Фтиотита и другите градови започнале да ги викат на помош, тогаш тие племиња вследствено на општењето со тие започнале едно след друго да се нарекуваат со името хелени,при што тоа долго не можело да се наложи над сите.Најдоброто докажувачко за тоа е Омир. Тој живеел многу покасно од Тројанската војна и во сè никаде не ги нарекол сите учесници во војната со општо име, а ги нарекува Елини само тие, кои биле дојдени со Ахил од Фтиотида. Тие биле првите Хелени; останатите тој ги назива во песните данајци, аргосци, ахејци. Омир не го споменува и името

---

[98] Ибид, стр. 196.
[99] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 218.
[100] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 115.
[101] The geograph of Herodotus...illustrated from modern researches and discoveries.
[102] Тукидид, История на Пелопонеската война,Държавно издателство наука и изкуство, София, 1979.

варвари, зашто како што ми се чини, самите хелени уште не биле оспособени под едно име, противположно на името варвари. И така одделните племиња, живеејќи во своите градови- држави, ако и да се разбирале помеѓу себе и покасно биле наречени со името хелени...“. (Хелени бил нов поим- со Хомер, Р.И.)

Во Илијада не со употребувало името варвари и затоа без Хелени и варвари.

II-68: „Амбрикијците го освоиле грчкиот (хеленскиот, Р.И.) јазик, кој што тие го говорат денес...Останатите жители на Амфилохија инаку се варвари...“.

Херодот, I, пиши: „Ова е излагање на она што Херодот Халикарнашинот го истражувал. Делото има цел да не допушти со текот на времето да избледи она што луѓето, општо, го направиле и да не останат непознати големите и прекрасни дела, создадени како од Хелените така и од барбарите, и други работи, меѓу кои и причината, поради која тие завојувале меѓу себе“. (Барбари=варвари, Р.И.)

Хелените се со голема х, а варвари со мало в- варвари бил само општ поим.

БРИГИТЕ БИЛЕ НОСИТЕЛИ НА АНАДОЛИЈА- ФРИГИЈА СО ТН.ТРОЈА

Харолд Ламб[103]пиши: „Во историските записи во кои Херодот го опишал далечниот исток сè до Кавказ фактите почнувале да им отстапуваат место на легендите.Најдалечниот голем град што Херодот опширно го опишал е Вавилон,чиишто скалести висечки градини и кули- облакодери биле светско чудо. Еден Феникијец раскажувал дека името Вавилон навистина значи Баб-ил божја врата...“. (в=б, Р.И.)

Бабилон=баб ил он: Пелагонија е котлина на планината Баба со Пелистер.

Баба со Пелагонија биле бригиски,а Бригите ја создале Анадолија (Херодот).

Милан Будимир[104]пиши: „Е јасно според кажаното дека и дубровачкиот израз бабица патеренска и топономастички материјал од Македонија недвосмислено ја потврдува не само широката географска област на овој назив туку и неговота релативно длабока старина, на која укажувал римованиот пар Бабун-Перун. Затоа е разбирливо што Л. Нидерле, Manuel 2, 123, 157, ја истакнува демонската природа на старорускиот Баба и неговата употреба као Pierre funeraire ‘стеќак’.

Во таа смисла можда би требало да се разбере и она наше предание кое го бележи Вук во својот Речник под Бабино укови: ‘Се преповеда, дека во тоа доба некаква баба ги истерала јарците во планината, па дувнал северот и удрил снегот, и таа рекла: ‘Прц март не ти се бојам: моите јарчиња се петорогци’. На тоа се расрди март, па навали со снег и со мраз, те се смрзна и окамени бабата и нејзините јарчиња. Кажуваат, дека и денес можат да се видат во некаква планина (каде тоа се случило) оние камења, што постанале од бабата и од јарчињата: бабата стои на средина, а јарчињата околу неа’.

Очигледно е ајтиолошкиот карактер на ова народно предание кое несумливо го докажува старото пагнаско потекло руско и балканско словенскиот култ на Баба на која веќе порано е укажано. Дека култот е многу постар од христијанството покажува топонимот Дајбаба кај Титоград каде во пештерата се најдува вкопана црква. Сложеното име на Дајбаба не може никако без нарочит разлог да се растави од познатото име Дајбог, кое според традиционалното сфаќање постанало од императива со значење дај и од именката бог и тоа со посебно, за овој случај со констрира-

---

[103] Харолд Ламб, Александар Македонски, Култура, Скопје, 1989, стр. 60.

[104] Милан Будимир,Са балканских источници, Српска књижевна задруга, Белград,1969, од интернет.

но значење: обилие, богатство. Е точно дека во сложената придавка во бог имаме навистина такво значење.

Сè ова значи дека во името Дајбог другиот дел на сложеницата, бог, го има она исто значење како споменатите Стрибог, Белбог, Чернобог. Прашање е сега што значи првиот дел на сложеницата во имињата Дајбаба, Дајбог, Дајмир. Тешко тоа да може да биде било каков императив. Многу е поверојатно дека поради соларната функција на словенскиот Дајбог, во ова божество гледаме не само божество на сонце туку и божество на светлоста и ведрото небо, на кого припаѓа како законита индоевропска другарица Дајбаба. При тоа не смее да се заборави на Вуковото кажување дека во Дубровник се вика баба и малолетна девојчица која чува деца, а тоа значи дека баба е женско чедо кое има пород и работа со деца, значи, персонификација на плодноста.

Затоа ми се чини како најверојатно дека во овие архаични имиња Да/ј/баба, Да/ј/бог, Да/ј/мир се кријат исти лексички елементи кои ги најдуваме во старогрчките боженски имиња Dōis, Dō-matros, Dōmatrios. Тие имиња се однесуваат на божицата на плодноста Деметра, која во патријахалниот општествен поредок се управува спрема друго божество на светлоста. Тој нејзин другар се вика, како што знаеме, Зевс, а знаеме исто така дека, мимо сите останати индоевропски народи, на олимписки Зевс не е најден словенски пандан од истата лексичка група чија минимум гласи dēi-dōi- (светлост). Словенски дај во споменатото име од слово до слово се поклопува со старогрчкиот Dōis, додека во староилирскиот имаме нормална база Deipaturos, како назив на главното божество, на кое му одговара Јупитер.Ако името Дајбог, кое не смее да се растави од Дајбаба, го изведуваме од стариот облик Дажбог, како што тоа обично се чини, не мораме во првиот дел на ова сложено име да видиме некој архаичен и сингуларен облик на императив, туку напросто непотполна редупликација на спомената база doi-(светел). Тој облик гласи према тоа doidio и е потврден во старонордискиот doi-d-o (ведар) (в.Покорниев Етимолошки речник, 183 стр.). Со еден збор, Дајбог и Дајбаба се боженски супружници познати во сите индоевропски религии како персонификација на небескиот отец и Мајката земја.

Додека во обете дела името Дајбог имаме работа со зборовите на повисок ранг, дотаму во другиот дел на името Дајбаба имаме познат израз тепање кое и приличи на мајката. Поради таа особина овде мора да се смета на сталната репристинација, ама ипак е обезбедена должината на порвиот слог. Бабуните, спред тоа, се исти како и бабиците патерански поврзани за стариот култ на Божицата Мајка, која веќе во класично доба е богато документиран на централниот Балкан, поточно речено заправо во онаа област од кои потекнуваат современите хомофни топоними. Во таа област го најдуваме не само во именикот на старите Бруги простиот облик баба како име на боженство туку и во нивната подоцна анадолска постојбина култот Баба, односно Велика Мајка, попозната под името Кибела, со епиграфски споменици доволно обезбедена. Во таа иста област сме биле порано упатен поради името Патарени, својствен првобитен култ на Аполон во Патари.

Сè тоа значи дека во бабунските ствари имаме култски синкретизам на старословенски елементи од старобалканскиот и христијанскиот, синкретизам на кој ортодоксната црква на Исток и Запад удриле печат на секој и секаков ерес.

Не е овде место да навлегуваме во детал на изложување за култот на Баба кај старобалканските и старословенските Бруги, кои очигледно укажуваат на ма-

тријахани, односно матрилинеарен поредок на предкласичните балканци. Ама мораме ипак да нагласиме дека аријевски настроени стручњаци немаат секогаш право кога индоевропските култови и религија се посматраат само од гледиште на патријархатот и одбиваат секој траг кој се противи на таквото сфаќање, те така јадранските Либурни ги доведуваат од Анадолија, каде тобоже е главно седиште на материјалното уредување.

Кај старите Бруги името Babe, како главно божество на плодноста и брачниот другар небескиот отец, се јавува и во сложен облик кој гласи Kombaba, чиј брачен другар се вика Kombabos или Kubabos. Нејзините свештеници со Атис на чело се викаат Galli или Babakes. Ова последно име не е ништо друго туку дериват на основното Baba, образован на ист начин како Новак, грч. Nevaks итн. Дека и кај Бругите основен облик бил навистина Baba се гледа од скратените хипокористики Ba и Komba.

Обете овие скратеници, кои се вообичаени кај личните имиња, докажуваат дека во именикот на старите Бруги, откаде е преземен и во грчкиот речник, изузетно рашириниот со антропономско теофорско потекло се јавува во иста функција како нормално Baba, те., како назив на машки и женски особи. Затоа и Ајсхиловата Ba ќе биде пред ова теофорско име отколку, како што мислат современите лингвисти, скратено basileus. Како Велика Мајка или Baba кај старите Бруги се вика Matar, а на поновите натписи од римското време и Matar Kubila, нема сумливост дека обете редукции и Ba и Ma мораат да се третираат како рефлекси на старите синоними од култскиот речник на балканските Бруги. (Бруги=Бриги, Р.И.)

Потешко е да се одговори на прашањето дали односот на бабиците патеренски спрема сексуалниот однос бил со исто потекло како што е случај со култот на Баба односно Кибела кај балканско-анадолските Бруги, каде Гали и Бабакес заедно со Атис биле подвргнати на кастрација под претпоставка дека со тоа ќе се зголеми плодноста на Божицата Мајка. Тешко е да се одговори затоа што кај Бабуните мораме да сметаме и со манихејско влијание. Нивното учење за материјата како извор на секое зло оставило траги во словенските преводи Отецнаш, во кој оргинално artos epiusios (леб одреден за настапувачки ден) се преведува со ‘леб насушен’, односно со panis supersubstantialis во манихејската латинштина. Ипак, на основ на постоењето на трачките калуѓери викани Ktistai (кои живеат без жени) и спрема аскетизмот на Зевсовите свештеници во илирската Додона, мораме да сметаме со чинител дека веќе на докласичниот Балкан се подржувал култ на сексуална апстиненција. На сексуалната апстинеција укажува и познатиот во извесен смисок и познатиот стих од народната песна: ‘Ни по греку стари родители’ (греку вместо греху). Вакво сфаќање одговара повеќе на староиранската и манихејската наука за добро и зло отколку на самото христијанство, па затоа ќе биде и тука некој траг на старобалканскиот култ на Великата Мајка“.

ГЕОГРАФСКО- СТОЧАРСКАТА ТН.ТРОЈА БИЛА ВО БРИГИЈА

Милан Будимир[105] пише: „Пораните филозофи и археолози мислеле дека таа Хомерова Троја и нејзиниот Пергам се разорени во XIII в. ст.е., а тоа би значело дека Хекторовото погубување и Одисејово, заправо е Посејдонов дрвен коњ ја отво-

[105] Милан Будимир,Са балканских источници,Српска књижевна задруга, Белград, 1969, од интернет.

рил градската капија пред крајот на XIII в. и така разорил Троја, која Посејдон и ја соградил.

Ама послед последните години американскиот археолог Ч. Блеген со поновите и грижливи раскопувања на остатоците на хомерска Троја покажал и докажал дека таа Троја, која стручњаците ја викаат Троја 6, страдала и пропаднала од земјотреси, а не од Агамемновите Ахајци. Новата Троја, која Блеген ја назвал Троја 7а, стварно е разорена, ама не од ахајските борци, туку од старобалканските освојувачи кои учествувале во ајгајската (егејската) инвазија во Анадолија. Тоа значи уште еден поен повеќе за Алијановата теза за Илијада на старобалканските Бруги. За таа теза, најпосле, говори и чудната околност што ахајските борци под Хомерова Троја го гледаат родувањето на сонцето полни девет години поврв на морето- затоа зората е 'ружичаста' или 'ружопрсна'- а не поврв на гората. Како и во Хомерово доба по своја прилика сонцето морало да се родува на исток, а не запад, произлегува дека стариот песник на некој дохомеров еп за ахајските освојувања на медитеранските градови со тврди ѕидови, за кои примитивните Ахајци немале никаква техника, имал во вид старобалканско а не анадолско приморје. Така филозофите го фатиле овој наш Хомер како прави крупни грешки во најобилните ствари. Затоа Хоратиј оправдано тврдел дека когакога задреми и честитиот Хомер".

Според Алијан=Елијан, тн.Троја била во Бригија со своите Бриги (Бруги).

Љубен Стојановски[106] пиши: „Дека Троја е во Македонија пишува Стефан Византиски во 'Историја на кавказките Албанци'.

'Илиј е во соседство на Пелопонез, западно од Македонија во земјата Европа...".

Роберто Салинас Прајс[107]пиши каде, според Стефан Византиски, била Троја:

„Меѓутоа, постој едно јадровито тврдење-едно за кое знам- во коментарот за Стефан Византиски, географ од X век, кој јасно ја оспорува популарната традиција на малоазискиот Илиј во корист на некоја локација во Европа. Тоа се најдува во Историја на кавказките Албанци, III, 18, Mouses Dasksurencia (London, Oxford Universyty Press, 1961, која ја превел Дорсет) и гласи:

Во книгата на Стефан Византиски може да се најде описот на уништување на Илиј и градењето на Рим.

Во време на судијата Абдана, Илиј е заземен на следниот начин. Градот бил во земјата на Ахајците, во соседство на Пелопонез, западно од Македонија, во земјата Европа ... Во она време некој младинец од принцовите градски отишол во градот Солун, кој е на исток на Македонија, во потрага за забава и убаво го примило племството на градот...".

Според Херодот, просторите кои овде се говори, биле оние на Бригија.

Во Бригија постоела и постои митолошката Баба во Баба Планина- таа била на Запад каде зајдувало сонцето, а на Исток море (езеро). Исто така, постои селото Бабино-Демир Хисар од десниот брег на Скамандер, каде имало и пештера Еге итн.

За да се потврди дека просторите биле бригиски, се говори и илирски Бриги.

Бранко Вукушиќ[108] има наслов „Тројанско словенска мистерија", Шлимановата Троја во Мала Азија- Салиносова теза за Троја на Балканот. Па авторот пиши:

---

[106] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 9.
[107] Roberto Salinas Prajs,Homerova slepa publika, издавачи "RAD" i "TANJUG", Beograd, 1985, стр. 22.
[108] Branko Vukušić, O trojansko slovenskoj mieteriji, Pešić i sinovi, Belgrad, 2003, стр. 46.

„Историски е чинител дека Илијада и Одисеја се преведени од Грците од непознат јазик за време на Пизистрат во 6. век с.е. Тоа било бар 500 години после датумот кои самите Грци го одредиле за датумот на тројанската војна (1183. г.се.), Елијан, грчки учител на говорништво во Рим (3. век н.е.) соопштува, скоро илјада и пол години по падот на Троја, дека овој јазик им припаѓал на илирските Бриги, сродници на Дарданците од семејството на древните Пелазги. Веќе сме рекле дека на местото каде подоцна е соградена грчка Атина, пред дорската инвазија, се најдувал пелазгискиот град Пелазгон. Од Пизистратовата до денешната званична верзија, која е направена во Александрија во 3 век с.е.,[109] воглавно имало повеќе грчки доработки на Илијада. Аристотел располагал со другчија верзија од нас позната. Платон во својата 'Репбулика' моли за опростување од Хомер што се бришени некои места 'кои го навредуваат моралното чуство на Грците', со што се подразбира дека за него Хомер не бил Грк. Сите поуздани историски чинители за Троја понатаму се замаглувани со хеленската митологија до денешен ден, а древното хомерско прашање', како што веќе го споменавме, било 'решено' со хеленизацијата на тројанската цивилизација, со римската окупација нејзиното наследство да биде вградено во темелот на западната цивилизација".

Стои: „илјада и пол години по падот на Троја, дека овој јазик им припаѓал на илирските Бриги, сродници на Дарданците од семејството на древните Пелазги".

Според Елијан, јазикот бил на Бригите, но не на Дарданците и Илирите. Се наведе: „Следи Дрим била граница на Епир со Илирик, како и со Дарданија"-отпаѓа било што за тн.Троја да би имала врска со Епир, Дарданија и Илирија (Далмација).

„Постои, исто така, сумливост во автентичниот накит кој Шлиман го открил на малоазискиот локалитет Троја. Го прогласил со Пријамово благо, златната маска на Агамемнон, женскиот наките и огрлицата на Елена итн. Тоа бил симболичен поклон на неговата млада сопруга Гркиња. Сумливостите се засниваат на тоа што, во оочи на објавувањето дека го открил Пријамовото благо, Шлиман ги отпуштил сите работници од наоѓалиштето, а накитот го открил само тој и неговата сопруга. Има археолошки индиции за сумливоста дека благото можда е откриено на некој друг локалитет. На пример, неколку децении после Шлимановата маска Агамемнона, е откриена во Македонија маска од Требениште,мошне слична на Агамемнон. Недавно во Македонија е откриена уште една златна маска на некропола на Самуиловиот град во Охрид, кој е идентичен со онаа од Требениште, исто така од охридската област. 'Пријамовото благо' и после Шлиман го прателе мистерии и полемики. Шлиман го поклонил на берлинскиот музеј, а после II светска војна 'исчезнал' и се појавил во Русија, откаде недавно е вратено во Германија и се поставил меѓународен проблем на кого заправо му припаѓа (Турција, Грција или Германија, оти Македонците одавно се исфрлени од играта...)".[110]

Охрид бил бригиски, а Бригија била Европа, каде се најдувала тн.Троја.

Само во Европа (Бригија)- Бригија во Македонија ја приклучил Филип II.

Роберто Салинас Прајс[111]пиши: „Кадмо ги напуштил јадранските води и отишол во Илирија, каде спомените на неговите подвизи се зачувани до денешен ден. Дошол на местото кое порано го основал Теукар, очигледно уште во потрага за

---

[109] Од службен јонски јазик на Атина,во Александрија Илијада беше преведена на македонски коине
[110] Ибид, стр. 47.
[111] Roberto Salinas Prajs, Homerova slepa publika, издавачи "RAD" i "TANJUG",Beograd,1985,стр. 117.

Европа, се оженил со Хармонија (на која ѝ дал огрлица), донел слога на завојуваните племиња Енхелејци и Бебрика, ја прилагодил азбуката на современ јазик, ја основал Теба близу Илиј, а по смртта постанал шарена змија камењарка. Овде веќе, во приказната за судирите измеѓу Енхелејците 'јагулите' и Бебрика 'глувци' (или кртици), кои ги средил Кадмо, се најдува материјал од дечките алегории Битка на жабите и глувците, кога се завршува како на сцената стигнуваат ракови (рак е добро познат симбол на подмладување и снага) да ги потсечат опашките на глувците напаѓачи, и така ги претворат во кртици".

Во Мала Азија никогаш немало јагула. Таа постоела во Пелагонското Езеро, од кое преостанало само Битолското Блато како езеро (во прилепско била баричка), чија патека била од Битолско Блато преку Црна Река...до Саргашко Море- обратно.

Во Битолско Поле секогаш имало наезди од глувци- исто се случува и сега.

Бранко Вукушиќ[112] вели: „Постоечкиот систем на реки во Мала Азија не е можно да се поврзат со описите од Илијада според кој Посејдон и Аполо упатуваат моќна снага на реката Скамандер и нејзините планински притоки на ѕидините на Троја да ја потопат. Малоазиската река Мендерес, која е идентификувана со Скамандер од Илијада, нема претечка снага со својот тек како што Хомер опишува, додека поврзувањето со плаховитата Неретва и нејзините притоки Рама, Буна, Брегава, Требижа е мошне логично. Салинас ги истоветил сите седум притоки на хомерата Скамандер со притоките на Неретва. Тој, исто така, бил одушевен со нахнадното сознание за еден наизглед неважен детал кој дава предност на далматинската во однос на малоазиската Троја. Метафоричната сцена во која поради запалените бродови при прилика на опсадата на Троја, Скамандер провривува и површината се забелува од бели стомаци на јагулите сварени во врела вода, сликовито говори за нивното големо присуство. Делтата Неретва и денес е позната по богатство на јагули кои во малоазиската Скамандер никако немало!"

Од запалени бродови да се скува водата не е можно. Па изгорените риби не се превртуваат, како што авторот наведува- превртувањето е заради кислородот:

Во огромните морски пространства не е можно рибите да бидат превртени во борба за кислорот за тие да си ги навлажнуваат шкргите за обогатување со кислорот, затоа што во морската температура не е висока- секогаш има доволна количина физички растворен кислород. Превртување на риби е можно само во блата со богата органска маса, со што кислородот се потрошува за оксидација на органската материја-само во блато нема доволно кислород и јагулите се превртени,а не в море.

Роберто Салинас Прајс[113]пиши: „Најпосле, на читателот треба да му се рече дека книгата која оди уз оваа книга (или нејзино продолжување) есте Одисејев манускриот, за откритието на Аристид Вучетиќ (1935 година), дека Одисеј лутал по јадранскиот архипелаг, покрај тројанскиот брег. Вучетичевото дело дошло до мене доцна (мада површно го знаев и 1967) да би го модифицирал првобитниот план на оваа публикација и да би го внел овде. Како што се знае за Одисеј може да се рече дека втората половина на Илијада (оти, во географски смисол, додека Илијада опширно се бави со информациите за народите и местата вон Троја, Одисеја се ограничува на давање на приличен број обавестувања за тројанскиот брег), Одисејевиот манускрипт е значаен за она што овде се говори за географијата на Троја. И обра-

[112] Branko Vukušić, O trojansko slovenskoj mieteriji, Pešić i sinovi, Belgrad, 2003, стр. 46.
[113] Roberto Salinas Prajs, Homerova slepa publika, издавачи "RAD" i "TANJUG",Beograd, 1985, стр. 14.

тно, она што овде се говори за географијата на Троја значајно е за подобро разбирање на Одисејевото вистинско сценарио долж тројанскиот брег“.

СПОРЕД ЈАГУЛАТА, ТН.ТРОЈА БИЛА ВО БИТОЛСКО- НЕ ПРИЛЕПСКО

Љубен Стојаноски,[114] во поднасловот 3.1.1. Јагули, истакнува:

„Во реката Скамандер треба да има јагули.

Цитат кога Ахилеј го убива Пеонецот Астеропеј.

‘...нека лежи на песок, а темен го квасеше бран. Егули се приближуваат почна мртовецон с’ риби други, сало на бубрези изедат и тргачат начет. Тогаш на коњици Пеонци Ахилеј рекне...’ Ил-XXI-202-205“. (Егули=јагули, Р.И.)

Црна Река врви низ Пеонија, па се надоврзува Пелагонија- после Скочивир. Бидејќи се говори за јагула, таа постоела во Битолското Блато, што го знаат постарите генерации, родени пред и по Втората светска војна. Бидејќи Битолско Блато било блато, полно со органска материја, која се распаѓа, а за јагулата е неопходна многу почиста вода во однос на крапот, јагулата во прилепско немала никаква важност. Следи јагулата била само во блатото до Црна Река,каде имало дотек на вода.

„Во 1963 година реката Скамандер (Црна Река) се излеала од своето корито, па кога завршила поплавата во локалните бари, останале заробени и огромен број риби и јагули. Сè до 1963 година во Црна Река имало многу јагули, кои во пролет доаѓале од Охридско Езеро по Црн Дрим преку Јадранско, Јонско, Средоземно Море и Егејско Море, па по Вардар и Црна Река сè до нејзините извори заради мрестење, но и заради богатството со планктони, додека на есен се враќале во потоплите води на Охридско Езеро. Но, патеката на јагулите е прекината со изградбата на браната на Црна Река кај ‘ХЕЦ Тиквеш’ и браната на Црн Дрим ХЕЦ Глабочица’. Пред влезот на водата во турбините на ХЕЦ Глабочица се поставени мрежи за да го спречат уништувањето на јагулите низ турбините. Во Охридското Езеро сè уште има јагули“.[115]

Мелиорациите се вршени на Битолско Блато, што го вршело Водостопанство, чиј центар за сета Р.Македонија бил во Битола, дури многу долго по 1991 година.Па „останале заробени и огромен број риби и јагули“ само од Битолско Блато.

Јагулите се мрестат само во Саргашко Море. Тоа што вака авторот пиши, не е случајно- тој знаел дека северно од Шемница ништо немало, ниту јагули во бара.

„Страбон (I век п.н.е.) во својата книга Географија III, 146 пишува Бебрици или Глодари биле локално тројанско племе и традиционално се сметани за народ чиј тотем е глушец (миш)...[116]

‘Подоцна се зборувало дека водите на реката Скамандер можеле да оплодат жени коли се капат, ама тоа е лукавство со кое се објаснува големиот број морски јагули во реката’ “.[117]

Па се потврдува, јагулите пристигнале од морето-се мрестат во морска вода.

Јагулките во Битолско Блато пристигале преку Егејот, Вардар и Црна Река.

Бидејќи во Мала Азија никогаш немало јагула, тн.Троја била во Бригија.

---

[114] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 39.
[115] Ибид, стр. 39.
[116] Ибид, стр. 38.
[117] „Хомерова слепа публика“ од Роберто Салинас Прајс.

ПОСТОЕЛО САМО БИТОЛСКО ЕЗЕРО (БЛАТО)- НИКАКО ПРИЛЕПСКО

Ристо Ивановски[118] пиши: „Битолчанецот Димитрија Ристевски (2004), 'Хомерова слепа публика', Белград, наведува за реката Скамандер 'не може да постои на равничарскиот терен каков што е околу Троја, од влезот во Дарданелите па се до 'ртот Баба, 75 км појужно!'...'Западно од Хисарлик кон морето, и источно од Хисарлик теренот е скоро потполно равен така да на тој терен не може да постои само равничарска река со пад кој тек го овозможува текот, а да по реката на тој терен ископала корито длабоко како кањон и имала така брз тек и пад кои би создавале вирови и вртлозни движења, не може да биде говор, оти тоа би се косело со сите физички закони. Покрај тоа, правецот на реката Скамандер не одговара на описот во Илијада'...'знаењето на зборот Скамандер точно го потврдува Хомер и во описот на текот на борбата на Ахајците и Тројанците након што при крајот на војната се придружил и Ахилеј: '...; а половина други во сребрени вирови на длабоката река збиени паѓале со голема бука, а брзите разбранети бранови на широкиот брег татнеле, а тие таму-ваму пливајќи викале снажно, а вртлогот ги тераше во круг (...) така длабоки вирови Ахилеј го наполна Скамандер, вировите фучат и носат измешани луѓе и коњи'...'Да го кажеме, само податокот 'вртлогот ги тера во круг' се подразбира планинска река, со брз тек кој го поткопува дното, создава вирови дури и во стена, а во вировите водата има кружен тек чиј пречник се смалува до центарот откаде поаѓа надолу, до самото дно и од одното се усмерува во правецот на текот на реката. Тоа е разлог што и одличните пливачи се дават во вировите, оти пробуваат да го препливаат и не успеваат и, кога се заморат не се осудуваат да го направат она што во вировите се работи: да заронат до дното и оттаму водата да ги исфрли низводно од вирот'...'...иземајќи кога во задниот ахајски напад на чело одел Ахилеј, пред кој тројанските војници во бекство кон Илиј скокале во Скамандер, за по нив и Ахилеј и, бидејќи таа била брза, планинска река, со каскаден тек, сребренеста боја од слаповите и длабоките вирови, во кои одвај се спасил и Ахилеј...'...'... Ахилеј..., тој бил изразито одмаздољубив до бестијалност и, кога дел на Тројанците ги натерал да се спасат со скокот во Скамадер, кажува: 'Нема убавотечната река ни сребрените бранови вас да ве спасат, во кои одавно толку колевте јуници и во нејзините вирови брзотеки фрлавте коњи...Тогаш коњаниците Пеонци на Ахилеј тргнаа, што крај реката вировита бегале бидејќи виделе каде Ахилеј најдобриот борец им го совлада во жестоката борба и снажно со мечот го уби Терсилох'...'бидејќи Парис бил чобанин од Идските планини...Говедарот Парис ипак се покажал како добар познавач на женската убавина...".

Битолско било говедарско-до денес има најголем број на крави,млеко...коњи

„Битолчанецот наведе[119]: 'за реката Скамандер 'неможе да постои на равничарскиот терен каков што е околу Троја, од влезот во Дарданаелите па сè до 'ртот Баба, 75 км појужно!'...'Западно од Хисарлик". Баба е планината во Брзјакија, овде 'рт како истурен во морето. Врвот Пелистер со 2601 м. опстоил божествен 'рт со своите две езера (очи) на Ѕвездата (Ѕевс=Зевс) која сјаји низ Средоземјето. Од овој божествен 'рт се гледа Брзакија, Преспа, Охридско, Солунско... и Олимп. Ама од неа се дофаќа и не само јужна, туку и централна Италија. За Балканот на 'ртот Пе-

[118] Ристо Ивановски, „Хомерова Троја на домородци-тн.Словени", Битола, 2005, страна, 173.
[119] Ибид, страна 176.

листер беше поставена првата телевизиска антена која ја примаше програмата RAI. Па се ова не е случајно. Во битолските води на Скамандер имало јагули. Затоа по оваа река се трага на битолските простори. Токму реката Скамандер (со камен дер= дери, за реката која камен дери) денес е позната како Црна Река. Таа извира каде има варовник. Таа тече низ Демир (де=македонски префикс мир=тн.словенски поим, кога е мир тогаш е железно спокојство) Хисар (без х спореди ја реката Исар во Атина), пак за Хисарлик дури без л -ик=тн.словенски завршеток. Таа се вливала во Пелагонско Езеро. Таа како наносна река имала своја делта и делтовно се вливала во остатокот како Битолско Блато што важело дури во 20 век. Пелагон го бранел Тројанскиот крал Пријам во Тројанската војна. Затоа на ист простор се трага врската меѓу Пелагон и Пријам. Токму според Пелагон било наречена котлината и нејзиното езеро, Пелагонија. Н.Проева пише: 'заедничкиот предок Pelagon/Pelegon (Hom Iliad.F. 141); Пеонците се нарекувале и Пелагонци (Strab., VII. fr. 38); Ематија (име на Македонија кај Хомер) порано се нарекувала Пеонија (Polyb., XXIII 4; T. Liv., XL., 40); а пак Плиниј Пелагонците ги вбројува во пеонските племиња (Plin., IV. 35) што според мислењето на М.Гарашанин е доказ за меѓусебно изедначување'. Исто така, 'според Британската енциклопедија поимот Пелазг се поврзува со македонската Пелагонија', а 'Сотирофф поставува равенство меѓу термините Macedonian (Pelasgian) или Pelasgia (Macedonia)'. Овде Пелазг се однесува за Македонија и 'македонска Пелагонија'. Со ова може да се поврзе она што следи: 'А кога дојде до Троја, до оние два речни тека, таму каде реките Симоент и Скамандер се спојуваат'. Тоа било во Пелагонското Езеро. На овој простор се најдувал градот Линк, кој бил во близина на Скочиварската Клисура. Овде постои поимот греи=грej=гри= греење од каде грее сонцето. Со гласот е, како што античките Македонци правеле именки, се добива Егри. Токму селото Егри било јужно од каде греело сонцето кога имало Битолско Блато.

На тие простори е и рибникот Букри со езерска фаза од Пелагонското Блато.

Поимот Пелазг бил најстар, што важело за Пелагонија со езерото. Од него опстоило Битолското Блато. За него во Битола било објавено: 'Од средината на терциер во Пелагонија...настанува езерска фаза која што егзистира сè до крајот на неоген, а потоа водата се повлекува, прво преку...а потоа по реката Црна...По привршувањето на езерската фаза низ Пелагонија се формира нов речен режим со Црна Река како главен реципиент на споредните речни текови'...'Познатиот научник Јован Цвиќ, сметал дека во периодот на неолит постоеле две реки, една Железник која се вливала во Пелагонското Езеро (делувијално езеро) а другата Мариовска Црна, која се влевала во Тиквешкото Езеро. Поради ерозијата се формирала Скочиварската Клисура и двете реки се состанале во Пелагонското Езеро'; 'Големите пространи шуми ги задржувале долгите и јаки врнежи и наеднаш да се сливаат во Котлината. Тие служеле како природен регулатор...Меѓутоа, со уништувањето на шумите растроена е тогашната рамнотежа, така што со оваа промена се изменил режимот на Црна Река и нејзините притоки'; 'Според историските податоци, можеби уште во време на големата Егејска цивилизација, уништени беа шумите околу Средоземно Море, па се претпоставува дека уште тогаш шумите на Пелагонија започнале да изчезнуваат по брдата'; 'Коритото на реката Црна пред регулацијата беше плитка, со голем број кривини. Заради овие причини, и тоа честопати се излеваше и се создаваа пространи блата и мочуришта. Се смета дека и во делувијумот

постоело истекување на езерото, а останало само едно плитко езеро во Пелагонската Котлина, кое имало карактер на блато. За ова постојат докази: сите реки во Котлината ги немаат здлабени своите корита повеќе од 1-2 метри. Затоа и пред извршените хидротехнички одводнувања на Пелагонија се сретнува блатишта, особено кај село Гнеотино, Рибарци, Егри, Новаци и др.'...'ќе забележиме и тоа дека пред исушувањето во Битолското Блато има разни видови на риба (крап, јагули и др.), барски птици и сл.Дека Битолското Блато со своите води правеле впечаток на езеро се гледа и на некои стари па и понови георафски мапи. Така, на пример, Le Rouge Georges, 18 век, францускиот издавач на мапи и атласи во периодот од 1740- 1780 год. 'Во 1770 година точно го прикажува(градот Битола) покрај една река што поминува низ езеро,всушност крај Драгор и Битолското Мочуриште а името Толи Монстр (Toli Monster) го презел од стари мапи'. На некои стари мапи градот Битола е прикажан како да се наоѓа до езерото и тоа со име Толи во 1791 од F.Reilly; Toli al Monastier, во 1974: Monastir (фрагмент) во 1900- Wien, прикажана е реката Црна и Блатото, мошне видливо, како и на картата во книгата на Спиридон Гопчевиќ, Стара Србија и Македонија, Београд, 1890'...За овие наводи постојат историски извори во 10, 11 и 12 век. Тудебот пиши за здружение во утврдениот град 'до езерото' или 'крај езерото' или 'крај некое езеро' во Пелагонија. Вилим Тирски (1127-1190), во Првата крстоносна војна од 1096 година и преминот низ Пелагонија, се сознало дека во близината се наоѓало тврдина, населена со жители само еретици.[120]

Бидејќи постоел стар град Херакле Лингестис народот си основал свој нов град. Постоело езеро. За ова мора да се верува на народното раскажување. Кога доаѓале завојувачите постоело мноштво островца со шуми на кои имало манастири. Монаштвото држело пајки. Завојувачите следејќи ги пајките од нив монасите сите биле заробени, дури убиени. Ова било можно ако имало делта. Во 'Илијада' постои Скамандерова делта. Во старата ера било повеќебожеството, во новата ера христијанството и во 14 век навлегувал исламот. Тоа се пренесло како тоа да било за време на исламот. Ако тоа било разлиената вода како делта (=дел та) на реката Драгор, тогаш црквите врз кои биле подигнати џамии, што важи и за Дебојот и под неа од најстарите џамии од другата страна на друмот, се на централното градско подрачје. Исто така, на текот на реката Курдерес се најдувала црква врз која била подигната џамија. Тоа е простор кое можело да биде под вода од што произегло Водолија.[121]Токму во книгава се наведе дека пловел 'Одисеј со своите луѓе по драги на соленото море на исток'. Па со вакви драги била преполна делата која имала свои островца каде биле храмовите во старата ера, што подоцна од христијаните биле претворени во нивни објекти. Токму ова било повод името Драгор да произлезе само од поимот драга.[122]Поимот Курдерес е битолски: К ур дере-с. Ур означува ур- на кога водата на урис=уриш таа се пред себе урнува, носи и дере, значи дерес=де-реш, поим според кого во античка Македонија на исти простори имало град, за кого овде се говори. Се наведе: дере=корито=клисура=сутјеска. Затоа Драгорот и Кудерес кога тие ќе најдоделе поради планинскиот тек тие биле пребрзи. Така тие со себе сè носеле, а во Битола имаше редовни поплави. Токму зад Дебојот (=де бој) на Пазарот (=па зар=ќар) на длабина од 3,0- 3,5 м беше пронајдена кал-

[120] Па еретици биле богомилите; Пак, поимот Толи=Доли е само од дол, т=д, кој бил само под вода.
[121] Водолија=Видолија=Бидолија=Битолија=Битолја=Битољ. Следи Битола била под вода.
[122] Драга е стап. Следи од стапови се правеле драги, кои биле мостови. Исто така, и пристаништа.

дрма (=кал дрма), а на неа земја.[123] На еден дел во калдрмата имало дупка со гној. Поради неговото минерализирање не можело да се види од кој вид на добиток бил гнојот. На овие простори имало изби. Од поплавите што беа низ Битола пред да се подигне ХМС 'Стрежево' избите морале да бидат наполнети со земја. Потоа тие постепено до денес се откопуваат. Ова се наведува со цел да се објасни делтата која била низ Битола. Токму овој низок дел на градот е само под чакал и песок.[124]

Во 'Битолски весник' за археолошките истражувања во Јени џамија во Битола на 08.12.2004 се објави напис под наслов 'Нови артефакти за стара Битола' со текст: 'Осум скелети на возрасни лица, стари повеќе векови се пронајдени деновиве во темелите на Јени џамија во центарот на Битола, на длабина од над 3 метри од страна на стручна екипа од Националната установа Завод и музеј Битола...станува збор за богат археолошки материјал пронајден на простор од 25 квадрати што се ископува и истражува во просторот на џамијата. Неспорно е дека станува збор за свето место и каде еве се погребувале поклоници и тоа во разни слоеви. Од откриените осум скелети само два се комплетни положени исток- запад. Останатите скелети се делови кои се распослани низ просторот длабок три метри. Инаку, екипата...до сега има откриени три фази на живеење од една поголема градба. Во првиот слој се откриени камени ѕидови од бигор со водоотпорен малтер, вториот слој исто заоблен камен врамуван со плочки од тули, додека третиот, најголемиот слој е исто така камен ѕид со два реда тули. Како што се дознава од легендите, врз темелите на старата постара градба на црквата 'Свети Ѓорѓија' изградена во средниот христијански век дополнително е изградена џамијата Јени во средината на 16 век... За попрецизно утврдување на староста на пронајдениот материјал, разни видови тули, и секако скелети, најверојатно тоа беше предмет на посовремени научни и лабораториски истражувања.

Се истакна: 'сите реки во Котлината ги немаат здлабено своите корита повеќе од 1- 2 метри'. Ова објаснува дека длабината повеќе од 2 метри не била на река со своја делта, што се потврдува со наводите: 'на длабина од 3,0- 3,5 м беше пронајдена калдрма' и 'темели на Јени џамија во центарот на Битола, на слабина од над 3 метри'. Со ова се се потврдува дека токму делот каде што била црквата 'Свети Ѓорѓија' не била под вода. Веројатно тоа било некое острово или островце. Дополна е наводор за Дебојот".

Во прилог на пренесеното на мојата книга, се додава она што мене не ми беше познато: Битола била како Венеција, претставено на слика,од 19 век, ФБ-слика.

Мавро Орбини (1601 година) ја наведува „Бутелијанската палата", која била само дворец или палата во Битола на Гаврило Радомир, Самуилов син, убиен веќе 1015 година. Па таа била подигната на возвишение за да не биле во и под вода итн.

Името Бутели=Бители=Битола произлегувало од Водолија=Водолија=Битолија- Битола била под вода. Ова се гледа и на сликата од 1840 година. На сликата се гледаше езеро меѓу Саат-Кулата и наспроти него Џамијата. Со ова се потврдува, Битола била претставена само со островца на кои се преминувало со драги, според драга=стап, а со драги=стапови=греди се правеле мостови и пристаништа итн.

За да се потврди дека Битола била преполна со делти и драги, е името на реката Курдерес=к ур дерес- реката кога ќе надојдела таа сè на уриш дерела итн.

---

[123] Поимите не биле турцизми туку само македонизми, затоашто во Македонија имало малку Турци.
[124] Кога се поставаше канализација на главниот друм пред Дебојот цел пат беше со рекански камен.

АЛКОМЕНА БЕЗ НИКАКВА ВРСКА СО ТН.ТРОЈА- СѢ ПРОИЗВОЛНО

Љубен Стојаноски[125] предговорот го почнува: „Почетната идеја за да почнам со пишување на оваа книга...Потоа ја зедов сликата од Каменот од Алкомена, која сакав само да ја вметнам како доказ дека тука е Алкомена, градот што го изградил Филип Втори. Меѓутоа, кога го барав зборот Алкомена, се изненадив кога открив исклучително значаен доказ дека тоа е Троја. Тоа ме доведе до љубопитност да разберам сѢ што пишува на тој камен. Кога открив која е пораката што е запишана на тој камен, сфатив што сум открил. Поради тоа ја анализирав и 'Одисеја', со што самиот себеси се убедив дека сум на вистинскиот пат да докажам дека локацијата на Троја е во Македонија...".

„Овие докази се натписите на Каменот од Олевени и Каменот од Алкомена.[126]

На натписот на Каменот од Олевени се слави победата на Филип II над Дарданците, но исто така дознаваме дека кралот на Тројанците се повлекол од битката, поради што бил исплукан од својата армија.

На натписот на Каменот од Алкомена е опишано убиството на кралот Филип II, именувањето на Александар од Линкестис од страна на Александар Македонски.

Со овие натписи јасно и недосмислено е докажано дека Троја е во Македонија и дека државата на Тројанците Илианиа од времето на Филип II, па сѢ до денес е инкорпорирана во Македонија, со што тројанскиот идентитет е заменет со македонски". (Тоа е само негов личен став, Р.И.)

Следат оригиналните натписи од Каменот Розета од Олевени(битолско,Р.И.) и Каменот од Алкомена (прилепско, Р.И.), дешифрирано оде авторот" (негово,РИ)

„16. Кога е напишан натписот на Каменот од Алкомена ?

Бидејќи не е испишана годината кога е напишан текстот на Каменот од Алкомена, тврдам дека тој мора да е напишан по наредба на Лисандар Македонски, по убиството кралот на неговиот татко, кралот Филип II".[127]

Авторот во Каменот од Алкомена[128] пренесува: „Народно собрание за (О) и Хераклеја"; „Припадник на нацијата Дериопи".

„За доказ е во следниов цитат: ...[129]

Наш превод: 'одлучија да основат град во Деуропија (Deuriopus)- оваа е област во Пајонија, -во близина на реката Еригон (Erigonus- денес Црна Река), која тече од Илирикум преку Пелагонија и се празни во реката Аксиј, недалеку од античиот град Стоби: на новиот град тој (наша забел. Филип V) им наредил да му се даде името Персеј (наша забел. Персеида), за да се покаже чест на неговиот постар син'. (Liv. 39 53)".[130]

„За да се потврди...по трите најважни градови во Пелагонија, а тоа се Алкомена, во која се наоѓа зимскиот дворец на македонската династгија и воен админи-

---

[125] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 7.
[126] Ибид, стр. 181.
[127] Ибид, стр. 204.
[128] Ибид, стр. 188.
[129] Lyvi. Books XXXVIII-XXXIX with an English Translation. Cambridge. Cambridge, Mass., Harvard University Press; London, William Heinemann, Ltd, 1936: published without copyright notice.
[130] Па врската била со Филип V, а никако II Македонски, татко на Александар Македонски.

стративен центар Стибера, поради тоа што во неа бил дворецот на македонскиот последен крал Персеј и секако, Хераклеја, поради тоа што во тој град за време на мир се одржувало Собранието на Македонците, но и со сигурност во тој град бил дворецот на Димитриј, братот на Персеј, син на кралот Филип V“.[131]

Алкомена и Стибера како многу млади градови немале важност за „Илијада“

„Градот Стибера е делумно откриен од археолозите (види слика бр. 17) и постои натпис, кој укажува на тоа дека имало храм што бил посветен на Посејдон, Еригон и Нимфите и дека Стибера е град на Илијците, т.е. на тој камен постои натписот ΗΛΙΩΝCTIBEPPA“.[132]

Посејдон бил феникијски бог, прифатен од Атињаните. Тој бил претставен како Пастув, чија глава стои на врвот на феникијските бродови. Битолско до денес останал коњарски, што не важи за прилепско. Називот „ΗΛΙΩΝCTIBEPPA“ е со јонско писмо, како такво во Атина се употребало само од 403 година п.н.е. Тоа било културна предност на Милет како средишен град на малоазиските Јонци (во Атина, во која дотогаш се пишело светло- сино, го презеле темно- синото 403 г.п.н.е.).

Со тоа што овде е С, кое било дури коптско слово, написот бил многу по смртта не само на Филип Македонски туку и по смртта на Александар Македонски.

Словото С не постоело во јонското писмо и коине- написот бил многу млад.

Ј.Г.Хан[133] пиши: “Јас сум мислел, дека во моето престојување во Манастир (Битола, Р.И.) да се бавам со сите старински натписи тамошни; па од разговорот со Демист, професор на грчката школа (тој е филолог во Германија образован, и писател на дела, кој веќе го наведовме кај црквата Охридска) дознав дека не е така. По неговиот упат и инаку, собрав овој пат приличен број стари натписи. Преписите во околината ги правел проф. Демист. Најголемиот број натписи чинат украс на бавчата на грчкиот митрополит, и се разработени таму навистина со многу вкус. Се најдени пред неколку години кај селото Чепидово (тур. Чепик). Ова село е пет турски часови од Манастир и три и пол од Прилип, четврт час од колската крчаница меѓу обата вароши, на левиот брег на Черна и по прилика во уворниот агол на потокот Блато,[134]од кое отекува прилипската вода во Черна. Капетанот Манастриски во Прилип, ја опишал ова околина како ливади, а денес тука се напасуваат коњите на коњицата манастирска.[135] Стари остатоци таму нема повеќе, ама по кратки бразди со трева, што на некои места расте, можат да се познат и лесно ископат стари тесанци и темел на граѓевина на стара голема варош. (Чепигово, Р.И.)

Според натписот кој е најден во околина на овој варош и по големина камења, кои не можеле овде од негде од страна случајно да бидат донесени,- може лесно да се заклучи дека ова место (како што варошкиот декрет тука најден вели) била старата варош Дериопос.

Начинот на читање Дериопос е земен според тврдењето Демистово, ама јас мислам дека тука повеќе би вредело да се чита како Deuripos, име на оној предел, што според Страбон ги имал сите свои вароши на Еригон. За овој предел имаат денес уште два чинители. Страбон т.е. раскажува порано при образување на предели-

---

[131] Ибид, стр. 200.
[132] Ибид, стр. 36.
[133] Ј.Г.Хан, Кроз Поречину Дрина и Вардара, Државна штампарија, Београд, 1876, стр. 225.
[134] Блатото било само една бара: таа не била езеро 11...6...век п.н.е., ниту 6...11 век н.е.-ништожно.
[135] Ливади можело да има само ако блатото било малечко- без основа за било какво некакво езеро.

те македонски- Линкести и Deuriopos една покрај друга,а Ливиј вели околу 509. и.с. (183 пред христо) дека Филип V Македонски заповедал да се подигне новата варош Deuriopos. Ова место спаѓа во Паеонија и лежи на реката Еригон, која (освен Илирска што низ Паеонија протекува) во реката Аксиус упаѓа. Близу Стоби, стара варош, тој нареди да се подигне уште еден варош во чест на неговиот најстар син Персеј. Но како што сега Стоби паѓа на северната страна на устието Еригоново во Аксиос, тука морала да се протега областа Deuriopos до Аксијос; оти уште од вајкаде по обичај во овие земји се меѓат со природни меѓи.

Ако сега се срамни името на натписот со пределот, тоа произлегува уште дека варошот Deuriopos, за кого изворите ништо не говорат, и пределно ова име одело до левиот брег на горна Черна. Но било како му е драго, мене ме занимавало повеќе содржината на натписот, отколку истражувањата меѓу ова историско непознато племе. Во натписот е посмртен завештај на еден богат старец, Ветиј Филоп, според кој варошкиот совет на Дериоп остава една главница, од чиј приход секоја година тие ќе се провеселат по еден ден во годината нему во спомен. Подоцна дознав, дека овој легат никако не е оригинална мисла на Ветиј, но дека имало многу такви прилики.

Од потписот се гледа, дека во негово доба Дериопос бил варош, во кој се знаело и можело да се живи; но дека во римско доба паѓа, се гледа по римското име на месецот Ноември, кое напоредо се споменува со грчкиот Даезиос“.

Следи населбите во прилепско биле многу помлади од оние во битолско.

Љубен Стојаноски[136] пиши: „Gradot Timbra [Thymbre] е античкиот град STUBERA [STYMBARA] STY’MBARA (Στύμβαρα, Strabon VII, p. 3275 trab. Στυβερρα, Plb 28.9.8; Stubera,- Liv; 20, 22, 31, 39, 43“.

Овде се битни авторите, кога тие живееле- само по основање на Стибера.

Бидејќи главни патишта била Вардар- Морава и Виа Егнација за Солун, оној за Стибера бил споредeн и продолжувал за Стоби- тој излегувал на оној на Вардар, Стибера како нов град со најнови оставштини немал никаква важност за било што за некаква си Троја, што важела и за Алокомена-досега никој Троја не ја пронашол.

Љубен Стојаноски[137]пиши: „Тројанската Рамнина, која е опишана во ‘Илијада’, а денес би ја нарекле плажа, потполно е идентична со описот што го дал Страбон во својата Географија XII, 1,34.

‘Тројанската Рамнина се протега сè Кебренија (Cebrenija) и заедно со гребените на двете страни ја формираат буквата ε (епсилон).’

Овој цитат во целост одговара за Тројанската Рамнина во Македонија, т.е. денешна Пелагонија. Доказ: види слика бр. 14. т.е. северниот дел на Пелагонија.

Ова тврдење на Страбон не е произлезено од анализа на текстот во ‘Илијада’, туку најверојатно го има прифатено тврдење на Димитриј од Скепса (Demetrius of Scepsis), кој тврдел дека е роден во Троја. И навистина Тројанската Рамнина личи на буквата епсилон и се протега сè протега до Кебренија (Cebrenija), односно до клусурата Чебрен“.[138]

Авторот за Димитриј од Скепсис објаснува во фуснотата бр. 20: „Demetrius of Scepsis- Димитриј од Скепсис бил библиотекар или чувар на книгите од Аристо-

[136] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 35.
[137] Љубен Стојаноски, Илиаина и Илиос, докази дека Троја е во Македонија, Битола, 2014, стр. 31.
[138] Сликата за буквата ипсилон било замисла и дело на авторот. Па сликата била само негова- лична.

тел во Скепсис, Анадолија, Турција. И најверојатно тој бил роден во Македонија, со оглед на задачата која ја извршувал и поради тоа можел да ја опишува. Затоа тој е голем авторитет за Троја“.

Авторот кажа: „Димитриј од Скепса“...„кој тврдел дека е роден во Троја“. Па следи Скепсис бил од Троја, која се најдувала во Анадолија.Неа Александар Македонски ја знел, и ја посетил... а овде стои: „И најверојатно тој бил роден во Македонија“. Само така авторовата тн.Троја тој би можел да ја смести во Македонија.

Овде е битно што авторот во поднасловот, 6.7. Кебренија (Cebrenia), пише:

„Страбон пишува за Троада во својата Geografija, XII, 1,34 за Тројанската Рамнина: ‘и се протега сè до Кебренија...’

Кебренија (Cebren- Cebrenia) како топоним не е наведен во ‘Илијада’, ниту пак, во ‘Одисеја’, така што најверојатно е произлезен од описот што го дал Димитриј од Скепса (Demetrius Scepsis) дека Тројанската Рамнина се протега од устието на Скамандер, сè до Кембренија. Од друга страна, повикувајќи се на авторитетот на Димитриј од Скепса нè информира дека треба да има град со име Чебрен (Cebren), кој го изградиле Тројанците, а ова име на градот му го дале по тројанскиот јунак Кебрион“.[139]

Авторот, во сл. 14, го наведува Прилеп источно од неговото Езеро, а северно од Прилеп и Езерото е неговата Тројанска Рамнина. Неговото Езеро со Хераклов Бедем, наспроти неговата Троја низ истек (канал...), се влива во друго негово Езеро -на југ. Со тоа што тој наведе дека што е „произлезен од описот што го дал Димитриј од Скепса (Demetrius Scepsis) дека Тројанската Рамнина се протега од устието на Скамандер, сè до Кембренија“...„треба да има град со име Чебрен (Cebren)“, се потврдува,таа негова Троја само со неговата Тројанска Рамнина не можела да биде.

Сета негова книга тој ја дотерувал онака како што само нему му одговарало.

Без Прилепско Блато како Битолско- а и без Прилепско Поле како Битолско.

„10. Реконструкција на Тројанската војна[140]

Причина како и последиците на Тројанската војна се добро познати, но сметам дека е потребно да се направи реконструкција на војната, односно да се открие кои се правците во кои се одвиале. Во ‘Илијада’ се опишани последните 50 денови од 10- годишната војна...“.

Тројанската Рамнина во прилепско е премала. Како што не можело да се води 10- година војна во малоазиската Троја, истото важело и за прилепско. Сè до денес Битолското Поле останало житница и прв млекопроизводител на Р.Македонија.

ТОПОНИМИТЕ НЕ БИЛЕ ПРЕСУДНИ ЗА ЛОКАЦИЈАТА НА ТН.ТРОЈА

Љубен Стојаноски се зафатил со топонимите, но не и со неговата тн.Троја:

„Доколку и денес би владееле тогашните климатски услови, повторно Пелагонија...Имено, зборот pelagos на антички латински јазик значи море. Дека тоа било море доказ е и името на античкиот град Хераклеа Лаку- Хераклеја на езеро (подоцна Леурина, денешен Лерин, преименуван од Грција во Флорина). Како и Хераклеја Линкцетиа (Lyncetia-Lakeland- Езерска земја), но Грците ја нарекуваат Хераклеа Линкестис. Зборот Линкестис (Lyncestis) Грците го преведуваат како ‘земја на

[139] Ибид, стр. 73.
[140] Ибид, стр. 169.

рисот'. Но, и Хераклеа Лаку или Леурина и Хераклеја Линкцетиа се доказ дека тие градови се на езеро".[141] (За Цвииќ: „Пелагонското Езеро (делувијално езеро)", Р.И.)

„Страбон (I век п.н.е.) во својата книга Географија III, 146 пишува Бебрици или Глодари биле локално тројанско племе и традиционално се сметани за народ чиј тотем е глушец (миш)...".[142]

Во фуснотата бр. 29 се објаснува: „Всушност, Страбон зборува за РИСОТ кој го има и денес на планината Кожув и во северозападна Македонија.

Па едно објаснување: на народен јазик имало само Хераклеалинка=хераклеа линка: линка=лин ка, линее=тече вода- до Хераклеа линее вода, има мала рекичка...

„Интересна коинциденција на легендата за оваа иста река. Во реката имало голем број јагули и жените не влегувале во неа за да бидат оплодени и поради оваа своја карактеристика го добила името Еригон".[143]

Поимот Еригон=е ригон е само за ригање..., наригање, носење земја- црна...

Авторот во 6.9. Арисба[144] го наведува следното:

„Градот Арисба, според овој цитат, исто така, можеби се наоѓал во Тракија...

Наш превод: '(4) Бројни слични имиња се наоѓаат на двете страни на Хелеспонт (Страбон 590),на пример во Тракија река Арисбус, во Лесбос и Троја градови наречен Арисба, во Троја е Скејска порта, а во Тракија е Скејска тврдина и река.' **(Наша забел.) Во Македонија на утоката на Вардар (Aksij) во Егејско Море, исто така, се наоѓала Скејска порта (Scaean gate)**"[145]

Авторите, кои пишеле за тн.Троја, според секој,тн.Троја била само неговата.

Љубомир Кљакиќ[146] пиши: „Херодот во Историјата наведува дека старите Египќани, сè до владата на Псаметих, верувале како се најстар народ. Тогаш Псаметих утврдил дека најстар народ всушност се Фригијците или Фрижаните. Од тоа доба, во Египет го почитувале ова сознание, признавајќи дека Фрижаните или Фригијците се најстари.[147]Фригијците, како што наведува Милан Будимир, 'дошле во Анадол од централниот Балкан. По Будимир и други истражувачи, овие Фригијци припаѓаат на Пеластите, автохтони балкански странци. Пишејќи за населението на Илириј во предримско доба, Иван Лучиќ исто така говори за Пеласти, повикувајќи се на достапните извори. Лучиќ наведува дека во Илирик живееле Тирени, Келти, Хенети, Истри, Либурни, Илири, Нести, Манији, Енхели или Енхелиј, Орици, Далмати и други народи. Херодот, како што е познато, исто така пиши за Пеластите, обавестувајќи не и за Аргонаутите, Хиперборејците, Лидијците, Македонците, Неурите, Троја и Тројанците, Фригија и Фрижаните, Енетите или Венетите и други".

„Повикувајќи се на наодите на американскиот археолог Ч. Блеген кој докажал дека Троја VI пропаднала поради земјотрес, а дека Троја VII настрадала од старобалканските племиња во текот на нивното поседување на Анадол, Будимир напоменува дека тој наод значи 'уште еден поен за Алијанивата теза за Илијада на старобалканските Бруги'. Аргумент за ова Алијанова теза која ја потврдува современата археологија есте и 'чудната околност што ахајските борци под Хомеровата Троја

---

[141] Ибид, стр. 21.
[142] Ибид, стр. 38.
[143] Ибид, стр. 39.
[144] Ибид, стр. 75.
[145] W.W.Haw, J.Wells, A Commentary on Herodotus Book 7 Chapter 20.
[146] Ljubomir Kljakić,Oslobođanje istorije I-III,-prva knjiga-Početok puta,Arhiv Klakić, Beograd, 1993,c.66.
[147] Ристо Ивановски, „Бригите=Брсјаците биле постари од Египтјаните", Битола, 2007.

го гледаат родувањето на сонцето полни девет години на врв на морето- затоа зората е 'ружичаста' или 'ружопрсна'- а не поврв на гора. Како и во Хомеровото доба по своја прилика сонцето морало да се раѓа на Исток, а не на Запад, излегува дека е постар песник на некој дохомеров еп за ахајските освојувања на медитеранските градови со тврди ѕидови, за кои примитивните Ахајци немале никаква техника, имал во вид на старобалканско а не анадолско приморје.[148]

Во врска со ова индикација за старобалканското приморје како автеничен простор на Тројанската војна, секако би требало внимателно да се прочита и протолкува местото во Житието на деспотот Стефан Лазаревиќ, каде Константин Филозоф се позива на приповест за Троја и на самиот Хомер (Омир), воспоставувајќи паралела измеѓу Хомерската битка и Косовскиот бој. Тогаш доминирајќи литерарно- историографски толкувања, по кои мотивот за Тројанската војна е импортован во културата на средновековна Србија како туѓ мотив, ќе се покаже недоволен".

Вакви паралели постојат на повеќе места на Балканот- и на други простори.

Авторот не ги оспори и топонимите во Далмација за кои пиши Р.С.Прајс.

РОБЕРТО САЛИНАС ПРАЈС, „ХОМЕРОВА СЛЕПА ПУБЛИКА"

Роберто Салинас Прајс[149]пиши: „Илијада е сместена во Далмација, во околината на реката Неретва која се влива во Јадранско Море северно од Дубровник, а јужно од Сплит. Местото Илиј треба да се поистовети со градчето Габел кое се најдува на трокракото ридче во облик тринакриј (троножна направа свртена на сонце), дваесет и два километри од устието на реката.

Приказната Илијада не може да му се припише на некоја друга локација (бар не успешно) оти инаку би било потполно изгубена за читателите. Еднаставно, ниедно друго место не може да ја задоволи замршеноста на географските предуслови за локалитетот Илија мада, општо земено, тие предуслови во Мала Азија се прилично исти како оние во Далмација: море на запад, начичкано со острови; равница покрај морето; со облаци покриени планински врвови: и така натаму. Ама прилежно со компаративното проучување на географијата во Илијада, ќе се покаже дека тие услови озбилно недостасуваат и никако не одговораат на Хисарлик и неговата околина.

Габела има околу 750 жители; градот се простира на средина на југоисточната должина нејзините три крака и низ него води пат од рамницата кон западниот и северниот крак, а во спротивен правец, патот води кон брдата на крајот на југоисточниот крак. Западниот крак е највисок. На врвот се најдува овален камен плато со неолитско потекло, а на него се остатоци на посматрачницата, може да биде римско или турско потекло. Насред платоа е црквицата Св. Стефан, чие име како да е инспирирано со тоа што платото остава впечаток на круна околу врвот. Покрај платото, во сенка на четинарска гаја, се најдува локално гробиште.

На врвот на северниот крак одма испод возвишението западно, се најдуваат остатоци на масивната конструкција во облик слово L со неколку терасасти нивоа. Кружнот торањ од времето на турската власт е припоена конструкција на еден агол, а на каменот над вратата е врежен еден датум како да гласи + 11.1.

---

[148] Ибид, стр. 68.

[149] Roberto Salinas Prajs, Homerova slepa publika, издавачи "RAD" i "TANJUG, Beograd, 1985, стр. 19.

Југоисточниот крак се спушта на неколку метра над рамницата, и оди понатаму до изненадувачка појава трета и најниска од тие три возвишенија. Тоа возвишение е опкружена со камен ѕид и со кула во облик готово на праваголна тврдина, и во тој, помалку- повеќе, во рамниот ограден простор се најдуваат остатоци на рушевини на зграда зарастени во бршлен. И тие, можат да бидат, римски или со турско потекло. Како спротивност на сувите и голи северни и западни краци, југоисточниот е влажен и оивичен со дрва и богата вегетација долж периметрите на ѕидовите. Тоа е Илиј.

Остатоците на неговото претходно постоење уште се зачувани во сегашната положба на Габела, а неговите описи ги забележал Хомер (веројатно во состојба во каква ги видел некое време после тројанската војна) со доволни поединости да се идентификуваат со помош на текстот (што не може да се рече за Троја VIII2).

Името Габела потекнува од италијанскиот збор gabella, што значи 'порез' или 'царина' од времето на Дубровачката република (1358-1809) кога градот бил центар на трговија на сол и се викал Дриејев; веројатно префиксот дри ги одразува ридчестите три крака.

Неретва, некогашна италијанска Нарента, добила свое име од латинскиот збор Наро. Очигледно така се викала што се мислело дека водата на неговиот горен слив во планините, во задгрб, истекува од два извори; или затоа што од Наро блатото од двете страни на реката кај нејзиното устие (отука потекнува името на римскиот град Нарон, денешен Вид на нискиот рид на западната страна на блатото) црпат вода два мали речни слива. Нарино (деминутив) црпи вода од западните блата, а Крупа од источните. Зборот 'два' се поврзува за името Наро низ латинскиот збор нарес 'ноздрви' (како името Rhine- Rajna[150]- со грчкиот rhis 'нос', која исто така настанува од два извора) и така се добива подесно поистоветување на две нездрави блата со смрдлива носна слуз. Затоа во името Наро се најдува траг на тројанската река Симоент, што значи 'затубаст нос', која втекувала во Скамандер близу Илиј; така е названа што ја одводувала водата од двете езера раздвоени со тесен гребен. Разликата во мислењето во погледот на точната локација на хомерскиот Илиј, и локацијата на разните други места се докажани. Ипак, додека тие сами по себе се важни наговестувања дека вистинската околина на Илијада во Далмација, готово ништо не постои во класичната литература што укажува на експлицитно споменување на хомерските претходници во таа област. Често сè што звучи како наговестување на основ кој би се градел случај е сувишно тенко и побарува претходно познавање на основната хомерска географија да би се разбрало во тој контекст.

Ако се обратиме на класичната литература за древните податоци во оваа облст, во потрага за наговестувања, и да би сознале што било познато за нејзината историја, не може да биде премногу сигурност дека целокупниот канон на грчката литература еднодушно го потврдил историцитетот на популарниот малоазиски Илиј. А исто така ни дека историското значење на исправното ставање Илијада во далматинскиот контекст, измакнало вниманието на оштроумниот интелектуалец, и останал незабележен.

Затоа било која информација да ја трагаме во древните извори, таа, во извесен смисол, денес е непосредна и не допринесува ништо на јасноста; во најдобар случај, нејзината посредна природа ја зачинува расправата вон Илијада, и може са-

[150] Рајна е само од рај- Рајна извира од Раетска Планина: рает=рајет=рај ет(=ит). Мајна од Моен...

мо да сугерира дека интелегенцијата на минатите времиња бил добро познат чинител дека Илиј, како го претставува слојот на Троја VIII во Хисарлик,[151] е измислено место- незграпно измислување- кое не може да го издржи потенкото испитување на текстот кој се слави.

